## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Шеснаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 декември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа по Шеснаесетата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Даут Реџепи, Бесим Догани, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Горан Петров, Андреј Жерновски, Љупчо Георгиевски, Владо Бучковски, Никола Ќурчиев, Цветанка Иванова, Али Ахмети и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со општ претрес по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Молам кој бара збор.

Има збор пратеникот господин Лазар Китановски. Повелете.

**Лазар Китановски:** Во општата расправа би сакал да укажам на еден дел практично од новиот буџет кој е предложен и го молам министерот внимателно да му го пренесе на премиерот пред се за една ставка која јас ќе му ја посочам подоцна, а која се однесува на работата на службите во Република Македонија.

Јас сфаќам дека обично со секој буџет, посебно земји како што е нашата, повеќе обрнуваат внимание на социјалните аспекти, на развојните аспекти, на економијата, меѓутоа, со оглед на меѓународната ситуација, а посебно со оглед на тоа што Македонија се наоѓа во еден регион со сите проценки за сега е транзит, меѓутоа во случај на комприцираност и на компликации, или пак на усогласеност на моќните држави, може да биде едно поле на засилена активност на различни екстремин структури, што битно ќе влијае на стабилноста и на регионот и на Република Македонија. Меѓутоа, интересно е што по традиција во Република Македонија не се обрнува внимание дека безбедноста е битен елемент и на економскиот развој. Без стабилна држава, без стабилен регион, нема ни економски развој. Впрочем, тоа го забележуваат не само луѓето од областа на безбедноста, туку и луѓе од областа економијата.

**Иван Анастасовски:** Ве молам за внимание.

**Лазар Китановски:** Посебно сакам да укажам дека во голем број од државите во светот, токму последните буџети ги зголемуваат овие ставки, само кај нас се случува на пример, на некоја од службите да се намалуваат. Зошто се зголемуваат? Затоа што технологијата оди напред екстремните групи од разни профили, сега не би ги дефинирал ги има многу. Експертите знаат за што станува збор. Се служат со посовремени средства за комуникација, средства за извршување на своите дела, почнувајќи од пропагандниот дел до оперативниот дел.

Во Република Македонија мислам дека не секогаш, не сите се во секој момент свесни дека како раскрсница ние постојано сме на удар и службите постојано се изложени на тоа да преземаат мерки, меѓутоа, Македонија технолошки заостанува зад многу земји, дури технолошки заостанува зад некои групации.

Во Комисијата за контрола на УБК и на Агенцијата разговарано е за овој проблем. Едногласно е донесена одлука да се зголеми буџетот на Агенцијата и евентуално на УБК да се види. Меѓутоа, не е поднесен амандман јас не бев запознаен бидејќи не бев тој ден. Но сеедно, меѓутоа, за тоа треба консензус, пред се, од Владата. Дури и во Агенцијата за разузнавање кај капитални расходи е намалена сумата, за разлика од УБК каде што е зголемена. А тикму капиталните расходи се однесуваат на опрема која практично дневно се менува и која службите мораат да ја следат и да ја набавуваат. Не вреди никаков амандман ако не ја сфатиме суштината на овој проблем. Не треба да се гледа кој е претседател, кој е премиер. Дали е од една партија или е од друга партија. Се работи за интерес на Република Македонија. Токму таму каде што се капиталните расходи, каде што треба да се набави опрема, прво постоечка опрема, дај боже да имаме повеќе пари да се зголеми и со нова опрема, а токму тој раздел е смален. За УБК е зголемен, што јас го поздравувам, мислам дека тоа е во ред. Можеби треба да се зголеми уште повеќе, меѓутоа, кај Агенцијата е намален. Ги познавам горе долу како работат овие служби и нашата служба и знам со какви проблеми се соочуваат луѓето. Нема без современи средства борба против екстремизмот, против радикалните групи. Ве молам, тоа во рамките на буџетот не се големи пари, меѓутоа, за овие служби значат многу. Немојте после да бидеме изненадени сите ние. Без разлика кој на која партија припаѓа, и дали е претседател или премиер. Да бидеме изненадени од некои ситуации, а јас ви велам сите држави, ги зголемија буџетите токму во борбата против тероризмот и екстремизмот од разен профил. Мислам дека тоа и ние треба да го направиме, а во случајот овде не е така направено, дури е постапено спротивно на тоа.

Би го замолил министерот да поразговара со премиерот, еве јас се нудам ако треба како пратеник да помогнам. Впрочем тука е директорот на Агенцијата, тука е министерот за внатрешни работи. Ќе направиме голема грешка. Ние практично треба да направиме програма на постојано зголемување на капиталните расходи, бидејќи судирот на цивилизациите според една теорија нема да заврши така брзо и нема да заврши така лесно. Ние сме токму на една таква раскрсница. Ве молам, да ги оставиме партиските припадности и партиските суети, туку да

размислуваме што е важно за Република Македонија. Затоа јас предлагам, има време во текот на дебатата, не само што треба да се врати буџетот од минатата година и за Агенцијата за разузнавање да се размисли за зголемување на капиталните расходи. Истото се однесува и за УБК. Уште еднаш да се погледне, ако не е доволно нека се зголеми и таму. Без современа технологија борбата е тешка и спротивставувањето спрема структури кои навистина имаат изобилство на пари, изобилство на техника и опрема. Некои имаат рамно колку некои помали држави.

Значи, мојата замолница е, мислам дека амандман не е даден, мислевме дека ќе остане старата стафка од буџетот. Еве Владата нека размисли барем да го врати стариот износ или евентуално да го зголеми разделот кој јас ќе му го пренесам на министерот за финансии.

**Иван Анастасовски:** Од пријавените дали има некој за реплика.

Повелете три минути реплика за пратеникот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе,

Господине Китановски јас би се осврнал на она што вие го кажувавте особено во делот на некое полуимпутирање за некоја партиска диоптрија која што се направила во поглед на проектирањето на овој буџет. Целата оваа работа може многу лесно да се демантира, односно да се побие како теза, односно дека оваа Влада и оваа гарнитура не одела и не ги гледала буџетските ставки низ партиска призма со една паралела која што ќе ви кажам со многу бројки, а после тоа ќе ја ситетизирам во неколку реченици. Тоа е онаа ставка на буџетот во која што се вели буџет на претседателот на Република Македонија. Во 2002 година во време на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, буџетот на институцијата претседател на Република Македонија, кога претседател беше Борис Трајковски и кога тој имаше десетици, а јас би рекол и стотици меѓународни активности, буџетот на институцијата претседател беше 65.000.000 денари. Претпоставувам свесни сте за што станува збор и за кои рамки. Во 2003 година кога Бранко Црвенковски го правеше буџетот, тој на институцијата претседател, односно на Борис Трајковски, како кабинети, екипа и тим, му додели 55.000.000. денати. Во 2004 година му доделивте 52.000.000 денари, во време кога Борис Трајковски имаше многу, многу повеќе меѓународни посети од овој изолиран претседател што го имаме сега. Што направивте, 2005 година избравте претседател од друга политичка гарнитура со иницијалите БЦ и тогаш буџетот беше качен на 67 односно 68.000.000 денари. Значи, кога зборуваме за партиска призма на гледањето, токму тука ја гледаме и јас ќе ја синтентизирам дискусијата. Значи партиско гледање и партиско проектирање на буџетите имаше кога Владата на СДСМ го правеше буџетот за Борис Трајковски и му го намали на 52.000.000 денари, а на Бранко Црвенковски, кој што е меѓународно изолиран, кој што нема меѓународни посети, кој што нема меѓународни иницијативи, како што имаше Борис Трајковски, нему му го зголемивте буџетот на 68.000.000 денари. Оваа Влада не гледа нис партиската призма и на овој каков таков неактивен претседател му додели 67 односно 68.000.000 денари. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, процедурално господинот Есад Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Само една мала забелешка до мојот колега Ѓорчев. Кога зборува за било кој од претседателите дали е претседателот Црвенковски, или претседателот Трајковски покојниот, мислам заради дигнитетот и ваш и на Собранието и на функцијата која тие луѓе ја обавувале вака или така, заслужено или незаслужено. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ова и не беше некое процедурално. Одиме понатаму. Една минута контра реплика господинот Лазар Китановски.

**Лазар Китановски:** Господинот Ѓорчев изгледа не ме слушал внимателно. Јас зборував за Агенцијата за разузнавање. Таму е смален буџетот и тоа на делот кој се однесува за опрема. А не зборувам за кабинетот. Кабинетот е нешто сосема друго. Агенцијата е сосема друго. Таа е институција утврдена со Уставот.

Второ, колку што се сеќавам јас во 2002-2003 година буџетот беше намален во целина и заради тоа дојде до тоа намалување. Така да, останувам на тоа дека Владата ако може да го врати буџетот од претходната година , зборувам за Агенцијата за разузнавање.

**Иван Анастасовски:** Следен за реплика е господинот пратеник Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Накратко сакам да реплицирам на пратеникот Китановски околу буџетот на Агенцијата за разузнавање. Ваква расправа беше отворена и тогаш кога имавме расправа по ребалансот на буџетот. Исто така имаше расправа по Предлог на буџетот во надлежните комисии. Тогаш имаше оценка дека буџетот на кабинетот на претседателот континуирано расте, а за разлика од буџетот на Агенцијата за разузнавање се намалува неколкуте последни години.

Ако сакавме да имаме даречеме, поиздржан буџет што во основа јас тоа го поставив како прашање низ комисиската расправа, бидејќи Агенцијата за разузнавање извршува исклучително важни работи за безбедноста и одбраната на државата, мислам дека сега на оваа расправа без амандман многу тешко тоа можеме да го направиме. Имаше ветување дека еден од пратениците ќе подготви таков амандман.

Јас сакам да укажам за друга работа. Мислам дека претседателот на државата, бидејќи тој го поставува директорот на Агенцијата, а и со

самиот директор на Агенцијата ова прашање можеле да го отворат, да разговараат, кои се надлежностите, какви се капацитетите на Агенцијата и се што е неопходно за да се подобри да речеме, и работата  и технички да се опреми. Тоа прашање претседателот би можел да го отвори  во консултации со претседателот на Владата, министерот за финансии, на Советот за безбедност да го отвори тоа прашање. Мислам дека не треба да се префрла одговорноста на Владата, ако оној што е директно надлежен во овој дел, тоа прашање досега не го отворил на ниедно ниво. Така да и пратеникот Китановски можел ова прашање многу порано да го отвори, да предложи амандман, за кој што можеби и Владата ќе имала слух да направи одредени корекции, што јас исто така сметам дека буџетот е многу мал и не одговара на предизвиците со кои се соочуваме како држава  за она се што следи на Балканот.

**Иван Анастасовски:**  Ви благодарам,

Последен за реплика е пратеникот господин Агим Рамадани, повелете три минути.

**Агим Рамадани:**  Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Го слушавме господинот Китановски и јас можам да го сфатам како еден краток час по дефентологија, каде јасно се гледа дека многу е вознемирен од некои по нему вознемирувачки состојби со спомнување на одредени групи, страни, стратешки измени итн. Меѓутоа, јас го сфаќам поради тоа што пратеникот е од политичка провиненција која во претходните години на мунизмот водела битка против екстремизмот и т.н. иредентизам и национализам. Затоа, можеби по таа носталгија некој збор сега да каже во иднина. Меѓутоа, на господинот треба да му биде јасно дека и Владата и парламентарното мнозинство и целиот овој Парламент е сега под директен мониторинг на НАТО и Европската Унија и САД. Што значи, во делот на одбраната во секој сегмент, било да е воен, било да е разузнавачки, било да е контраразузнавачки, било да е од Службата за државна безбедност се кореспондираат заедно во системот на одбрамбена стратегија на Република Македонија, а која е под директна контрола на НАТО  со која ние сега кореспондираме, имаме партнерство и се стремиме да бидеме еден респектиран член на таа голема организација, која е дебело вклучена на Балканот во сите стратешки определби на системите. А што се однесува до цивилизациските конфронтирања нека биде сигурен дека крстоносните војни завршиле многу одамна со векови порано, така да, јас не верувам на нашето поднебје треба на таков начин да се размислува ретроградно по однос на тоа знаејќи дека ние одиме кон напред и нам во крајна линија ќе ни треба многу мала војска, платена, професионална, добро обучена со сите нејзини сегменти и во сите категории на цивилното општество и цивилната одбрана. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Китановски Лазар. Повелете.

**Лазар Китановски:** Почитуваниот пратеник очигледно, не знае ниту како функционира НАТО, ниту како функционираат нашите служби и вакви лицитации мислам дека не одат кон соработка во Парламентот. За жал, дискусија на дискусија мислам дека не е добра во Парламентот, депласирана е, јас дискутирам за една работа, а тој дискутира сосема друга работа, нешто сосема друго и не го разбрав што сакаше да каже. Друг пат нека се подготви. Не му го оспорувам правото да дискутира и за НАТО и НАТО структурите, само нека биде подготвен или ако има во неговата партија стручни лица нека го подготват за оваа тема за да може да разговараме сериозно.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам да поентирам во општата расправа некои точки од експозето и буџетот и секако да го искажам и ставот на пратеничката група на СДСМ.

Министерот, господинот Трајко Славески во своето експозе, типично за претставник на Владата, прво се испофали дека ова е прв пат од независноста на Република Македонија, во изборна година буџетот на време да се подготви, што не мислам дека е толку за акцентирање, а и не мислам дека е пред датумот испратен во Собранието во однос на минатата година. Очигледно, овде повеќе сакаме да зборуваме за форми отколку за суштина, за што типичен пример се претходните реплики.  Кога господинот Китановски како експерт во една област укажува на сериозноста од намалување на средства во една безбедносна структура, репликите беа се само не за загрозувањето на безбедноста и не беа за безбедноста, туку беа за сосема други работи. За жал, во тоа светло и во тој дух работиме во овие три месеци.

Потоа, она што сакам да го кажам како координатор на пратеничката група и како пратеник е дека ова е прв буџет кој се гледа без да заседава Комисијата за финансирање и буџет. Мислам дека тоа е сериозен проблем и хендикеп и да апелирам до потпретседателот Анастасовски да пренесе на претседателот Георгиевски да се направат напори да се закаже седница на Комисијата за финансирање и буџет. Знчи сосема легитимно и согласно Деловникот можеме да побараме да заседава Комисијата и да настане пауза. Еве, нема тоа да го направиме, туку да ве замолам вас да го пренесете ова до претседателот Љубиша Георгиевски да направи напор, ако треба и тој да ја закаже седницата за да заседава Комисијата за финансирање и буџет, меѓутоа, ова ќе биде прв пат буџетот да го донесуваме во една таква ситуација, кога најсручните и најкомпетентни луѓе ќе ги разменат клучните аргументи, бројки, проекции, од една страна Владата и нејзиниот претставник господинот Трајко Славески, а од друга страна

парламентарците. Хендикепот да не се толкува или како се толкува Деловникот мислам дека може да се надмине со закажување на таа Комисија од страна на претседателот на Собранието. Затоа, не е толку розова ситуацијата за да можеме веднаш да се пофалиме, бидејќи основните процентуални услови или претпоставки кои се согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија не се исполнети.

Пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи овој буџет предложен од страна на Владата и тоа го базираме на неколку точки, а тоа се: структурата на трошоци е во лоша насока, нема одговор на крупните или клучните проблеми во македонската економија; според нас, расходите се базираат на нереално пресметани приходи на одделни даноци и има проекција на економски раст, што и министерот ја кажа, од 6-7%, просечна стапка на раст на бруто домашниот производ во овој период е околу 6-7%, што мислиме дека е на стаклени нозе од долната страна или на плафон од горната страна, што може да се случи да дојде до една финансиска експлозија во мај, јуни, каде што високите стандарди и големиот број проекти што ги наметнува Владата да и се вратат како бумеранг и да не може да ги исполни огромниот број на проекти што самата си ги задава, што од една страна е за поздравување, но се плашиме дека таа проекција се базира на стаклени нозе.

Зошто велам дека структурата на трошоците е во лоша насока? Затоа што повеќе средства во буџетот за 2007 година се трошат за плати и субвенции, а помалку за разни инвестиции. Или ако сакаме да бидеме попрецизни, во 2007 година за разлика од 2006 година има плус две милијарди денари за плати и наемнини и надоместоци за вработените, стоките и услугите како ставка се зголемени за 60%, при што најголем дел влегуваат патните и дневните расходи и она што е следна точка на дневен ред, а тоа е законот за извршување на буџетот во кој се вклучува за прв пат еден скриен трошок, што ќе го дебатираме кога ќе дојде таа точка на дневен ред, но кога збруваме за плати, наемнини и надоместоци и патни и дневни расходи, не можеме да го избегнеме, а тоа е дека Владата предвидува со член 12 од Законот за извршување на буџетот на избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници од централната власт, кои пред нивниот избор или именување имале живеалишта во странство, од денот на именување и заклучно со денот на нивното разрешување им следува надоместок на трошоци за одржување на нивниот имот во странство, при што паѓа во вода изјават на премиерот дека и господинот Ташковиќ и господинот Самак и заменикот министер за земјоделие и идниот министер за информатичко општество работат за иста плата и надоместок како господинот Славески. Мислам дека со ова се прави преседан една група на луѓе кои сакаат да помогнат на Македонија, што го цениме, се повеќе платени од Македонците во Владата на Република Македонија. Мислам дека вака задскриениот обид со Законот за извршување на буџетот, каде што вели дека Владата на Република Македонија со одлука ќе ја определи висината на надоместокот за одржување на имотот, мора да биде транспарентна, мора да се знае и мора да биде дел и овде пренесен и јасно кажано да биде колку средства Владата предвидува или уште колку министри без ресор можеме да очекуваме од странство кои ќе треба да ги плаќаат сите граѓани на Република Македонија. Друг е проблемот зошто тие луѓе се членови на едно исто македонско американско здружение, кое било домаќин на господинот Груевски неколку години во периодот од 2002 до 2006 година. Тоа го ставам на страна, сите тие се членови на еден ист управен одбор и тоа го знаете. Тоа фрла друга политичка сенка или политичка дамка на целиот тој процес, но средствата кои ќе бидат платени на сите тие министри и заменици министри кои доаѓаат од странство и кои наводно работат за исти плати, што гледаме дека не е точно, треба да биде објаснето на граѓаните на Република Македонија. Не верувам дека зголемувањето на плати од две милијарди денари се должи само на нив четворица, гледам дека и во Собранието има еден амандман од еден од потпретседателите, еден поранешен претседтел, каде што се бараат средства за нови 12 советници во работните тела, три лица што биле вработени а не сме знаеле во Кабинетот на претседателот и мислам дека треба и да знаеме на тие позиции за кои лица се работи и дали тоа оди во прилог на заложбите за реформа во јавната администрација.

Второ, она што сметаме дека е проблем, тоа е дека расходите се базираат на нереално пресметани приходи на одделни даноци. Имаме сомнеж во растот од 6 до 7%, бидејќи како што се кажува и во експозето, високо учество во таа структура во порастот на БДП ќе биде индустриското производство и тука се поврзувам со втората точка, а тоа е дека нема одговор на клучните проблеми во македонската економија. Можеби ова е еден предлог на буџет што е дојден во поранешните датуми во Собранието, но исто така е точно дека ова е најкратко експозе што до сега сме го имале.

Затоа, изразуваме загриженост дека нема одговор на клучните проблеми во македонската економија, односно изградбата на инфраструктурата, патиштата, грасификацијата, иако е најавен тендер, нешто што за жал не ги убедивме граѓаните дека во јуни месец, кога ја најавувавме ТТ гасната централа дека тоа е неопходно, но се покажа дека тоа е реалност од која нема бегање. Ниту еден збор не е кажан за Железницата и ништо не е кажано, она што е најбитно, а тоа е енергетскиот сектор.

Да ве потсетам, господинот Славески поголемиот дел од ребалансот на буџетот го посвети на енергетската криза, на решавањето на тој проблем и уште еднаш да кажам дека тој има и објективни и субјективни причини. Една е

реалната криза на пазарот на електрична енергија во регионот и недостатокот во таа смисла, но од друга страна имаме неколку активности практично со аматерски потези на претставниците на државата номинирани во МЕПСО и ЕЛЕМ, кои придонесуваат за таа енергетска криза. Еве, во овој момент уште да го третираме како гаф, а можеби е реалност, но господинот Славески за време на дебатата за ребалансот на буџетот потврди дека амандманот на Владата за купување на мазут во вредност од 20 милиони евра ќе се врши со непосредна спогодба, што знаеме дека ниту по Законот за јавни набавки тоа е можно бидејќи не се наоѓаме во некоја вонредна ситуација, ниту пак дека од стоковните резерви можеме да дадеме на МЕПСО и ЕЛЕМ па тие истата да ја продаваат. Бидејќи се изгоре од млекото, дали сега и на јогурт дува, па воопшто не зборуваше за енергетскиот сектор? Невозможно е кога секој ден сите експерти во Република Македонија зборуваат за енергетска криза, за можна рестрикција тоа да не биде тема во експозето на министерот, бидејќи ќе се согласите сите, буџетот не се само бројки, она што го кажа во своето излагање и господинот Славески, тоа е политиката на Владата во следната година. Тука тоа го поврзувам со нашата скепса или нашиот сомнеж за пораст од 6 до 7%, каде што главно учество ќе има индустриското производство, во услови кога еден огромен капацитет како што е СИЛМАК заради ригидната политика на Владата е во процес на стенд бај или статус кво. Кога беше и ребалансот кажав, СИЛМАК е индустриски капацитет со политичка цена, со енергетска цена. Илјада вработени луѓе има во тој комбинат, илјада семејства, од кои 783 лица се Македонци, така што работењето во тој комбинат значи опстојување на тие територии во Јегуновце, Вратница, Брвеница или во Тетово и тетовско. Ригидната политика на Владата кон овој проблем да се третира само од економски аспект и од профит мислам дека е контра протуктивно, пред се за граѓаните што живеат таму, за многу мали компании и претпријатија кои  со разни услуги и сервиси го снабдуваат СИЛМАК, но неработењето на СИЛМАК не може да гарантира дека ќе останеме на таков ист пораст на БДП и дека индустриското производство ќе учествува со ист процент како што учествувало во 2005 и 2006 година.

Вториот дел од енергетскиот сектор, што мислам дека требаше да биде споменат, тоа е ТЕЦ Неготино.  За жал, Владата раскина еден меѓународен тендер, се откажа од инвестиција од 750-800 милиони евра, не само што покажа лош сигнал кон инвеститорите, а целата проекција и политика на Владата се базира на странските инвестиции, не само што покажа лош сигнал кон една реномирана компанија како што е ЕВН, туку најави дека за 20 дена ќе распише нов тендер. За жал, тој тендер го нема, но ако го прочитате обрзложението во буџетот што ни е даден во делот на Министерството за економија како завршена работа стои дека е распишан тендер за Термоелектранаата Неготино. Мислам дека се испушти една голема шанса за ревитализација на еден објект што може многу да помогне во решавањто на енергетската криза во регионот, во нашата држава посебно и се разбира, не мислам дека е за потценување, инвестиција од 800 милиони евра. Затоа, ние често знаеме да ги оквалификуваме пратениците од СДСМ, како сега и колегата од ДПА и некои колеги, за жал помлади и тоа повеќе од ВМРО-ДПМНЕ, кои не обвинуваат за ретроградни идеолошки хендикепи што ги носиме, но реалноста во Република Македонија е дека една десно ориентирана партија го запре процесот на приватизација, дека СДСМ без разлика што е лево ориентирана партија го започна целиот процес на приватизација. Во овој момент, запрено е приватизацијата на делот на енергетскиот сектор, неизвесна е судбината на неколкуте тела што со закон се издвоија од Македонски железници и неизвесна е судбината на акциите во ТЕЛЕКОМ.

Исто така, очекував министерот во експозето да каже што се случува со акциите во сопственост на државата во однос на ТЕЛЕКОМ, дали таа позајмица со ребалансот од 40 милиони навистина ќе биде 40 милиони, а тоа го зборував и кога беше ребалансот. Гледам дека Бордот на Македонски телекомуникации сеуште нема одлучено колкава ќе биде таа дивиденда, дали е можно кога се продадени 10, 34% од акциите да имаме иста дивиденда и во наредната година  и како е можно тоа.

Значи, останаа многу неодговорени прашања односно експозето на министерот има недостаток од такви информации. Затоа ја изразувам и загриженоста за запрениот процес на приватизација. Неизвесна е судбината на градежното земјиште, дали Ќе отиде кон локалната самоуправа, како ќе се контролира, како Катастарот ќе учествува во сето ова. Во експозето недостигаат поконкретни акцентирања на клучните проблеми во Република Македонија. Не постоела амандманска расоправа или расправа за Буџетот каде немало амандмани за одредени патни делници во Република Македонија. Мислам дека ќе беше добро господинот Славески во своето експозе да поентираше или да ги наведеше кои се, според Владата, приоритетни проекти во инфраструктурата.

Понатаму во таа една неизвесност на трошења што мислам дека го карактеризира овој Буџет во 2007 година, има неколку дела. Прво, колку ќе чини или од кои средства ќе се прави промовирањето и промоцијата на нашата држава. За среќа, овој пат имаме тендер во кој, веројатно во најдобра процедура ќе се избере најдобриот од Реубликата. За жал, сеуште стојат насловните страници од еден дневен весник каде само за 10 дена Владата во печатените дневни весници потрошила 52 илјади евра, само за 10 дена, ниту знаеме за која ставка, ниту знаеме кога е распишан тендерот, ниту пак, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен

карактер, имаме добиено одговор и ние и некои печатени медиуми и граѓани кои се обратиле за да дознаеме во која процедура и од која ставка се исплатени овие средства.

Ние кога ја оценивме работата на 100-те дена од работата на Владата рековме 173 илјади евра Владата има дадено само за разни огласи и тоа за едно вработување, надвор од Законот за државни службеници, каде што конкурсот го прави премиерот, тече во дневните весници 21 ден. Не постои конкурс за работно место што тече 21 ден, со различна содржина секој ден, дали пишува да се вработи кај премиерот, па другиот ден да се вработи кај премиерот Никола, па третиот ден да се вработи кај премиерот Никола Груевски, па фали ова, фали она. Така што тие трошења на буџетските средства за медиумска промоција на непостигнатото, мислам дека ќе треба да бидат потранспарентни и појасно објаснети овде од страна на министерот, но и ќе бидат под мониторинг на опозицијата, ние очекуваме, бидејќи поминаа 7-те дена и не добивме одговор, се надевам дека ќе бидете подготвени за седницата на пратенички прашања, еве да ви најавиме дека истите рпашања Ќе ви ги поставиме и тогаш на 28 декември.

Вие господине Славески цитиравте една личност, Адам Смит кој за добрата клима во државата посочува три работи и тоа мир, даноци и функционирање на правната држава.

Четири години кога зборувавме дека без мир не може да има економски инвестиции, ВМРО-ДПМНЕ ни се смееше. Но, сепак, без разлика што ги изгубиме изборите, ние сме горди што за разлика од 2001 и 2002 година кога ја наследивме Македонија, ја оставивме на ВМРО-ДПМНЕ со многу поцврста и појака политичка стабилност, ја оставивме не да се отвараат нови проблеми, туку ја оставивме да се продолжи напред, интересите на граѓаните на Република Македонија, за подобар, ефикасен и побогат економски живот, да се остварат.

Како трета точка, господинот Смит пишува, функционирање на правната држава. За какво функционирање на правната држава зборуваме, кога во првите 100 дена, на првиот ребаланс на Буџетот, за 20 милијони евра купуваме мазут со непосредна спогодба, надвор од законите на Република Македонија. Не можеме да ги убедиме ниту странските инвеститори да дојдат кога ќе го раскинеме тендерот со непозната причина, инвестиции од 800 милијони евра, ќе кажеме дека за 20 дена ќе распишеме нов, но него сеуште го нема.

Кога зборуваме за инвестирањето, во делот на Министерството за економија, во програмата Д-4, претпоставуваме дека се работи за Агенцијата за инвестиции, Инвест-Македонија. Природно ќе беше прво да ја формираме, значи да ги поставиме темелите, или да ја репрендираме постоечката Агенција за инвестиции. Значи да објасниме дали се работи за истата, дали ќе биде тоа друга, дали ќе биде тоа дел од проектот на господинот Мајк Зафировски, што јас лично го поздравувам, за Нова Македонија до 2025 година. Значи фали тој дел во елаборацијата, бидејки многу скромно во Министерството за економија реков во ставката Д-4 е предвидено да постои нешто што вие го велите Инвест-Македонија.

За жал, заложбите за развој на информатичкото општество, како и повеќето работи на Владата, ќе кажам дека се декларативни повеќе, а не се суштински. Тоа ќе го објаснам со следните примери.

Прв пат минатата година во Буџетот има посебен дел, посебна програма за информатичка поддршка и за таканаречените е-владини проекти. Како дел од таа програма, вие гледате дека во салата во која ја одржувате седницата има една инфраструктура, во салата каде што има работни тела, во салата каде што имаат состаноци државните секретари, има една инфраструктура што се заврши со харвертски и од софверски аспект на кој што и функционирате сега, што тоа е добро. За жал, масата на пари предвидена и за оваа година, поштуро објаснета во образложениeто на Буџетот е иста. Очекував дека Владата ќе вложи повеќе средства во надградување на тој еден систем што не само што доби први награди на неколку меѓународни институции, туку Европската комисија во својот Извештај посебно го има нагласено.

Зошто викам заложбите се декларативни? Затоа што Собранието, за жал најмногу има изгубено во ставката за информатичка опрема. Се надевам дека овој амандман што е потпишан од 30-тина пратеници од сите пратенички групи , ќе помине и ќе можеме да придонесеме реално, со реални средства, со конкретни активности, во информатичката поддршка и на Собранието. Покрај тоа, инфорамтичката опрема, или информатичката програма, во Генералниот секретарјат, пред се треба да помогнат во процесот на реформата на јавната админситрација. Сметам дека тој процес е подзапрен. Сметам дека тој е еден од клучните мерила по кои Европската комисија ќе го оценув акапацитетот на институциите и мислам дека Владата треба да се врати на тој приоритет каде што во реформата за јавната администрација успеавме да ја уфрлиме како посебна група и делот за информатичка поддршка или реинжинеринг, реорганизација каде што претставници од сите министерства, бидете уверени, од сите политички приврзаници, учествуваа во изработка на еден документ кој треба да помогне во тој процес. Апелирам да не се затурат тие документи, туку да се почне со нивна имплементација, бидејќи многу ќе помогнат во процесот на реформата на јавната администрација.

Во делот на образованието, во таа неизвесност што постои пред нас, на 26 е иницијативата за уставните измени поврзани со задолжителното средно и приватното основно образование.

Она што СДСМ јасно го кажува е дека процесот на едукација и на образование е нешто што навистина ни треба. Но она што и СДСМ го прашува е како, кога и колку чини тој проект, кога се планира да се стартува, колку пари ќе чини, бидејки, да ве потсетам, во средствата во Буџетот основното образование влегува некаде со 60%, а средното образование со 22%.

Дали, до колку тие уставни измени поминат, имаме предвидено средства во 2007 година, дали планираме тоа да го направиме во 2008 или 2009 година. Затоа прашањето, каде,како колку и кога ќе започне тој процес, треба да се одговори.

Кога сум кај делот на образованието, би сакал да изразам загриженост или да прашам, во делот на Секторот за Европски прашања фали програмата за стипендии за посдипломски студии. Иако во образложението е пишувано како ставка. За разлика од Буџетот за 2006 година, во Буџетот за 2007 година ја нема. Мислам дека е добро, на оној начин како што и дос ега се одвиваше, некои наши најдобри млади кадри да поминат двегодишни постидпломски студии, додатно усовршување во институциите каде навистина ќе се учат европските вредности и потоа да имаат обврска да се вратат и да работат во Секторот за Европски прашања, или во други министерства. Мислам дека таа ставка фали и не е добро ако зборуваме за заложби за поголемо образование.

Сакам да искоментирам уште нешто по повод експозето, мислам дека постручни луѓе ќе се осврнат на тоа.

Кога зборувате за рамниот данок, големата разлика меѓу нето и бруто платата ќе се надомести со рамниот данок. Мислам дека најголема ставка во одвојувањето на работодавачите оди кон ПИОМ. Тоа е мое мислење. Нема да се намали големата разлика меѓу нето и бруто платата со оваа мерка што ја предвидува Валдата. Мислам дека мерката што СДСМ ја предвидуваше, а тоа е за здравствена заштита до одредена мерка, за сите граѓани на Република Македонија. ќе беше подобро решение, помали ќе беа придонесите за здравственото осигурување и на тој начин ќе беше помала разликата помеѓу бруто и нето платата.

Да повторам уште еднаш, СДСМ заради неизвесните проекции, заради лошата насока во која структурата на трошоците оди, заради немањето на клучни аргументи за деловите во економијата, пред се за енергетскиот сектор и инфраструктурата и за, според нас преоптимистичките и нереални пресметани приходи на одделни даноци, не сака да дава лажна надеж на граѓаните на Република Македонија и за овој Буџет ќе гласа против. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Само едно појаснување.

Јас ќе ја пренесам пораката до претседателот на Собранието, меѓутоа, знаете и вие. Почитуван колега, години наназад тоа беше повеќе политички проблем отколку проблем од аспект на Деловникот за работата на Собранието. Бидете сигурни ќе биде пренесена пораката.

Ве молам, кој од пријавените е за реплика?

Одием по редослед.

Три минути реплика за господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Сигурно и на координаторот на пратеничката група на СДСМ, господинот Јани Макрадули, му е јасно, меѓутоа ова ќе го кажам заради јавноста дека претседателот на Комисијата за финансирање и буџет неколку пати има свикано седница, посебно за Предлог буџетот. Имам сознание дека двапати свика седница. Еднаш немало кворум, а вториот пат пратениците македонци ја напуштиле седницата затоа што и вам ви е познато дека претседателите на комисиите од ДУИ, седниците ги водат на албански јазик, затоа што една таква работа ја овозможува Уставот, ја овозможува и актуелниот Деловник за работа на Собранието.

Господинот Јани Макрадули ќе имаше право да говори и да му каже на претседателот на Собранието или на претседавачот, да свика седница на Комисијата за финансирање и буџет, кога се работи за еден толку значаен документ како што е Предлог буџетот, до колку од претседателот на оваа Комисија не беше веќе свикана таква седница. Меѓутоа, работите тука се многу јасни, опструкциите не доаѓаат од претседателот на Комусијата, туку доаѓаат токму од вас. Поради тоа, немате право, ниту Јани, ниту другите да кажувате дека претседателот на Собранието требало да свика седница на Комисијата за финансирање и буџет. Така што јас уште еднаш ќе ве повикам и мнозинството, меѓутоа и опозицијата да не правите опструкции на Собранието, туку вие треба да бидете тие кои треба да го почитуваат Деловникот, да го почитуваат Уставот. Тогаш сигурно дека и комисиите со кои претседаваат пратеници од ДУИ, ќе се одржат така како што се одржуваат и сите други комисии.

**Иван Анастасовски**: Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Факт е дека Комисијата за Финансирање и буџет, за жал,не заседаваше. Лошо е тоа што парламентарното мнозинство мислело дека не треба да доаѓа на седницата, што дава дополнителна критика кон парламентарното мнозинство. Но, мислам дека не е природно Буџетот да се разгледува без одржување седница на Комсиијата за финансирање и буџет. Значи сите да си ја понесеме вината зоштоне се одржала. Факт е дека во овој момент Деловникот е прекршен, бидејки ваква важна материја не може да се разгледува, без разгледување во Комисијата за финансирање и буџет.

**Иван Анастасовски**: Благодарам.

Три минути реплика за господинот Љубисав Иванов.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам потпретседателе.

Јас знам дека господинот Макрадули е дипломиран електроинжињер, мислам дека е и доцент. Да се заврши Електротехнички факултет, мора некој да располага со разум, со знаења, со капацитет и т.н. Меѓутоа, ме изненадува, да обвинува една Влада која е на власт само неколку месеци, за една политика која толку време е неуспешна во Македонија, со долга и неуспешна традиција и со крупни последици во сверата на економијата, па ако сакате и на енергетиката.

Не може оваа Влада да биде виновна затоа што немаше енергетска стратегија, затоа што ние 15 години не градевме нови изворни капацитети, освен Козјак. Во однос на она што треба тоа е играчка. Земјите кои имаат големи вишоци на енергија можат да следат големи потрошувачи на енергија, особено во периодите и времињата кога има такви големи вишоци и која не може да ги зафати друга индустрија.

Кој го направи договорот со Силмак, кој го направи договорот со Фени? Со какво право се дадени такви огромни попусти? Не попусти, туку подарување на енергијата. Имајки предвид дека нема доволно енергија за останата индустрија, дека таа разлика во цената мора некој да ја плати. А кој ќе ја плати? Другите потрошувачи. Зошто? Во кое име? Па ние имаме, останаа преку 300 илјади невработени во Македонија, затворајќи фабрики, затоа што нерентабилно работеа, а меѓу другото за тоа што плаќаат и надокнадуваат вакви промашени погрешни потези на владите во периодите кои изминаа.

Според тоа, не може да биде виновна Владата што имаме ние штетни договори како во Силмак, така и во Фени. За илустрација бидејќи е крај, во Фени се зголеми цената на фероникелот за 11 пати, а цената е поволна. Силмак, не само да има така да се каже бадијала струја туку и таа не ја плаќа. Според тоа договорот оваа Влада не го правела. Оваа Влада сака да воведе пазарна економија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван колега.

Една минута контра реплика пратеникот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Тоа е добро кога Социјалистичката партија се залага за пазарна економија.

Тоа што Договорот со Симак е потпишан во 2002 година пред да дојдеме ние на власт, да го тргнеме на страна. Јас кажав, опстојувањето на македонците во Западна Македонија е поврзано со вработувањето и работинте места.

Затоа велам, свесни сме сите за хендикепот дека се плаќа, некои други треба да ја платат таа енергетска цена или повластена цена, што не е во случај само во Република Македонија. Одете во Грција имате ист таков случај.

Но, опстојувањето има политичка цена и работата на тој комбинат. А за каква стратегија зборуваме, само ќе ви кажам два примери: раководството на РЕК Битола, што за жал е сменето, го намали трошокот за работењето за 30%, а финансиските обврски ги намали за 67%. Така работеа луѓето кадарни и стручни. Како работат овие, ќе видиме набрзо.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван колега.

Објавувам пауза од 30 минути.

(По паузата седницат продолжи во 12,44 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Сулејмани Фадил.

Повелете имате збор.

**Сулејмани Фадил:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, господине министре,

Јас го застапувам интересот на еден дел од ова гласачко тело во планинските предели во Тетово. Овој планински предел опфаќа 19 планински села со приближно 15 илјади жители. Далеку е од центарот на градот Тетово, зависно од селото од 5 до 15 км одалеченост од центарот на Тетово. И до ден денеска не се обезбедени инвестирања во овој предел не е изградено ништо, нема инвестиции да се вложат во создавање на услувите за подобар живот. Овие подрачја се оставени на милост на судбината. Животот е доста отежнат од сите аспекти на живеењето, како од аспект на здравствената заштита, така од аспект на образованието, мислам на образование на жителите на овие предели, исто така мислам и на економскиот аспект.

Би рекол дека тука во целост недостасува инфраструктурата. Во прв ред нема добра инфраструктурна комуникација, како артерија што ќе го поврзе овој предел со градот Тетово и нема сообраќајници внатре во овие планински предели што ќе поврзуваат едно село со друго. Доколку ова го има ќе се создадат подобри услови за економски образовен и здравствен развој.

Во однос на здравството, во овој предел нема инвестиции, освен во две села, од вкупно 19 села колку брои ова подрачје, освен две села, Шипковица и Селце каде функционираат амбуланти на еден примитивен начин, другите села не располагаат со селски амбуланти. Нема амбуланти,нема лекари, ниту медицински сестри.

Во однос на вакцинирањето, нема редовно вакцинирање на децата посебно во зимски период кога поради големите врнежи на снег се блокираат сообраќајниците. Понатаму, нема контрола на бремени жени, на мајки со доенчиња, а како последица на сето ова, се уште смртноста на децата е висока, посебно на новороденчињата. Често пати се случува поради крварење да починат жените при раѓање. Оваа работа треба да не загрижи сите нас, во денешно време да сме индиферентни и да не преземаме ништо во издигнувањето, подобрување, градење на амбуланти во овие планински предели, нивно

опремување со потребни апарати и уреди. Со тоа ќе имаат можност и лекарите и медицинските сестри од време на време да ја покажат нивната хуманост, медицинска помош. На овој начин ќе се создаде финансиска основа, поврзана со Законот за здравството што е во собраниска расправа, во процес на донесување, во текот на викендите, саботите и неделите или попладне може да одат таму во овие предели и да ги контролираат жителите и ја укажат нивната лекарска помош. Ќе беше доволен и еден ЕКГ апарат или една мала лабараторија за анализи. Исто така и во однос на образованиетo речиси не е направено ништо во изградбата на училишни објекти во овој предле се работи во едноставни објекти без доволна опрема, не говорам за компјутери, освен учиениците го виделе комјутерот на слика, речиси ниту едно училиште во овој предел нема компјутер.

Исто така, во однос на другите средства почнувајќи од креди, од соби, шпорети и клупите, столовите, сето е ова старо и недостасува нема во доволен број и често пати наставниците собираат пари од учениците да купат еден шпорет, креди купуваат. Исто така, немаат библиотеки, во целосна смисла на зборот. Овде треба да се предвиди извесна сума во Буџетот да се инвестира во купување книги, да се отворат библиотеки во овие постојни училишта, посебно со соодветна литература за постојните предмети за што ќе им помогнеме на учениците кои се доста сиромашни. Не би било лошо,а би рекол би било неопходно на поголем дел од овие ученици да им се помогне од страна на државата, општината, доделувајќи средства од Буџетот да им се купат учебници што ги користат во наставата.

Речиси во сите овие села наставата е осумгодишна. Има и четиригодишна настава. Но, овде нема средни училишта. Доста ученици, доколку се отвореше некое средно училиште, би се создал услов да продолжат со настава девојките и момчињата, со што би им било полесно да продолжат да студираат на други универзитети. Имаме кадар. Тетовскиот универзитет секоја година создава потребен кадар за работа во образованието, за издигнување на образованието, за потребите на осумгодишните училишта, но и за средните училишта. Тоа е квалификуван кадар.

Овие денови, преку печатот, од средствата за јавно информирање слушнавме дека Владата, што е за поздравување, средното образование го воведува како задолжително. Ова е многу добро и за поздравување, бидејќи кадар имаме и таму каде работат овие училишта, осумгодишните, да се продожи со средно образование трогодишно или четиригодишно, колку ќе биде предвидено со Програмата за развој на обрзованието.

Прородно, за тоа треба да се доделат финасиски средства од Буџетот. Треба да се има предвид и кадарот, наставниците и педагозите во овие училишта, кои имаат мали плати. Овие плати се скромни и не се доволни за таквата работа што ја вршат во исклучително тешни услови. Треба да имаат доплата за работа и ненормална работа во планинските предели, а посебно кога се работи за зимскиот париод и поголем дел од селата се завеани, се патува пешки. Треба да се обезбеди некое средство, некое комбе што ќе ги транспортира овие ученици, наставници и педагози од Центарот во Тетово до училиштата или од едно во друго село. Секако, да се опремат со потребни средства училиштата, бидејќи досена недостасуваа.

Да се изградат патни сообраќајници. Доколку имавме една сообраќајница таа ќе ги зближеше овие села со Тетово. Затоа треба да се доделат финансиски средства од Буџетот за пат на инфраструктура, за водовод, за канализација, па и за сообраќајници што ќе овозможат да ги вршат нивните работи на полињата и во планината, каде најголеми дел од работата ја вршат рачно или со коњи и други средства, носејќи го самите тие. Би бил доволен само еден булдужер што ќе помогне во оваа запоставена зона во смисла на подобрување на условите за подобар живот.

За жал, во четири села од ова планинско подрачје има лизгање на земјиштето. Тоа ги загрозува овие села да исчезнат од површината на земјата. Земјата го загрозува селото Безовце, сте слушнале преку печатот и другите средства за јавно информирање дека селото Урвиќ е загрозено од лизгање на зејмјата, исто и селото Ѓер и Бродец. Треба да се преземе нешто во оваа насока, било со странски донации или со инвестиции од самата држава да се спречи лизгањето на земјиштете, да ги спасиме овие села кои имаат околу, секое од овие села скоро 1000 жители.

Ја користам можноста да апелирам до министерото за здравство, до министерот за образование и наука, бидејќи е крајно време да превземат нешто во однос на подобрувањето на услови во оваа длабока планинска зона во однос на здравството, образованието и вработувањето, секако, бидејќи овој планински предел имаат природни богатства. Доколку се инвестира таму, можат да се создадат нови работни места за овие жители. Ќе направиме нешто многу добро бидеќи ќе го спречиме раселувањето на жителите во Тетово, бидејќи овие села гравитираат кон градот и со нивното раселување во градот се создава проблем во однос на врабутувањето во градот Тетово. На овој начин ќе создадеме работни услови таму, во овој предел, а овие жители ќе работат и живеат во родните села. Треба да дадеме приоритет на здравството, образованието. Кога ќе ги образувме оние жители и со средно образование, на тој начин ќе се отворат можности и нови хоризонти за полесно вработување, се разбира доколку се образуваат и се професионализираат.

Бидејќи до сега не е направено ништо за економски раст и здравствен и образовен пораст за овој дел, крајно е времето да се помогне ова планинско подрачје и да се подобрат условите за

подобар живот. Со тоа ќе ги спасиме овие жители и од смрт и од раселување од тие места.

Ви благодарам за вниманието.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Дали некој од пријавените е за реплика? (никој)

Тогаш продолжуваме.

Има збро пратеникот, господин Ивановски Иван, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Со оглед дека ова е општа расправа за Буџетот, дозволете и јас општо да се осврнам на Буџетот, што претставува само една од мерките на економската политика на Владата, но во ситуација како економијата во Република Македонија, тој претставува еден од централните, еден од најбитните инструменти, се уште во делот на економската политика. Токму затоа и не е случајно каков Буџет оваа Влада предлага, не е случајно каков Буџет ова Собрание и ќе изгласа.

Она што јас можам да го кажам, а што најмалку го очекував од оваа Влада, не затоа што тоа се очекуваше од луѓето во неа, туку очекував дека ќе бидат барем малку консеквентни на своите ветувања и своите квалификации, а тоа е дека се технократска Влада, дека ќе имаат прецизни и конкретни податоци за тоа како ќе ја насочуваат, ќе ја зајакнуваат и ќе ја заживуваат македонската економија. Во овој Буџет тоа не можам да го видам. Дури, ако не ги погледнете бројките, доволно е само да го прочитате воведот на Буџетот, а тоа да го потврдите и со експозето на министерот за финансии.

Имено, целокупниот концепт на овој Буџет се сведува на една реченица дека тој е поставен на концептот дека економијата во Република Македонија ќе се зголемува со просечна стапка од 6-7% во следниве две години, а дека зголемувањето од 6 до 7% е резултат на очекувањата за поголемо ниво на инвестиции, како домашни, така странски, а дека зголемувањето на нивото на инвестициите е резултат на очекувањата, дека оваа Влада ќе биде потранспарентна, подобро ќе се бори со криминалот и ќе ги намали даноците.

Целокупниот концепт на Буџетот се сведува на претпоставки, се сведува на очекувања, се сведува на предвудувања, се сведува на едно големо “ако”. Тоа, од една технократска Влада не се очекува. Тоа е првата глобална фалинак на овој Буџет. Ако вака се конципира Буџетот, тогаш и целата економија можеме да ја ставиме под едно големо “ако”.

Тоа не е моја паушална констатација. Впрочем, ако добро го прочитате воведот, ќе видите дека високата проектирана стапка на раст на инвестциите е резултат на горе наведените владини мерки, а при тоа ги нема, како и активностите на Агенцијата за странски инвестции на двајцата министри без портфељ, задолжени за привлекување на странски инвестиции.

Ако целокупниот концепт за очекувано зголемување на инвестициите е сведен на Агенцијата за привлекување на странски инвестиции и, ни повеќе ни помалку, двајцата министри без портфељ за привлекување на странски инвестиции, тогаш тешко на сите нас ни се пишува, бидејќи не знам што ќе се случи ако двајцата министри, не дај боже се разболат. Па, наместо по 24 часови едниот да дели визит карти, а другиот да не го гледаме, поседат дома два дена, колку проценти тогаш ќе ни се намалат странските инвестиции?

Оваа Влада од самиот почеток, иако на одбележувањето на 100-те денови со парите на граѓаните им порача дека го намалила данокот, персоналниот данок, стапката на персоналниот данок, ја намалила стапката на данокот на добивка, што не е случај, бидејќи тоа допрва треба да следи, ќе видиме дали ќе се случи, е клучната активност или носечкиот фактор во креирање на економската политика. Се соглсувам дека тое е класично десничарска или конзервативна мерка, што можеби најмногу прилега на ВМРО-ДПМНЕ и до тука немам никаков проблем, но очекувам дека, ако е во најмала рака констеквентна таа политика, дека нема да се зголемува дефицитот на Буџетот.

Ако во исто време оваа Влада, иако веќе кажа дека ги намалила, што не е точно, значи допрва треба да разговараме за тоа, но сепак успеа да ги намали овие стапки на овие два даноци, треба да очекува и тоа веќе го наговестува дека ќе има помали приходи во Буџетот на Република Македонија. При тоа, дополнително го зголемува дефицитот. Тоа е контрадикторно на една консеквентна и конзистентна политика.

Па, дури и да е така, очекував дека во концептот на Буџетот имате директни одговори на вашите директни ветувања. И, ќе речете дека од која ставка на кој начи ќе се платат 60-те денари премија за тутунарите, што не го гледам тука, очекував да добијам одговор со кои пари ќе се финансира задолжителното средно образование, доколку се воведе, со кои пари ќе се платат компјутерите за сите ученици во Република Македонија, што ги проектирате на најмалку 20 милиони евра. Очекував да видам колку пари се одвоени за изградба на Државна кардиохирургија, но тоа не го видов. Но, видов дека останува истото ниво за трансфери према Жан Митрев од најмалку 4,5 милиони, според моите информации годишно.

Очекував да видам на кој начин ќе има концепт, во финансиска смисла на зборот, за енергетскиот сектор. Се согласувам со мојот колега Љубисав Иванов дека оваа Влада не е единствено одговорна за состојбите во енергетскиот сектор. Но она за што оваа Влада е одговорна се 20-те милиони непосредна спогодба во четири очи со ОКТА. За тоа сте одговорни и за тоа ќе одговарате кога ќе дојде време.

Впрочем, нема да го елаборира моето мислење и мислењето на пратеничката група во делот на измените за персоналниот данок и данокот на добивка, тоа ќе следува, се надевам, после

усвојувањето на овој Буџет, бидејќи ќе го усвоите, но сметам дека, ако продолжи ваквиот однос дека се предлага намалување на два клучни даноци без да се има ниту еден процент на финансиска анализа и концепт и да наративно ни се соопшува, овој Буџет нема да издржи ни цели три месеци.

Ако не најдете алтернативен концепт како да ги алиментирате расходите на Буџетот што ги зголемувате и при тоа велите дека 70% паѓа на ДДВ и на акцизите, како ќе го зголемите процентот на наплата на ДДВ со тоа што ќе кажуваме секој ден на телевизија по 50 пати дека граѓаните не треба да плаќаат сметки ако не им се даде фискална сметка, па ќе гледаме циркузи и тепачки. Дали се на патарини дали се пиљари, дали се во продавници или во кафеани.

Тоа е концептот на Владата за прибирање на приходите? Тука пишува дека 70% од приходите отпаѓаат на ДДВ и акцизи. Што во случај ако ДДВ не биде на потребното ниво, од каде пари. Што во случај ако проектираните загуби заради намалените даноци кои не ни ги кажувате бидат уште поголеми, од каде пари. Која е крајната стапка на зголемување на буџетскиот дефицит. Сега е 1% вкупно. Јас очекувам дека ќе биде многу повеќе, но кога една Влада сака за себе да тврди дека е одговорна и консеквентна треба да каже која е најниската, која е највисоката граница и притоа да објасни од каде ќе ги добие или од каде ќе ги најде тие пари. До ден денеска таков одговор немаме. Единствено, пак ќе речам за жал, во буџет што е квантитативен инструмент на крај очекувања, претпоставки, темелење и пак претпоставки. Тоа не е дозволено за ваква ситуација.

Кажете ги вашите очекувања ама квантифицирајте ги колку ќе се зголеми наплатата по основ на царина, кога ќе ги набавите ренгенските апарати, во јуни месец, што правиме до тогаш, а велите дека ќе се зголемат приходите, бидејќи ќе има поефикасна наплата на царината. Ако е тоа клучниот критерум, тешко ни се пишува. Бидејќи и до сега ги намавме ренгените, па се зголемуваа приходите од царина. Нормално, ако има сериозна работа и искрен пристап во целото тоа. Ме чуди оваа Влада што вели дека ќе ги зголеми капиталните инвестиции притоа единствено е точно дека тоа го прави во објектите во сферата на културата и спортот. Секоја чест и јас сум тој кој сака да ги поддржи, но во ситуација кога претходно ќе ги зголемите сериозно субвенциите во земјоделието, во здравството, во транспортот, во инфраструктурата, тие што продуцираат повратно пари. Не може да се сведе дека најголем процент на капитал на инвестиции оваа Влада ги прави во делот на културата. Притоа во експозето на премиерот при формирањето на оваа Влада беше цврсто дадена обврска дека оваа Влада ќе ги намали непродуктивните трошоци, трансфери и инвестиции. Тоа овде не е случај. Бидејќи дополнително се зголемуваат трошоците за набавка на стоки и услуги, прочитајте ја вашата програма и експозето што пишува таму ќе видите дека е спротивно од ова што го зборувате сега, прочитајте, велите дека ќе се намалат расходите за државната и јавната администрација, а ги зголемувате за две милијарди, повторно спротивно од она што зедовте обврска и пред овој Парламент и пред граѓаните се на се овој буџет е противречен, овој буџет не е конзистентен, овој буџет не е ни приближно на оние концепти во тоа време смешни, што ги нарекувавте во едно друго време таканаречени пица-буџет. Овој буџет повеќе ми изгледа на јадење бурек, како што тоа некој го правеше вчера. За жал. Но, не е прашањето дали мене ми се допаѓа или не, прашањето е дали овој буџет ќе даде одговор на вашите ветувања, дали овој буџет ќе даде одговор на потребите на граѓаните и дали дупките, нелогичностите и непрезентираните факти овој бует ќе треба некој подоцна да ги плаќа, а знаеме дека пак ќе бидат граѓаните.

На крај, бидејќи жалам што немаше седница на Комисијата за финансирање и буџет, не навлегувам во причините, морам да поставам отворено прашање до министерот, се надевам дека на крај ќе даде одговор, од кои средства се планира да се добијат приходи по основ на други неданочни приходи во износ од цели 8 милијарди денари кога во 2006 година истата оваа ставка имала цели 200 милиони. Значи, 40 пати повеќе. 40 пати повеќе за една ставка без притоа да добиеме, жалам што можеби таков одговор ќе добиевме на Комисијата, но ја користам оваа прилика, бидејќи тогаш немав можност, сега да добијам одговор по кој основ се очекуваат 8 милијарди денари даночни приходи во Буџетот на Република Македонија кога истите биле проектирани за 2006 година на само 200 милиони денари.

Оттаму тргнувајќи и надевајќи се дека сепак со другите инструменти на економската политика, а за што професорот Славески има одлични познавања, се надевам дека ќе ги ставите во функција овие пропусти што по сила на математиката ќе ги апсолвирате, ќе ги потфрлите со вашиот глас, ќе бидат надоместени на друг начин, се надевам дека барем Владата до точката за расправа за извршување на буџетот, се извинувам што ќе одземам една минута повеќе за оваа точка, но таа е нужно поврзана, ќе се откаже од идејата на избраните и именуваните функционери со парите на граѓаните да ги плаќа трошоците за нивните имоти во странство, бидејќи ваква обврска ниту претходно сте ја кажале, ако сте ја кажале тајно, сакаме да знаеме колку чини, за кого се однесува и до кога таа ќе се однесува. Сакаме да знаеме дали се точни шпекулациите дека вашите министри што порано живееле во други држави, а имаат македонско потекло, се платени на истиот начин и со истата висина како и другите министри во Владата или има други тајни, дополнувања на нивните приходи. Сакаме да знаеме дали ова се однесува само на нив или дека на голем број функционери на ВМРО-ДПМНЕ кои имаат бугарски пасош и

живеалиште истото се однесува и ова. Дали јас треба да плаќам некој имот на Боровец или во Мајами. Ако е тоа Буџетот на Република Македонија имаме сериозен проблем, бидејќи ваква дискриминација, ова е дискриминација прво помеѓу вашите министри едни се фаворизирани на друга сметка, но на крај е дисктриминација на граѓаните, бидејќи овие пари граѓаните за овој буџет ги одвојуваат за себе и во Македонија, а не за друг надвор од Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Пред да добиете реплика има збор министерот за финансии господинот Славески. Повелете.

**Трајко Славески:** Очигледно почитуваните пратеници од СДСМ ќе имаат многу прашања, за да не се натрупаат, претпоставувам дека во натамошниот тек на седницата ќе се повторуваат, еве да ги почестам со одговор затоа што заслужуваат.

Требаше да се јавам веднаш по дискусијата на господинот Макрадули, но нема да ми замери што тоа го правам по дискусијата на мојот помлад колега од факултет господинот Игор Ивановски.

Господине Ивановски буџетот што го имате пред себе не е засниван на некои претпоставки. Тој не се заснова на она што вие читајќи го една вечер или преку ноќ или преку ден сте можеле да го заклучите па сега да мавтате со него и да го омаловажувате, со тоа го омаловажувате трудот на стотици експерти од министерствата во Република Македонија и на бројни експерти од меѓународните финансиски институции кои целосно застанаа зад него.

Значи, нема нереални претпоставки. Ова што го гледате овде е целосно акцептирано и договорено со ММФ во согласност со обврските, аранжманот кој го презела вашата влада. Во тоа можам целосно да ве уверам. Значи, се темели на толку реални претпоставки колку што може да обезбеди апаратурата и на економската наука и на сите други науки и методологии кои се користат при подготовка на проекции за еден буџет.

Може да се договориме да го затвориме, па ќе почнам со прашањето за одговорноста што сме доведени во ситуација да одговараме или нудиме решенија интервентни на енергетска криза во Република Македонија.

Верувајте имам тешкотии кога разговарам со разни претставници на Меѓународната заедница и на заинтересирани луѓе како успеавме да се справиме да ја дотуркаме годината до крај кога претходната Влада ова време 2005 година донела буџет за половина година. Значи, буџетот според најголемиот број расходи беше проектиран само до 30.06. за да може да ги задоволи расходите и да одговори на некои обврски. Дали знае СДСМ дека ќе ги загуби изборите, дали свесно одел во тоа да ги загуби изборите, ова е предмет на анализа и ќе биде на некои аналитичари кои повеќе од мене знаат од таа материја, но оваа Влада беше исправена пред предизвикот да обезбеди функционирање на институциите на Република Македонија и задоволување на потребите на граѓаните не само до 30.06. туку до крајот на оваа година. За тоа дали некој ќе одговара за тоа што денес имаме електрична енергија, затоа што денес и во овој момент се одржува седница на Собранието на Република Македонија е друго прашање. Јас како министер за финансии, затоа што бев прозван и од госпоѓата Шекеринска, и веројатно ќе бидам прозиван и понатаму за таа мерка што ја донесе Владата на Република Македонија, целосно ви стојам на располагање за давање одговори 24 часа, ако е тоа потребно. Но, верувајте некој ќе одговара затоа што ја доведе Република Македонија пред енергетска криза, пред енергетски недостиг. Најверојатно прстот треба да се впери претходно или на почетокот на претходното раководство на МЕПСО, а понатаму ќе стигнеме до Владата и нејзини министри кои дозволија во билансот за снабдување на Република Македонија со електрична енергија да има сериозен недостиг до крајот на годината. Кои не предвидоа дека во регионот ќе се јави недостиг на електрична енергија за да можете да купувате на лице место. Која е таа земја, ќе ве прашам, која во декември е принудена да распишува тендери за набавка на електрична енергија и да добива цени од 90 евра за еден мегават, кога граѓаните ја плаќаат по 18-20 евро центи, а некои корисници на кои вие сте им дале привилегија плаќаат уште пониско. Тоа е криминал, тоа е недомаќинско однесување, најверојатно надлежните институции ќе поведат постапка и некој можеби ќе треба да заврши зад решетки. Да. Сега дозволете уште еднаш да ви повторам што ние направивме Република Македонија да има редовно снабдување со електрична енергија. Ако вие докажете спротивно, нека биде некој друг. Значи, соочени со сериозен недостиг, алармантен недостиг со електрична енергија, соочени со состојба кога не можеме и да сакаме да набавиме доволно количество на електрична енергија, затоа што понудите беа само 33% од она што се бараше или беше потребно, Владата на Република Македонија донесе одлука за набавка на мазут со кој ќе се произведува електрична енергија и се произведува од ТЕЦ Неготино. Тоа е оправдано и во форма на капитална инекција на МЕПСО кое е претпријатие со 100% државен капитал, акционерско друштво. МЕПСО е задолжен за енергетскиот биланс во Република Македонија и МЕПСО може да ги менаџира за потребите на обезбедување на електрична енергија енергетските капацитети во Република Македонија. Производната цена на ТЕЦ Неготино изнесува 65 евра за еден мегават или 65 центи за еден киловат час електрична енергија и таа цена е далеку пониска од онаа цена која на тендерите МЕПСО ја добиваше во изминатите неколку недели или неколку месеци. Значи, постои економска оправданост за таа одлука, прво апсолутно оправданост затоа што има апсолутен недостиг на електрина енергија и второ, економска оправданост затоа што сега сме дошле до тоа онаа висока цена која во изминатите

години ни се чинеше за производство на електрична енергија од ТЕЦ Неготино да биде релативно пониска од она што можеме да го обезбедиме, а зошто е пониска затоа што сите добри домаќини година однапред обезбедуваат договори за снабдување со електрична енергија, а не да трчате овде онде затоа што знаете дека електричната енергија не се складира во кофи, електричната енергија може да се користи само во моментот кога се произведува. Имате многу инженери кои го знаат тоа подобро од мене.

Значи вака, не се 20 милиони евра, тоа беше рамковна определба која ја ставивме во ребалансот како ставка која ја планиравме.

Владата на Република Македонија донесе одлука со која на 28.11. се одвојуваат средства од Буџетот на Република Македонија за 2006 година за набавка на 50 илјади тони мазут во максимален износ од 900 милиони денари. Кој е основот за директна непосредна спогодба. Јас ви кажав која беше потребата. Членовите 66 и 67 од Законот за јавни набавки, ставот 1 алинеја 3 кој дозволува заради итност некогаш да мора да набавите од оној добавувач кој во моментот може да одговори на обврските. Ние се обидовме од други заинтересирани добавувчи, ЛУК ОИЛ предлагаше да носи нафта со цистерни од други соседни држави, но тоа е невозможно логистички и физички да се одговори.

Врз основа на оваа одлука на Владата на Република Македонија ние ја утврдивме цената според она што како цена ја дава Регулаторната комисија. Вие знаете колку влијание може во моментот да има оваа Влада на Република Македонија врз членовите на Регулаторната комисија? Ниту може ниту сака да има. Регулаторната комисија ги утврдува цените на енергенсите на секои две недели и ние ја земаме онаа поповолната, пониската која изнесува некаде 255-260 евра за тон мазут. Тоа е објективна цена, не е договорена во четири очи со никого. Повторувам, Регулаторната комисија ја дава таа цена. Се се сведува како Владата го решава овој проблем на чиста логистика и чиста техника. Добавувачот кој може да обезбеди околу 1000 тони мазут во текот на еден ден, испорачува мазут кој оди во складиштата на ТЕЦ Неготино. ТЕЦ Неготино на 17 ноември започна да го преработува овој мазут со половина капацитет трошејќи 560 тони мазут дневно за да произведува околу 100 мега вати електрична енергија. Тоа е половина од капацитетот, затоа што временските прилики ако се погодни да не мора мазутот да се троши со поголема брзина, па нешто да остане, да се префрли за наредната година затоа што зимата најверојатно допрва доаѓа. Од 10 декември заради пониските температури и заради проценката дека треба ТЕЦ Неготино да работи со полн капацитет, ТЕЦ Неготино дневно троши два пати по 560 тони односно 1100 тони мазут и произведува 200 мега вати електрична енергија. Сега, до оваа дата се префрлени 29.000 тони мазут од овие договорени 50.000 тони кои треба да бидат испорачани до крајот на годината. Но, во исто време, да ве потсетам, ако не сте забележале затоа што тендерите се јавни, МЕПСО има распишано тендер во моментот за набавка на 40.000 тони мазут кој тендер завршува на 18 јануари. Секаде онаму каде можело, каде дозволувале приликите, сме оделе со строго почитување на Законот за јавни набавки, тие 40.000 тони мазут треба да послужат да се вратат 15.000 тони мазут кој ТЕЦ Неготино ги има искористено од стоковите резерви затоа што тие стокови резерви всушност се чуваат во складиштата со капацитет од 60.000 тони со кои располага ТЕЦ Неготино. Остатокот од 35.000 тони или 25.000 да можат да се користат по потреба до завршувањето на зимскиот период во Република Македонија.

Она што, почитувани,вие го прозивате Министерството за финансии, министерот за финансии е целосно обезбедено, како што реков со одлука на Владата. Мораше да се случи заради нечија неодговорност, заради некој кој најверојатно ќе си дозволам и ќе ме извинете, затоа што сум гостин во овој Парламент, да не шпекулирам, можеби е тешко обвинување, некој би сакал да имаме една од оние зими на кои постарите од нас, повозрасните, се сеќаваат зимите на незадоволството каде граѓаните мрзнеа по своите домови, кога имаше рестрикции на електрична енергија.

Имам индикации дека можеби ова некој намерно го предвидел или сакал да го направи во Република Македонија. Ние тоа го спречивме. Јас сум подготвен да одговорам на сите ваши обвинувања, да застанам пред сите институции на Република Македонија зад Антикорупциска комисија, судовите и да се соочам со вашите тешки обвинувања. Дајте да ги соочиме аргументите, па да видиме кој и за што треба да одговара.

Толку во врска со ова прашање, што често го повторувате за набавката на мазут за работата на ТЕЦ "Неготино". Ќе одговорам за неколку други прашања што беа поставени, но ќе се обидам да бидам пократок, ценејќи го вашето време.

Во врска со прашањето за даноците, приходите и т.н. и загриженоста на господинот Ивановски дека овој Буџет ќе траел 3 месеци, можам да ве уверам дека, може слободно да ја извршува својата функција и да функционира како граѓанин на Република Македонија, затоа што Буџетот ќе трае и ќе биде во состојба да одговори на функциите за периодот за кој што е проектиран и планиран. Од 1.1.2007 година до 31.12.2007 година.

Во врска со надоместоците, односно мерките кои вие не сте ги гледале како ќе се надоместат некои загуби во даночните приходи, сакам да ве уверам дека не е оправдана загриженоста дека сега 70% од приходите ќе требало да се обезбедуваат од даноци, односно од ДДВ и акцизите. Погледнете ја структурата на даночните приходи од минатите буџети. Ќе забележите дека како и насекаде во светот и кај нас е тренд или тенденција приходите

од индиректните даноци се повеќе и повеќе да растат процентуално во структурата на Буџетот за сметка на индиректни даноци. Нема некое значително поместување во овој Буџет од она што било Буџет претходната година. Значи, и тој се потпирал во најголем дел на приходите од ДДВ и акцизата. Остатокот од 30% се секако, од други извори, од даночни и неданочни приходи. Прашавте за неданочните приходи. Ние формиравме Комитет кој што во текот на идната година ќе се грижи за наплата на сите средства од концесии, кои што следуваат според Законот за минерални суровини, кои што не се наплаќаат и средства кои што се обезбедуваат по основ на продажба на градежно земјиште и т.н. Верувајте тие средства ќе бидат обезбедени.

Оваа проекција на приходите е најконзервативната што можевме да ја предложиме и да ја договориме со ММФ. Вие или вашите претставници тука знаат дека кога разговарате со ММФ треба да ја знаете нивната филозофија. Тие сакаат да бидат на сигурната страна. Ќе ви кажат, дајте најсигурно што е, па да видиме во текот на годината ако имате натфрлања во одредени приходи, па тогаш ќе се усогласуваме. Ова е она што е најсигурно. Верувајте,ние немаме ниту денар предвидено од она што го очекуваме како зголемена наплата на даноците, заради тоа што ќе имаме пониски даноци, заради тоа што ќе имаме најниски даноци во Европа. Ние кажавме, кога го презентиравме концептот на рамен данок дека ќе биде срамота и греота сите даночни обврзници во Република Македонија на кои што им се нудат најниски даночни стапки да го избегнуваат данокот. За оние кои што и понатаму ќе го прават тоа не само мотивациски, туку постојат и репресивни мерки кои што Владата на Република Македонија ќе ги искористи за да ги наплати приходите или давачките што ги плаќаат граѓаните, а во голема мерка завршуваат понекогаш и во приватни џебови.

Ќе дадам одговор на господинот Макрадули за Агенцијата за промоција на инвестициите. Таа не се сведува на двајца луѓе, како што рековте. Средствата на Агенцијата која што ќе се реблендира или ќе се вика “МАК-Инвест” се зголемуваат за пет пати. Значи, пет пати, 500% во споредба со она што беше буџет до сега и ќе изнесуваат 36.699 милиони денари. Ова не е само еден показател, туку еден сигнал за сериозноста на Владата за привлекување на инвестиции од странство. Но забележав, во вашите дискусии дека тежиштето го ставате на наводната ориентираност кон странски директни инвестиции. Ве уверувам дека нам ни се подеднакви и домашните инвестиции. Најголем дел од она што го правиме, или што го нудиме е насочен и кон домашните инвеститори. Нивните трошоци на работење сакаме да ги намалиме, за да можат да инвестираат во отворање на нови работни места.

Почитувани, за 2007 година планирани се 1,6 милијарди денари, тоа можете да го видите во Буџетот, дивидента од “Телеком”, што е помалку заради продадените 10,34% акции кои што вие ги спомнавте.

Имаше душогрижници како ќе ја завршиме годината, има плаќање на дивиденда, нема плаќање на дивиденда и т.н.

Сакам на македонската јавност денес да и кажам дека тоа што сеуште не е платена дивидендата, која што и следува на Република Македонија, како косопственик на “Македонски телекомуникации” е многу поголем проблем на претпријатието на “Македонски телекомуникации”, на “Маџар Телеком” и на “Матав”, отколку што е проблем на Владата на Република Македонија.

Уште кога го предлагавме ова, кога го предлагавме ребалансот, прашувам, провоцирам од новинарите што ќе се случи ако кажат дека ние имаме и резервни варијанти. Резервната варијанта беше домаќинско работење и домаќинско штедење. Ве уверувам дека дури да не се случи до 31.12.2006 година да добиеме ниту денар, ниту цент од дивидендата на “Телеком”, годинава ќе ја завршиме во рамките на предвидениот буџетски дефицит, што господинот Поповски го договорил со ММФ од 0,6%. ММФ тоа го знае и затоа не го спомнуваат ниту еден од нивните претставници. Доколку ние не направивме ребаланс на Буџетот да ги платиме сметките кои што беа неплатени, да им платиме и надоместиме на земјоделците во Република Македонија и овој пат, верувајте ќе завршевме со буџетски суфицит. Суфицити во земји како што е Република Македонија се неоправдани, или неприфатлива работа. Ние помогнавме со овие 100 дена со предвидување на некои проблеми, настани, трошење онаму каде што треба да се троши, надоместување на трошоци кои што биле направени, а не биле платени да ја реализираме проекцијата која што Владата на СДСМ ја направила пред една година. Значи, ќе имавме буџетски суфицит што е штета за земји како што е Република Македонија. Да ги земете парите од граѓаните на Република Македонија, да останат неискористени, а да останат ненадоместени, неплатени трошоци, расходи и т.н. и уште со одговор на ова прашање ќе завршам дека брендот и промоцијата на Македонија ќе чини 267 милиони денари, средства што се предвидени во соодветни ставки и на Министерството за економија и на Владата на Република Македонија.

Господине Макрадули, има пари за стипендии во Секторот за економски прашања во ставката 464, разни трансфери. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

По редоследот кои се за реплики на говорот на министерот за финансии. Остануваат двајца пратеници за реплика на говорот на пратеникот Игор.

По тој редослед, има реплика пратеник госпоѓа Верица Филипова, три минути, ако сте за реплика на говорот на министерот за финансии.

**Верица Филипова:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министре за финансии,

Од емотивниот говор на министерот јасно е на сите дека енергетската криза и незнаењето за водење со енергетските претпријатија ЕЛЕМ и МЕПСО во Македонија, од ден на ден се се поголеми.

Заканите на министерот дека претходните раководства ќе ги затворал, ќе ги ставал зад решетки се очигледен доказ за таквата ситуација. Изборите беа на 5 јули. Од тогаш до сега имаше време три пати оваа Влада да распише тендер за електрична енергија, а не да склучува директна спогодба со ОКТА, затоа што немало други кои можеле да испорачаат за 20 милиони евра мазут на државата. Ви се молам, немало други, освен ОКТА кои би можеле да испорачаат мазут за 20 милиони евра кеш пари на државата. За тоа господине министре не можете да ме убедите.

Исто така, минатиот пат прашав, а не добив одговор зошто 20 милиони евра не беа дадени на ТЕЦ "Неготино" кој го користи мазутот за производство на електрична енергија , де факто, туку беа дадени на посредничка фирма МЕПСО.

Уште нешто би сакала да прашам. Зошто 20-те милиони евра не беа позајмица. Зошто беа инекција. Што ќе биде со средствата кои ќе се наплатат од продадените киловат часови електрична енергија кои ќе ги произведе термоцентралата "Неготино", кои ќе ги продаде МЕПСО и ќе ги наплати, верувам, во одреден рок.

Дали нешто слично се случува деновиве и со ЕЛЕМ. Во весниците гледам, во дневниот печат, дека за 507 милиони евра ќе се продавале 20 до 30% соодветно од акциите на ЕЛЕМ. Се сеќавате, минатата година "Гласот на светлината" при продажбата на ЕСМ "Дистрибуција" и почитуваниот господин Џинговски кажуваше дека 2 милиони евра била вредноста на ЕЛЕМ, за сега да кажуваат дека само 507 милиони евра книговодствена вредност вределе...

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

По редоследот на пријавени за реплика е пратеник госпоѓица Грковска Славица.

Повелете, три минути.

**Славица Грковска:** Почитуван министре, во делот на вашето излагање велите дека давачките што ги плаќаат граѓаните во голема мера завршуваат во приватни џебови и претпоставувам, тука мислите на злоупотребите кои што некои ги правеле во изминатите години.

Тоа што мене ме загрижува, е што за прв пат во историјата на Република Македонија, Владата дава законска можност за такво нешто.

Во членот 12 од Законот за извршување на Буџетот, Владата вели дека на избраните и именувани функционери, кај буџетските корисници од централната власт кои пред нивниот избор или именување, имале живеалиште или престојувалиште во странство, или биле на работа во странство, од денот на нивното именување, заклучно со денот на нивното разрешување им следува надоместок на трошоци за одржување на нивниот имот во странство.

Владата на Република Македонија со одлука ќе ја определи висината на надоместоците за одржување на имот. Што е ова, ако не е завршување во приватни џебови пари од страна на граѓаните. Кои се побудите на Владата за вакво нешто. Нема изговор. Не може да биде изговор ниту платата, ниту било што друго, затоа што оние избрани и именувани функционери, кои што се нафатиле да бидат на таа позиција, да бидат министри во Владата, покрај привилегиите и одговорноста, го пресметале и својот ризик што го носи одредена функција. И објаснете ми каква е оваа политика. Кој од приоритетите на Владата е ова. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика министерот за финансии.

Повелете.

**Трајко Славески:** Не е мое да судам дали пратениците се придржуваат на дневниот ред. Сега е општа расправа за Буџетот на Република Македонија. Во овој момент нема да одговорам. Беше директно прашање за прашање што се однесува за шестата точка од дневниот ред од предлогот на законот за извршување на Буџетот. Тогаш ќе дадам одговор на ова директно поставено прашање. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Следен за реплика е пратеник господин Слободан Најдовски.

Повелете, три минути.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине потпретседателе на Собранието, почитуван министре,

Госпоѓа Верица Филипова загатна дел од прашањето кое што јас сакав да ви го поставам и да ви реплицирам, но сакам експлицитно, доколку вие сакате да одговорите на македонската јавност во врска со набавката на мазутот за ТЕЦ "Неготино". И кога беше ребалансот за тоа зборувавме, а и сега. 20 милиони евра пари на граѓаните на Република Македонија им ги давате на МЕПСО, а преку МЕПСО им ги давате на ТЕЦ "Неготино". Не навлегувам во причините. Еве кажувате, некој ќе одел зад решетки. Се поставивте и во улога на судија, што во овој Парламент досега ниеден министер тоа не го изјавил, но да не навлегувам во причините. Основното прашање е тие 20 милиони евра се пари на граѓаните на Република Македонија. Тие 20 милиони евра еднаш граѓаните на Република Македонија преку даноци ги платиле. Сега повторно граѓаните на Република Македонија и другите корисници на електрична енергија повторно ќе ги платат тие 20 милиони евра. За една услуга од 20 милиони евра граѓаните на Република Македонија плаќаат 40 милиони евра. Ако ТЕЦ"Неготино" за дел од услугите при производството на струја и трошоците кои што ги имаат ќе си наплатат, се остава отворено

прашањето зошто упорно избегнувате да го одговорите и на пратениците и на граѓаните. Што со заработувачката од тие 20 милиони евра, кои што ќе бидат во МЕПСО. Зошто да се крие тоа на граѓаните на Република Македонија да не им се каже каде ќе одат тие 20 милиони евра. Кажете, ако одат за развој на енергетика, за развој на енергетика. По закон тој и тој ќе одат така. Или не знам каде се планираат. Зошто упорно се крие што со разликата од 20 милиони евра. Тоа не се 20 денари, господине министре. Тоа се 20 милиони евра, одвоени од џебот на граѓаните на Република Македонија. Не навлегувам, тоа е друго прашање за расправа за тоа како е извршена јавната набавка, за тоа дека лично портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ излезе веднаш после избори на 8 јули и се обрати до сите носители на функции кои што располагаат дел од средствата, а не објавуваат ниеден тендер. Но тоа е друго прашање. Основното прашање е зошто криете што понатаму со овие 20 милиони евра и зошто ги нема во приходната страна на Буџетот, сега МЕПСО од кога ќе си ги наплати да ги врати во Буџетот на Република Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Јас кажав дата кога ќе заврши тендерот. По прашање на тендерот, 18 јануари. Значи, секој за себе нека заклучи со што денес ние ќе го покривавме недостигот на електрична енергија. Значи, не станува збор за дадени некому 20 милиони евра, тие средства се во Буџетот на Република Македонија.

За реализација на набавката е задолжен АД МЕПСО, а Министерството за финансии е задолжено за исплата на средствата. Тие се исплаќаат по претходно доставена комплетно финансиска документација. Оригинална фактура со спецификации на испратници на фактура, копии од товарни листови и приемници. Испораката е започната, како што реков, на 20.11.2006 година. До сега во Министерството за финансии се доставени фактури, во два наврати и само на тој начин се врши исплатата. И не станува збор за 20 милиони евра, туку одлуката беше рамка за максимум 900 илјади денари, што е 13 милиони евра.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Следен за реплика е пратеникот господин Ивановски Игор.

Повелете, вашите три минути.

**Игор Ивановски:** Благодарам министре за одговорите.

Значи, ако знаевте дека во Македонија ќе има енергетска криза, а Владата се избра на 25 или на 26 август, можеби грешам, зошто на 1 септември не распишавте тендер и во долгата варијанта од 54 дена и во кратката варијанта од 30 дена имавме повторно мазут на тендер. Ако знаевте дека ќе има енергетска криза, зошто нас како Влада во март месец не не предупредивте и не баравте од нас ние тоа да го направиме. Ако знаевте дека тоа е така, зошто молчевте.

Се сеќавате ли кога Илија Филиповски како министер за економија заради кризата за нафтата се обиде да купи нафта по пониски цени и да ги антиципира разликите, токму ВМРО-ДПМНЕ го обвини дека прави криминал. Што е разликата сега? Ништо. 20 милиони, или нека не се 20 милиони, да не ги релативизираме работите, бидејќи не може да се покрие можен криминалитет со наводно недомаќинско работење на друг. Таква опција во политиката не постои ако сакаме да бидеме чисти и чесни.

Оттаму, не држат аргументите дека ова е заради тоа што некој не го направил на време, бидејќи сте можеле тогаш да реагирате и кога ве избраа, можевте да реагирате на време.

Притоа, ќе се извинам на сите експерти кои работеле на овој Буџет, ако тој издржи година дена. Впрочем, тој ќе издржи година дена, прашањето е кој ќе ја плати цената, дали ќе имаме толкав дефицит, дали во меѓувреме ќе имаме многу поголем. Тоа ве прашувам и тоа ја прашувам Владата. Инаку, секој Буџет ќе издржи најмалку или најмногу во исто време една година, за толку колку го бираме, но на крај некој ќе треба да ја плати фактурата на буџетскиот дефицит за сметка на политиките што вие сега не ги елаборирате. Впрочем, ние многу добро знаеме како се преговата со ММФ и ние бевме критикувани од вас дека не знаеме да преговараме со ММФ. Сега се обидуваме пак да ги релативизираме фактите. Вие велевте ние знаеме подобро - повелете, но гледам истото е. Тоа го зборувате.

И на крајот, велите дека поранешниот Буџет бил изгласан и поставен за да трае 6 месеци, за да на крај речете дека ако не сте ги потрошеле парите, ќе сме завршеле со суфицит. Тоа е противречно. Ако бил проектиран за 6 месеци, ќе застанел тука, а не вие да тврдите дека ние сме направиле суфицит, па вие сте морале да ги трошите парите. Јас сум благодарен што навистина сте ги потрошиле парите, објаснете ми од каде во овој Буџет се парите што ги ветивте на голем број структури на граѓани.

И конечно, дајте одговор зошто 20 милиони евра се потрошени за набавка во 4 очи за ОКТА.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Ако може процедурално да прашам. Природата на прашањата и потребата од одговори не ми дозволуваат да можам да одговорам за една минута. Дали министерот за финансии одговара со контра реплики?

**Иван Анастасовски:** Одговара, меѓутоа вие можете да земете збор кога барате. Така е според Деловникот.

Меѓутоа, има реплики на вашиот говор почитуван министер, тоа е уште една реплика и јас би сакал да го повикам господинот Никола Поповски, кој

има три минути реплика во однос на вашиот говор. Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас ќе се обидам да бидам краток, а потоа во говорот ќе кажам некои од работите што господинот Трајко Славески ги нотира.

Прво, господине министер, колегијално ве советувам да не се заканувате со ставање зад решетки на директори на јавни претпријатија од оваа говорница, зашто ако се обидете тоа да го направите неговиот адвокат стенографските белешки од овде ќе ги земе како политички аргумент дека сте имале намера вон правно да го направите. Мислам дека апсолутно не држи тоа што го кажувате.

Во врска со нафтата сакам да кажам само една работа. Многу сум љубопитен што ќе направи Државниот завод за ревизија кога ќе ја ревизира 2006 година. До сега аргументите овде очигледно се различни и баш сум љубопитен како тоа ќе го прочита Државниот завод за ревизија, под услов ако до тогаш во налетот што го правите со смена на луѓето од Парламент избрани по иницијатива на Влада не ја егзекутирате можноста Државниот завод за ревизија да работи по стандардот.

Третата работа ја кажа господинот Ивановски. Многу сериозни обвинувања кажувате од позиција на министер за финансии и од оваа говорница, за да треба да се премолчат. Многу ладнокрвно соопштувате дека минатата Влада, во која јас бев министер за финансии, проектирала Буџет за 6 месеци. Сега сме декември и колку што знам вие направивте ребаланс од 6 милијарди денари нагоре на приходи кои не ги остваривте до тој момент, затоа што за еден месец го направивте, очигледно биле претходно направени и денес соопштувате дека ќе имате дефицит 0,6%. Колку што знам, во Буџетот го покачивте на 0,8%. Значи вие не можете да ги реализирате расходите што ви се дадени во Буџетот целосно и господинот Ивановска е во право, тука сте контрадикторен.

Сакам уште една работа да кажам. Мислам дека ММФ го употребувате како играчка во џебот на дете, која му е потребна на улица кога ќе излезе да игра со своите другарчиња. Кога ви треба, го фалите, кога не ви одговара го критикувате. Да ви прочитам вчера што кажавте:

“Почитувани дами и господа, вака конципирана фискалната политика презентирана во Буџетот, кој го имате пред себе, е поддржана од меѓународните финансиски институции склучени со аранжманите со Светска банка и ММФ и тие ја зајакнуваат позицијата на Македонија во преговорите со Европската унија и НАТО”.

Значи, го фалите тоа, за да искажете денес, според мене многу симптоматично, резерва во врска со тоа.

Да ве прашам уште нешто друго. Ми го спомнавте името кажувајќи дека сум правел суфицит во Буџетот, што не и требал на Македонија и дека сум преговарал со 0,6% дефицит во Буџетот со ММФ, затоа што тоа било погубно. Еве го билтенот што го издадовте во ваше време, најновиот, од Министерството за финансии. Дефицитите за 2001 и 2002 година се 7,2% и 5,7% или собрано заедно се 13%. Еднаш господинот Груевски рече јас ја финансирав војната, а војната ја финансиравте со воениот данок и плус двојно го зголемивте данокот за Армијата од бруто домашниот производ, која троши 2%, ќе стигневте на 2% дефицит на бруто домашен производ. Вие стигнавте на 7% и 5%. Кога вие наследивте каса со 7% и 5% дефицит, ќе видите дека ќе треба да правите во идните две години суфицит. Многу внимавајте како ја критикувате политиката што е водена.

**Иван Анастасовски:** Сега сакам да дадам реплика на почитуваната колешка Ристана Лалчевска на говорот на пратеникот Игор Ивановски. Повелете вашите три минути.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе, но ве молам прво да ми дадете збор за процедурална забелешка, а потоа ќе се осврнам на репликата.

Во Деловникот јасно и прецизно стои, кога ќе побара пратеникот реплика, претседателот му дава реплика кога говорот ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од исправка, односно од реплика. Точно е исто така дека на предлагачот на законот му се дава предност пред сите пратеници да земе збор, а тоа е во согласност со членот 82 кој вели дека давањето збор оди по редослед. Исклучок од таквиот редослед и право да земе збор има само предлагачот, меѓутоа, не пред репликите на пратениците, додека не заврши серијата реплики на говорот на оној кој предизвикал потреба од такви исправки.

Ве молам во иднина да го почитувате Деловникот онака како што стојат одредбите, тие се многу прецизни и јасни. Не го спорам правото на збор, тоа е деловничко право, на предлагачот.

**Иван Анастасовски:** Јас го уважува вашето укажување, меѓутоа, во членот 84 точно се вели веднаш штом ќе побара збор министерот, му се дава збор.

**Ристана Лалчевска:** Да, веднаш надвор од пријавената листа.

**Иван Анастасовски:** И во членот 86 ја имаме истата формулација.

**Ристана Лалчевска:** Веднаш, што значи надвор од пријавената листа, во тоа е смислата на Деловникот.

**Иван Анастасовски:** Тоа ќе го правиме со новиот деловник, еве се наметнува таква потреба.

**Ристана Лалчевска:** Ве молам, изанализирајте го Деловникот и почитувајте го строго, бидејќи сега мојата реплика нема никаква смисла после два одржани говори и серија на реплики.

**Иван Анастасовски:** Се повлекувате од репликата?

**Ристана Лалчевска:** Не се повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Повелете, имате три минути реплика.

**Ристана Лалчевска:** Сакам само да укажам колку немаат смисла репликите после серија на два говори и две серии реплики. Сепак си го задржувам правото на реплика и ве молам од сега да ми го мерите времето.

**Иван Анастасовски:** Повелете вашите три минути реплика.

**Ристана Лалчевска:** Не можам да не му реплицирам на колегата Ивановски, бидејќи за него навистина имав мислење дека е пратеник кој располага со факти и секогаш настапува со факти. Меѓутоа, неговиот вокабулар во овој говор мене ме испровоцира на реплика и мислам дека е недозволиво и недопустливо за пратеник, особено од рангот од кој мислам дека е колегата Ивановски, да користи таков вокабулар. Се надевам дека во иднина ќе внимава на својот вокабулар и нема да ги провоцира колегите и да го менува мислењето на јавноста за него. Тоа е една работа.

Друга работа, јас сум во најмала рака вџашена колега Ивановски од повикот кој го испративте во вашиот говор до даночните обврзници. Дословно рековте вака: ќе гледаме тепачки и циркуси по продовници и кафеани. Ваков повик од собраниска говорница навистина ме вџашува мене и навистина ќе ги вџаши граѓаните, бидејќи вие ги повикувате даночните обврзници и граѓаните да не постапуваат според буквата на законот односно да не го почитуваат законот.

Тука би сакала колега Ивановски да ве потсетам на еден друг закон, кога го менувавме Законот за јавни патишта кога ја скратувавме листата на тие што треба да плаќаат патарини, кога се разви дебата за фискализација и каде вие, вашата политичка опција испрати исто така повик, меѓутоа, повик во оваа конотација дека сите треба да си плаќаат данок и дека ако не ви дадат фискална сметка на патарината, вие треба да поминете и да реагирате на таквата можност за злоупотреба. Сега давате обратен повик, вие ги повокувате даночните обврзници на граѓанска непослушност. Тоа е недопуштено од политичар како вас, од потпретседател на партија, најголемата опозициона партија, која треба да ја гради демократијата во државата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Игор Ивановски. Повелете.

**Игор Ивановски:** Ќе застанам тука за да ме гледате и ќе говорам македонски повторно. За секој искажам збор јас одговарам и јас сум на јавен суд како сите овде. Буквално не го реков тоа што вие сега мене ми го парафразиравте.

Сакам уште еднаш да апелирам, ако концептот на оваа Влада за прибирање на ДДВ, кој заедно со акцизите 70% го алиментира Буџетот од приходната страна, со повик, Владата ги повика граѓаните госпоѓо Лалчевска и им рече, ако не добиете фискална сметка, не плаќајте. Така не се собира данок. Данок се собира кога ќе ја обучите Управата за јавни приходи, ќе ги пуштите инспекторите на терен, тие ќе ги санкционирааат прекршителите на законската обврска за неплаќање данок, а не да им кажувате на граѓаните - кршете ги рампите ако сакате или не плаќајте, одете си. Гледате што се случува, читате што пишуваат весниците.

Напротив, сакам да го спречам тоа и да ви кажам најдете друг механизам како да го зголемите собирањето на ДДВ.

**Иван Анастасовски:** Почитуван колега, сакам да повикам да се држиме до времето кое ни е дадено деловнички за реплика и контра реплика.

Збор побара министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Јас ќе бидам краток, можеби една минута.

Господине Ивановски заслужувате да одговорам, но не одговорив претходно на оваа ваша забелешка што ја повторивте сега. Вие сте пратеник и мене ме зачудува зошто користите такви аргументи за нешто што вие го изгласавте овде. Тоа е со закон, не е механизам на нашата Влада. 68 наспроти 0 беше гласањето за измените во Законот за готовинско плаќање, кој на купувачите им даде малку моќ да се спротивстават на оние кои го кршат законот не издавајќи фискални сметки, затоа што самите купувачи кога ќе излезат од прагот на продавницата или некоја друга услужна институција, а не издале фискална сметка може да бидат казнети повторно според тој закон. За каков механизам зборувате и што всушност зборувате вие? Тоа е закон кој помина со ниеден глас против и со гласови на СДСМ.

(Пратеникот Игор Ивановски бара една минута контра реплика).

**Иван Анастасовски:** Овде објавувам пауза од еден час за ручек. После паузата вие сте на ред за реплика. (Му се обраќа на пратеникот Игор Ивановски).

(Пауза од 14,01 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата

Продолжуваме со општ претрес по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2007 година.

За реплика се јави Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Господине претседателе, пратеникот говореше скоро пред два часа, но мислам дека актуелноста ќе ја задржиме. Тој отвори некои прашања што сметам дека заслужуваат одговор, пред се на тоа дека, она што се вика буџет на Република Македонија односно Предлогот што го имаме денес е поставен на претпоставки односно нереални очекувања, односно на очекувања, како што реков. Во таа насока јас можам да ве разберам што не можете да сфатите како Царината ќе има повеќе приходи. Можам да ве разберам како не можете да сфатите дека ќе има повеќе приходи од даноци, во буџетот на Република Македонија, можам да ве сфатам како не можете да сфатите

дека ќе има повеќе странски директни инвестиции, заради тоа што тоа се случуваше во изминатите 4 години, заради една, друга или трета причина за што ќе зборувам подоцна во мојот говор по однос на буџетот. Но, она што е вистина се најмалку пет мерки кои ќе го осигураат реализирањето на буџетот односно ќе осигураат реално полнење на буџетската каса, во рамки на она што го предвидува Владата. Прво, тоа е контролата, второ тоа се реформите во царината што само со запирање на шверцот на цигари во овој период заштедуваат односно носат големи средства во буџетот. Трето, се, она што се вели акцизи односно се поретко и се поамлку ни се случува акцизни стоки без контрола на државата да ни се наоѓаат на пазарите односно да не бидат платени акцизи за нив, четвртото се странските директни инвестиции кои ги очекуваме како резултат не само на рамниот данок, туку и на подобреното владеење на правото во државата, ги очекуваме и како резултат на подобрената инвестициона клима, на т.н. регулаторна гилотина што треба да овозможи на многу полесен начин да се добиваат сите документи кои се потребни за регистрирање на едно претпријатие. Сето тоа се мерки кои во овие 100 дена Владата ги почна и не сакам да ги повторувам, ги елабориравме пред 10-тина дена. На крајот се ефектите од рамниот данок за кои можеме дури и идеолошки да разговараме, како што споменавте, дали се добри или не, но значат едно, а тоа е дека разликата меѓу нето и бруто платата која во моментот постои, значително ќе се намалува и ќе овозможува, од една страна граѓаните да не се жалаат дека имаат ниски плати, а од друга страна да не се жалат предприемачите односно оние кои ги вработуваат дека имаат големи трошоци и за тоа не можат да вработуваат.

На крајот, несакајќи да го спуштам нивото на она што се обиде да го направи колегата, сметам дека е непристојно од оваа говорница да се закануваме, да го повишуваме тонот, да зборуваме за јадење бурек итн, заради тоа што јадење бурек доведува само до повисок холестерол.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам. За контра реплика се јави Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Не е проблем, јас уживам кога моите колеги помлади имаат и за што да реплицираат, само јас дискутирав пред повеќе од еден час.  Ова беше реплика на мојата дискусија, бидејќи во меѓувреме имаше и други дискусии. Но не е проблем.

**Љубиша Георгиевски:** Така е. Така и во воведот беше кажано.

**Игор Ивановски:** Колега , ако си ги земете стенографските белешки ќе видите колку пати го спомнавте зборот очекувања, ќе видите колку пати го спомнавте зборот ќе и на тој начин ќе се обидете да дадете одговор на сите овие прашања кои јас ви ги поставив и ќе констатирате дека, за жал, што донекаде е и логично, буџетот да се стави, да биде резултат на претпоставки, ама на здрави и измерени претпоставки.

Не е реформа во Царина ако го фаќате шверцот. Тоа е ваша законска обврска. Не е реформа ако вашата неспособност ја префрлате на обврската на граѓаните сами да си го зголемат учеството на плаќање на ДДВ, со тоа што ќе инсистирале и нема да ја плаќаат стоката без фискална сметка. Тоа е одвика на немоќ, а не на системско решение.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господиине Георгиевски,

Почитувани пратеници, јас уште на почетокот ќе кажам дека, навистина парламентарната група или коалицијата ДУИ-ПДП е исклучително изненадена и зачудена со политиките на оваа Влада, посебно сега кога се расправа за буџетот на државата. Велам дека сме изненадени и тоа по лошо, затоа што ниту една инвестиција со капитална вредност не се предвидува во западна Македонија. Така што, јасно се гледа дека оваа Влада, или пак политиката на оваа Влада е дискриминаторска политика кон граѓаните на тие области.

Доколку внимателно се погледне во буџетот, добро е што се предвидуваат неколку капиталнии инвестиции во источна Македонија, затоа што и населението од источна Македонија има потреба од такви инвестиции, како што е инвестирањето во патиштата, или пак инвестициите кои се предвидуваат за наводнување на полињата итн. Меѓутоа, веднаш се поставува прашање, дали граѓаните од западна Македонија имаат потреба од капитални инвестирања, или пак оваа Влада мисли дека сите проблеми во тој дел од земјата се затворени, што се однесува на инфраструктурата и инвестирањето. Не е предвидено некаква капитална инвестиција во Тетово, Струга, Кичево, Гостивар итн. Велам дека е добро што се предвидуваат капитални инвестирања во источна Македонија, меѓутоа не е добро за жителите од западна Македонија што не се предвидува едно такво инвестирање, на пример патот Маврово-Дебар, затоа што сите знаеме дека тој пат е многу значаен, не само за жителите од тој дел, не само за Маврово и Гостивар, туку е многу значаен за нашата земја, меѓутоа и за регионот пошироко. Или пак кога се предвидуваат центри за наводнување треба да се има предвид дека Гостиварско поле и Тетовско поле во последните години остануваат без вода и не се предвидуваат и во овој дел да се направат тие центри за наводнување на полињата знаејќи дека Полошко поле е една од најплодните земји во нашата земја и не случајно секоја година имаме се помалку земјоделци во тој дел кој што ја гледаат својата перспектива во обработката на своите земји, во насадување на истите затоа што голем дел од тоа земјиште во Полог останува необработено поради тоа што, покрај другото што неам вода, не гледаат перспектива во иднина

дека во оваа насока нешто ќе се преземе. Истата работа важи и за Кумановско поле, поточно Липковско поле. Тоа е блиску до водата, меѓутоа тоа земјиште и понатаму останува без вода, а на сите ни е јасно зошто останува без вода и е необработено. Земјоделците во овој регион се без перспектива токму поради тоа што ние како општество или како држава сме инвестирале многу малку и во тој дел од земјата.

Јас на почетокот реков дека политиките на оваа Влада се дискриминирачки и во тој правец има многу аргументи, доколку се види каде и за што одат инвестирањата на оваа Влада.

И во областа на образованието ќе видиме дека се предвидуваат пари за еден стар универзитет во Охрид, меѓутоа не се предвидуваат парични средства или пак капитално инвестирање за Тетовскиот универзитет. Ние пред неколку дена овде, ние како пратеници леевме, како да кажам, крокодилски солзи дека сме исклиучително заинтересирани, без оглед дали сме позиција или опозиција, во Тетовскиот универзитет да имаме подобра инфраструктура, да имаме подобар квалитет на студенти итн. До колку не се предвидуваат инвестиции за да се изгради сала за тој универзитет, за домовите, за мензата итн, тогаш да не очекуваме дека во тој универзитет ќе имаме некое подобрување на образованието. Тоа не може да се очекува затоа што тие студенти не работат во нормални услови како што работат студентите во другите универзитети во земјата.

Исто така, доколку се фрли еден поглед и на инвестирањата што се прават во културата, веднаш паѓа во очи дека оваа Влада предвидела да инвестира во црквите. Јас ја разбирам оваа Влада и најголемата партија која ја формира оваа Влада, ВМРО-ДПМНЕ, зошто се прават овие инвестирања во црквите, затоа што тие што ја прочитале платформата на оваа партија ќе видат дека еден од приоритетите е и градењето на црквите. Меѓутоа, треба да се предвидат и инвестирања со кои ќе се унапредат и другите култури во земјата, или пак и другите верски заеници во земјата, бидејќи во земјата немаме само една верска заедница. Сите знаеме дека Република Македонија е мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална држава и кога се прави распределбата на средствата треба да ссе има во вид и овој аспект за на пропорционален начин да се распределат средствата и во културата. Доколку оваа Влада предвидува инвестирање во црквите, тогаш сигурно дека ќе треба да предвиди и инвестирања во албанската култура или пак во културите на другите етнички заедници, без оглед дали се тоа Албанци, Турци, Роми, Власи и др. Во тој правец се гледа дека повторно имаме дискриминација кон оние кои ги плаќаат даноците или пак ја полнат државната каса и буџетот на оваа земја.

Во Експозето на министерот се зборува за директни инвестиции од странство.

Јас навистина си поставувам прашање, прво себе си, а после и на другите. Доколку јас бев бизнисмен во странство дали би инвестирал во Република Македонија, кога оваа Влада има создадено една не добра политичка клима. Секој бизнисмен во светот е заинтересиран да инвестира таму каде што би имал профит и каде што ќе има безбедност и сигурност за своите инвестиции. Оваа Влада тие гаранции не може да ги даде на некој бизнисмен од странство. Токму поради тоа сме многу скептични дека некој ќе дојде и ќе инвестира во Република Македонија, дека ќе го инвестира својот капитал тука.

Исто така од неколку претходни говорници беше спомнато дека со Одлука на Владата ќе се уреди и таа област или пак тој дел од министрите кои се дојдени од странство, за да им се гарантира капиталот кој го имаат во странство итн, што значи со Одлука на Владата ќе им се компензира.

Се поставува прашање, зошто нема ниту еден мимнистер албанец кој работи во странство, кој е докажан како стручњак во странство, били во областа на бизнисот, или пак во некоја друга област и нему да му се гарантира, да му се даде истата гаранција дека капиталот ќе му биде загарантиран. Јас тука гледам нешто друго. Тие министри во Владата кои се дојдени од САД или пак од некоја друга држава, не се дојдени за да и донесат нешто добро на Република Македонија, на нејзините жители, туку се дојдени тука на печалба, дојдени се за да се збогатат. Сигурно тие гаранции им ги има дадено мандатарот Груевски пред тие да дојдат тука. Инаку тие доколку не видеа личен интерес, сигурно немаше ни да прифатат да бидат дел од оваа Влада.

Ние имаме уште многу причини, сигурно пратениците од коалицијата ДУИ-ПДП подоцна ќе ги кажат. Не случајно ние сме интервенирале со многу амандмани во оваа насока, претставниците на Владата да ги исправат грешките, доколку сакаат да ги исправат, навистина распределбата на буџетот да се направи на пропорционален начин за сите жители во Република Македонија. Во спротивно, ние како коалиција ДУИ-ПДП ќе гласаме против овој Предлог буџет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Министерот се јави за збор.

Повелете министри, а репликите после.

**Трајко Славески:** Само неколку зборови во однос на излагањето на господинот Рафис Алити.

Прво, Владата на Република Македонија ги отфрла обвинувањата дека води дискриминаторска политика по било кој основ спрема граѓаните, општините во Република Македонија. Затоа што ова што е сега приоритет или ќе бидат приоритети за изградба или доградба на инфраструктура, пред се се однесуваат на започнати проекти, што се во тек, што треба да се довршат. Ќе биде банално да упатувам на тоа да правиме споредба како инфраструктурно е поврзан главниот град со другите делови на Република Македонија, западниот дел на земјата, во споредба со некои источни делови, каде што имаме центри во кои што живее бројно население. Еден од

приоритетите во идната година ќе биде довршувањето на изградбата на патот Струмица-Радовиш и тоа ни најмалку во оној степен, со оној квалитет што го заслужуваат граѓаните на овие општини или кои живеат во овој дел на земјата. Тоа треба да го имаме во вид.

Кога станува збор за проекти од областа на културата, мислам дека треба да се погледне малку поодблизу. Трошењето на средствата не се однесува единствено само за помош, поддршка на верски објекти од една конфесија во Република Македонија, затоа што тоа не е политика на Владата на Република Македонија. Само да ви обрнам внимание дека идната година ќе се организира верска конференција, што ја иницира Владата на Република Македонија и овде, во буџетот е предвиден буџет за оваа намена од некаде 100-тина илјади евра. Ова, најмногу зборува за тоа кој е светогледот на Владата на Република Македонија, соработка меѓу различните вери, разлините конфесии кои живеат не само на тлото на Република Македонија, туку и во пошироки рамки.

Кога станува збор за некои проекти од културен карактер во западниот дел на Македонија и воопшто, само да спомнам дека Владата на Република Македонија е горда што на чело на Министерството за култура има Албанец. И, верувајте, ние, во Владата, навистина најмногу размислуваме кој од која нација е, кој од која вера е, затоа што работиме како тим, сакаме да ги реализираме приоритетите на проектите и да надоместиме нешто што во минатото некои активности биле запоставени.

Токму затоа, во овој буџет, почитувани, ќе видите дека се одвоени средства за професинален театар во Тетово. Нешто што никогаш го немало, во висина од некаде, за почеток од 2 милиони и 480 илјади денари. И, прва фаза од изградба на библиотека во Тетово.

Вработувањата што се предвидени за театарот се алиментирани или веќе се обезбедени средства за таа намена. Значи, воопшто не станува збор за некој поинаков однос, најмалку дискриминаторски. Јас избегнувам да го кажам тој збор, но беше искажан од говорницата.

Нешто друго ме загрижи во еден дел од дискусијата на господинот Рафис Алити.

Господинот Рафис Алити, директно или индиректно им праќа порака на странските инвеститори дека Република Македонија, наводно, не била безбедна земја за инвестирање. Дека оваа Влада не може да им ги гарантира нивните инвестиции.

Ова, пред се, ќе го оставиме самите странски инвеститори кои се секојдневно во контакт со институциите во Република Македонија, самите да оценат. Но, човек не може а да не се запраша зошто во времето на четирите години кога по дефиниција Владата на СДСМ и ДУИ требаше да ги гарантира странските инвестиции, да обезбеди стабилност, да понуди стабилност и тн., Република Македонија се симна на најниско историско ниво на инвестиции. И апсолутно и по глава на жител. Далеку пониско отколку во соседните земји. Три пати пониско по глава на жител отколку соседна Албанија. Повеќе пати пониско отколку Србија или Бугарија.

Навистина се прашувам што било приина и нели е една од причините тоа што беше симнато од власт таа коалиција токму неуспехот да гарантира стабилност и безбедност и привлечност за инвестиции, за отворање на работни места во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали има реплики?

Реплика има Ружди Матоши. Повелете, три минути.

Пратеникот Рафис Алити бара реплика на дискусијата на министерот.

Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Георгиевски.

Јас би сакал да биде така како што вели министерот, меѓутоа цифрите што се запишани во Предлог-буџетот не говорат така. Така што би сакал да биде така, но не е така. Еден странски експерт вели-доколку сакаш да ја знаеш намерата на една влада, види каде одат средствата, каде се распределуваат, каде одат парите. Тогаш ќе ја знаеш намерата на таа влада, што мисли да прави во иднина.

Доколку се види каде завршуваат средствата, каде се распределуваат, тогаш е многу јасно дека жителите, независно на кој етникум припаѓаат, жителите на Македонија од Западна Македонија, затоа што таму не живеат само Албанци, многу е јасно дека се дискриминирани, дека се ставени на страна во вој случај од политиките на оваа Влада.

Би сакал да се изненадиме по добро во текот на идните години за да имаме навистина инвеститори или инвестиции од странство, кои би инвестирале во нашата земја со овие политики на оваа Влада што ги води во текот на овие 100-тина дена.

Најискрено ви велам дека сум скептик во оваа насока, затоа што за 100-тина дена ништо во економската област, ниту една странска инвестиција во текот на ова време не се случила кај нас. Можеби дошол некој странски инвеститор кој имал некој потпишан договор од порано или бил во тек на разговори од порано и тн. Но, странски инвестиции, капитални инвестиции не сме виделе во текот на овој изминат период. Дал Господ во иднина да имаме инвестиции во нашата земја, тогаш сите ќе бидеме задоволни.

Што се однесува до министерот за култура што го спомнавте, ние сме имале министри во поранешните влади, во време на поранешна Југославија. Сме имале министри во ресорот на економијата, културата и секаде. Но тоа не е гаранција дека ќе се направат инвестиции во оној дел од каде што доаѓа тој министер за та население. Минатото е горко. На крајот на краиштата и поранешната Влада, претходната и

оваа Влада има морална обврска да инвестира во тој дел од земјата, затоа што долго време во тој дел на земјата немало капитални инвестирања. Ова е радоста во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пратеникот Ружди Матоши има реплика на претходното излагање на пратеникот Рафис Алити. Повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседателе.

Добро е што се разгледува буџетската политика на оваа Влада и навистина, претходниот дискутант рече дека некогаш треба на самиот себе си да си поставиш прашање за многу работи. Јас нема да се задржам на изминатите четири години, каде немаме ниту една капитална инвестиција во Западна Македонија. Токму неколкуте инвестиции што беа предвидени да се реализираат во Западна Македонија, тие политики се изменија и се промени намената на тие средства, како што е Коридорот 8. Таму, минатата Влада се доведе во состојба Европската унија да ја преиспита оваа можност во 2025 или 2020 година.

Не сакам да се занимавам со минатото, кога ништо не направија ниту за земјоделците, ниту за одводнување на полињата, каде оваа Влада во пвите денови и Управата за менаџирање со кризи направи многу за да не ни се случат поплави на земјоделските полиња. Не сакам да говорам за минатото, за инвестициите во инфраструктурата. Сите знаеме дека во изминатите четири години не сме имале ниту една капитална инвестиција. Но, оваа Влада, актуелна, што има изготвено еден буџет, кој буџет ќе го почувствуваат Албанците, бидејќи се работи и во однос на Албанците и ќе се види многу добро во реализирањето во областа на вработувањето, во изградбата на неколку установи што не сме ги имале со години, како Театарот во Тетово, Албанолошки институт во Скопје или библиотека во Тетово или многу други инфраструктурни зафати што ќе излезат од овој буџет, од механизмите што ги нуди овој буџет.

За тоа треба трпение, па ќе се видат сите овие работи. Ќе ги видиме сите наши постапки, постапките на минатата власт и постапките на нашата власт. Колку за ваша информација, за јавноста, капиталните инвестиции токму отпочнаа да се зачнуваат од оваа власт. Самата посета на премиерот во Рим и средбата што ја имаше со Романо Проди, се говореше за Коридорот 8 да се изнајдат можности и алтернативи за да се актуелизира овој кордор што е од големо значење за развојот на Македонија и за целиот регион. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Контра реплика Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Јас се радувам што господинот Матоши дискутира на овој начин. Се радувам затоа што ќе треба да дискутираме и после шест месеци и после една година. Повторно ќе треба да се видиме во ова Собрание и да видиме што се направило до тогаш.

Меѓутоа, искуството е тоа што го кажав јас. Како и да е, господине Матоши, тој е многу контрадикторен самиот со себе. Вели дека немало инвестиции, дека бил неуспешен Коридорот 8, меѓутоа еве, мандатарот Груевски отишол во Рим и таа работа ќе се заврши. Нешто што не е вистина, затоа што таа работа не е толку едноставна.

Или пак вработувањата. Си поставувам прашање себе си и на Матоши, зошто тогаш се бара од позицијата вработување, да се доделат средства, со нивниот амандман за Универзитетот во Тетово или пак за театарот, идниот театар. Да биде јасно дека што се однесува до паричните средства, оваа Влада во Западна Македонија не предвидува ниту една инвестиција како капитална вредност. Мислам дека сум многу јасен. Повторувам, како капитална вредност. Мали искри ќе има. Имало и ќе има.

Меѓутоа, каде е водоводот во Тетово? Средствата што биле предвидени од минатата година, се предвидуваат и со овој буџет. Што значи дека тоа е една измама што се прави на жителите на тој дел. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете сега јас да реплицирам.

Ја зедов оваа реплика, затоа што тоа беше модус не директно да реплицирам на некоја невистина, невистинита изјава од страна на мојот колега Алити, но би сакал како експерт да фрлам една светлина околу историјата на финансирањето на албанската култура.

Точно пред 10 години, некаде 11, како професор по актерска игра на ФДУ излегов со проект една година да примиме само албанска класа. Односно, да примиме студенти кои знаат албански. Ги примивме околу 9 или 10. Ги школувавме, нормално, четири години. Веби Керими, кај него можете да се информирате за вистинитоста на оваа приказна. Беше асистент. Вежбите ги правевме на албански, на мое инсистирање, затоа што актер не може да учи на јазик кој не му е мајчин. Едноставното беше експертиза, не беше политика. Дипломираа сите на албански јазик во Албанскиот театар во Скопје, со еден прекрасен"Тартиф", беше голем дел од албанската интелектуална елита на таа премиера и, нкој не ги вработи.

Се случи така, да станам претседател на Советот за национална култура при Министерството за култура во онаа Влада ВМРО-ДПМНЕ ДПА, каде што уврстивме во Националната културна програма професионален театар во Тетово за да ги вдомиме тие деца и да тоа не биде се џабе, да не биде гола пропаганда. Затоа што студентите кои завршуваат уметност, треба да продолжат. Не е тоа така да ги држиме невработени.

Тој проект не се оствари, иако влезе во Програмата. Сега, кога видов дека оваа Влада конечно тој проект го остварува, проект за еден билингвален театар, професионален во Тетово и

мултилингвален, проект за кого имаме готови, прекрасни веќе во меѓувреме глумци, печени, како Љуран Ахмети, како Нора Диба и тн., сега, навистина ми е несфатливо да се омаловажи тој проект што се влечка 10 години. Не треба да се омаловажува. Тоа е еден чекор напред. Конечно, граѓаните на Тетово ќе имаат професионален театар.

Еве, само ова сакам да го кажам, приказна што е документирана, што е точна до последната запирка . Да си имаме повеќе ум кога критикуваме нешто, односно кога фалиме нешто. Дајте, да имаме еден реален увид, еден баланс. Во моментот кога во една држава се отвора театар, да се крктикува буџетот заради злабо финансирање на култура, каде и да е, не е добро. Предвидени се 15 професионални актери во тетовскиот театар. Нема 15 актери во ниту еден театар во Македонија, освен во скопските театри. Освен Битола. Во Битола има 18. Сегде другаде и во Струмица и во Штип и во Велес и во Куманово, каде имаме професионални театари има пет до седум актери.

Затоа се јавив за збор, не да разгорувам некоја дискусија, просто да внесам неколку факти. Благодарам на внимание.

Повелете, господине Алити контра реплика.

**Рафис Алити:** Иако не ви го меревме времето, сепак добро е, вие затоа сте седнати таму за да не ви се мери времето, сигурно.

Навистина би сакал да е така како што рече господинот Георгиевски, меѓутоа не е така. Фактите од минатото говорат нешто друго. Тука имаме министер за финансии и вие господине Георгиевски добро е што сте го дале тој придонес да ја изведете таа генерација на пат Меѓутоа, кога се во прашање финансиите, ќе ви поставам прашање и вам и на министерот, колку чини не само манифестацијата Охридско лето, земете ја само сумата на тие манифестации во минатото, а видете колку за 10 години е инвестирано во албанската култура. Ќе видите дека сумата е многу поголема во однос на тоа што е инвестирано во Охридско лето, отколку за 10 години во албанската култура.

**Љубиша Георгиевски:** Нема веќе право на реплики и контра реплики. И јас имам што да кажам, но немаме право, ќе ја водиме работата како што треба.

Сега има збор Рахиќ Есад, повелете.

**Есад Рахиќ:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван претседателе, драги колеги пратеници, почитуван министре Славески,

Јас не сум експерт за буџет, не сум ни експерт по финансии, меѓутоа како пратеник во Собранието на Република Македонија сакам со вас да поразговараме во делот што овој буџет им носи на граѓаните на Република Македонија.

За разлика од некои мои колеги, нема да ве прашам за ОКТА, за мазутот, нема да прашам за ЕЛЕМ и за МЕПСО за нетранспарентното реосигурување, се соглсувам со вас дека има други органи кои тоа ќе го прават, ако некој згрешил и секој ќе си одговара за своите работи и дејанија.

Јас сакам да поразговарам за централниот буџет и што импликации носи овој буџет на развојот на државата, на животот на граѓаните.

Лично мислам, искрено да ви кажам вас ве гледам како чувар на кралското азно, како министер за финансии, малку сликовито да се изразам, но вам ви треба и време и простор да ги усогласите желбите на сите министри. Според она што го гледам во овој буџет има многу желби и роекции. Верувам дека ви е многу тешко, како што било тешко и на претходните министри, како што ќе им биде тешко и на идните министри, затоа што уште три пати повеќе пари да имате, сигурен сум дека немаше да ви стасаат. Веројатно многу работи се пропуштени, многу работи се погрешно направени. Верувам дека еден министер за финансии и во една Германија и во Данска и секаде ги има сличните проблеми, но не толку големи, како вашите.

Тоа што сакам да кажам, лично што забележав дека има премногу пари во трансфери и она што тие трансфери ни се горе-долу нејасни. Јас би сакал овој Буџет за разлика од вистинската намена што ја гледам е социјален, да биде развоен. Претпоставувам дека состојбата кај нас е таква, меѓутоа, верувајте лично сметам дека еднаш треба да се пресече со овие социјални буџети и да се направи развоен буџет каде развојот во државата би направил можност тие социјални трансфери, а верувам дека и вие го делите истото мислење, би биле многу помали.

Затоа мислев дека вашата Влада во овој сегмент можеби ќе биде како десна влада, политички ориентирана. Ќе беше по храбра да пресече во тој дел на социјални трансфери.

Има многу работи што можат да се кажат, меѓутоа, сметам дека во делот на инвестициите од она што го зборувавте вчера за некоја слободна економска зона во Штип, тоа е одлично, меѓутоа, сематам за да има слободна економска зона во Штип треба да одвоите малку повеќе пари во инфраструктурата. Инфраструктурата го носи развојот во една одредена држава. За тоа ќе дискутирам повеќе во амандманската расправа каде имам конкретни амандмани или Кожуф како една од поголемите инвестиции каде нема пат од Демир Капија до Кожуф, а инвестиција од стотина милиони евра.

Сакам тука да завршам, не сакам да ме сватите погрешно, не смеам да спорам Владата на СДСМ, во овие неколку месеци единственит еинвестиции што јас ги гледам се Бунаеџик, Џонсон Контролс кои Владата ги донесе и Шветската млекара за која, за жал,одредени сегменти од претходната Влада почна, а имаше проект од друга Влада.

Лично сакам да ви обрнам неколку моменти за да во евентуалниот ребаланс, во реалокација на средства или да го дочекаме новиот Буџет, да

биде малку покомплетен и подобар, тоа е мое лично размислување.

Сметам дека господинот Ставрески, потпретседател на Владата, кој го ценам, даде преоптимистичка изјава кога рече дека сите ученици во сите основни училишта ќе имаат компјутери. Тоа е одлична идеа, јас се согласувам, една од најдобрите инвестиции во една држава е инвестиција во образованието. Меѓутоа, да зборуваме за образованието во земја во која, да не ве шетам во општина Лажани, Секирци или Оризари, ќе спомнам неколку населени места каде живеат Бошњаци, бидејќи некој спомна дискриминација. Да отидете да видите каде живеат други делови од етнички заедници затоа што Македонија не е црно бел свет, меѓу црното и белото има малку сиво. Дел од средствата треба да пренамените во реадаптирање на тие училишта. Верувајте има училишта каде нема вода, нема вецеа, за ваша информација во една од елитните населби во Скопје-во Тафталиџе-1 до пред 6 месеци кога го срушија Основното училиште Јан Амос Коменски, а во иста состојба и Братство, учениците учат во монтажни училници кои се правени од некои материјали кои многу одамна се исфрлени како штетни за здравјето на граѓаните. Се сеќавате тие училишта се направени по земјотресот. Во тој дел имате поддршка, но сметам дека има приоритети кои со овој Буџет треба да се насочат во решавање на одредени проблеми.

Во делот на културата навистина за мене преамбициозна. Лично сметам дека премногу пари,немојте да мислите дека сум против културата, ќе го правиме стариот објект на Театарот, а имаме 10-15 театри кои прокиснуваат и нефункционираат. Јас сум да се направи тој стар објект, но сметам дека прво треба да се санираат овие и да се направат услови на овие луѓе што сега работат, да можат да работат.

Пред некој ден гледав на телевизија, а верувам дека и вие ќе се согласите претседателе, слика на Пабло Пикасо ја чувале во сеф во Музејот на современата уметност, па прокишњавало иако мене ми личеше на повик за пљачка, бидејки тоа не беше сеф. Апелирам малку поинаку да ги прикажуваат тие работи.

Дел од средствата треба да се пренаменат затоа што сметам дека овој објект има време да се нарпави кога сме терале 20-30 години иако знам дека тоа е дел од Програмата на вашата политичка партија и вие како министер морате да си ги одржите ветувањата.

Сакам една мала напомена, а вие ќе ми помогнете претседателе ако грешам, Офицерскиот дом кој е изграден 30-тите години од минатиот век мислам дека е изграден на темелите на Бурами џамија. Се фалите со денационализација треба да проверите дали земјиштето на кое бил тогашниот офицерски дом е решено со денационализација, чисто како една сугестија.

Она што мене лично ми пречи, да не ме сватите погрешно, сметам дека ова треба да биде отворен дом каде ќе ги разменуваме нашите размислувања и идеи, видов само ставка домот на ВМРО и дом на жртвите на комунизмот. Утре ќе дојде некоја нова Влада па ќе направи дом на незнам кој, па жртвите на врховизмот и слично. Се извинувам, не е многу, но можеби условите не се создадени,немам ништо против тоа и мене оригиналното ВМРО многу ми значи како и на сите граѓани на Република Македонија, меѓутоа, сметам дека некои работи треба прво да ги расчистиме низ една јавна дебата, експертска дебата и подоцна не 8, туку 80 милиони, чисто како сугестија.

Мојата омилена точка одбраната и безбедноста каде подолго време работат, во вашето експозе рековте како поддршка на се поизвесната интеграција за членство во НАТО Алијансата 2008 година се издвојуваат 2,3 од планираниот БДП. Тоа е најниската гранка. Јас мислам дека тука треба да почнете да размислувате за малку повеќе особено затоа што претседател на координативното тело кој треба да ја одработи нашата интеграција е токму премиерот. Наша среќа, искрено да ви кажам, некој горе ја сака Република Македонија, па добивме позитивни оценки.

Да ви кажам една работа, со 568 милиони унапредување на одбраната и безбедноста со интеграција во НАТО во кој имате купување намебел, опрема, возила и машини само 372 милиони денари, нема напредок. Ќе се осврнам на излагањето на двајцата минситри Милошоски и Еленоски, извадок од еден весник, за модернизација на војската на Хрватска 2 милијарди куни или околу 300 милиони евра и на втората страница вели Хрватска се одлучи за авиони Ф-16, затоа господинот Санадер беше во Вашингтон, затоа господинот Санадер беше во Рига. За жал, нашиот премиер не беше ни во Вашингтон ни во Рига затоа што ние се стискаме во делот на одбраната. Не не сакаат како сиромаси.

Втора работа, добро е што сте издвоиле средства за нашите мисии, ние имаме декларирани единици кои се дел од обврската НАТО повеќе значи обврска отколку право, верувајте. Тие декларираа единици каде треба во наредниот период да бидат подготвени само на хартија, тие не се оформени онака како што треба, со оружје, со опрема и се.

Од тој сегмент јас се обидувам да кажам, бидејќи вие како Влада на Република Македонија, не на господинот Груевски, Георгиевски, Рахиќ или Славески, има приоритет и мандат тој приоритет да го оствариме, што граѓаните на Република Македонија ни го дале.

Затоа апелирам да размислите за ребаланс, реалокација на одредени средства тоа да се направи во следниот период.

Втора работа, за која сакам да кажам иста е состојбата и со МВР. Жалосно, ама вистинито за

70% од Буџетот оди на плати, а жалосно е одреден полицаец има 10 илјади денари, нема решено станбено прашање, а очекувате на Нота Фест да интервенираат кога ќе дојдат 15-20 луѓе со калашникови. Нема шанси. Затоа треба во тој дел сериозно да ви кажам малку да размислиме како на овие припадници на полицијата, на одбраната да им помогнеме, амандмански сум реагирал по одредени ставки од Буџетот.

Трета работа нешто што поинаку го кажа, сметам дека е лошо, Агенцијата за разузнавање, жално е, таа е со Устав и со Закон од 1996 година, но не заживеа токму од тоа што ние овде заедно безразлика дали сме овие или оние, не и дозволивме на таа Агенција да заживее. Не можете да симнувате пари од една Агенција која во момент на решавање на одредени проблеми од поширок аспект во регионот и пошироко треба беспрекорно да функционира.

Тоа ми беа мислите по ова мое укажување и упатување, ова ви го упатувам како повик за една искрена дебата без намера да навлегувам со некои други интонации.

Уште една работа до вас министре, бидејки сметам дека вие сте првиот чувар, коректор и филтер, а ние сме последниот. Се додека во Буџетот пишува капитални расходи, а не пишува што, ќе имате малверзации и манипулации и сега вие ќе ги полните затворите во Република Македонија за 3,5 години можеби јас или некој од нас.

Затоа сметам дека во наредниот период Буџетот на Република Македонија вие треба да бидете иницијатор особено во сегментите кои се битни за безбедноста, за одбраната, треба и собраниските комисии максимално да учествуваат во подготовката на Буџетот од почеток до крај. Тогаш мислам дека и злоупотребите во трошењето на буџетот и на народните пари што ги земаме од народот ќе бидат многу потранспарентни и почисти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дозволете ми да ги поздравам најсрдечно учесниците на Третатата конференција на парламентарните комисии за европски интеграции, прашања на државите и прашања на државите учесници во процесот на стабилизација и асоцијација од Југоисточна Европа. Добредојдовте. (Аплауз)

Продолжуваме со работа, несакајќи да ја злоупотребам оваа маса од овде, бидејќи мојот пријател слаткоречивиот Есад ме праша за совет во однос на жртвите на комунизмот, ако ме прашате мене зошто тоа би се правело, ако се направи, вие многу добро знаете зошто се зема абдес пред да се влезе во џамија. Сите се замиваме за пред Алах да излеземе чисти. Во Европа не можеме да влеземе со комунистичкото црно под нокти, мора да се замиеме. Тоа е целата суштина, нема друга работа.

Ве молам, оваа тема е толку добра што можеме да ја шириме, но за жал мораме да разговараме за многу посериозни нешта, а тоа е Буџетот.

Повелете не сакам да сум репресивен.

**Есад Рахиќ:** Благодарам.

Можеби во моето семејство имам малку повеќе жртви на комунизмот или фашизмот од било кој овде, меѓутоа, сметам за да се процени и за да се оцени дали биле жртви, тоа е малку поширока дебата. Се согласувам дека во Европа се оди со чист образ, ние донесовме една Декларација во минатиот состав на Парламентот од господинот Андов, ние можеме да расчистиме, затоа реков, не 8, туку 80 милиони, меѓутоа, малку со поинаква диоптрија ги гледаме жртвите јас и вие, условно речено, од некој друг. Јас само ве прашав и барам од вас, бидејки сте во таа фела, да го погледнете Офицерскиот дом, за тоа барав да проверите дали се наоѓа на темелите на Урами џамија, само тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Јас мислам за Офицерски дом е јасна работата, тоа во правото се вика право на мечот. Тоа е ново освоена територија, една џамија се претвора во офицерски дом, тоа е ново освоена територија и Света Софија во Цариград се претвора во џамија со 4 мињарињa, тоа е право на мечот, ние за други права говориме. Да се вратиме на Буџетот, за ова ќе има широка општествена расправа.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овие дена расправаме за Буџетот на Република Македонија за 2007 година како еден инструмент кој треба да биде во функција на реализирањето на јавните финансиски политики во наредната година и секако да се создаде погодна клима и за други вонбуџетски политики, значајни за развојот на земјата.

Уште на почеток сакам да нагласам дека експозето на министерот за финансии беше во духот на ветувањата и филозофијата на парламентарното мнозинство кое ја изгради структурата на овој Буџет и треба да кажам дека воопшто не ни попречи што почна со една изрека на идолот на многу економисти, на основачот на модерната економија, на Адам Смит каде вели колку е лесно да се изгради една држава со благосостојба, да се напушти сиромаштијата. Поради ова Адам Смит се оценува, бидејки за една стабилна економија и одржлива првиот услов е да биде стабилна и одржлива средина. Со еден збор треба да има мир, бидеќи мирот е предуслов на секој напредок. Оваа изрека за тековниот Буџет, но и тековната политика можеби треба да ја сватиме како еден сигнал кој е малку поинаков,на кој почна да работи оваа Влада, а посебно мандатарот кој неземајќи предвид ниту еден сегмент од овие предуслови за да ги реализира политиките, ја оспори една таква категорија на наведена од самиот Адам Смит за да реализира едноставна економска политика без да го има предвид првото и тој како и сите економисти, јас не сум економист, но имам право да ги користам изреките на економистите, го предаде својот ученик самиот Адам Смит сакајќи

да врши здрави економски политики без да се земе предвид ниту еден аспект кој е неопходен за да се создаде поголем амбиент за изградба на овие политики.

Секако една таква изрека од министерот за финансии, а дали ќе ја разберам или не зависи од авторот кој го кажа ова како еден пристап кој и покрај се зрачи или создава една состојба на зрачење од страна на парламентарното мнозинство, бидејќи и покрај тоа оваа изрека на Адам Смит не сме толку моќни да ја омаловажиме во изградбата на нашите политики и економските, бидејќи тоа е значаен дел на тоа што значи функционирање и организација на државата, ќе треба да се земат во предвид условите или предусловите на изградбата или создавање за успешно реализирање на овие политики. Ова е академско прашање, на еден професор му личи да го каже, јас нема да го попречам во тоа, но во контекст треба да биде прашање повеќе од академско со едно значење дека имаме потреба сите да реплицираме, посебно тие кои бараат мораториум за не отварање на ниту една друга расправа на меѓуетничките прашања или политички прашањња се додека не се создадат услови за имплементација на една економска платформа за да ја заокружам оваа теза, е во спротивност на клучните поскулати и елементарни бази на самата политичка економија чиј основач на модерната фаза е самиот Адам Смит цитиран од министерот за финансии.

По однос на самиот Буџет и материјата презентирана со овој Буџет во излагањето на самиот министер мислам дека тоа што би сакал да го кажам е амбициозниот план и за мене посакуван и кога ќе се успее, нема граѓани кои нема да го поздрават тоа за да имаме еден севкупен развој од 6 до 7%. Овој амбициозен план секако беше еден недостаток во континуитет на Македонија во минатото кој се детерминираше од многу фактори во минатото, сега декларирајќи се дека ја оставаме транзиционата фаза на изградбата на Буџетот, влегуваме во фаза на развоен концепт, развојна стратегија, ставката од 6 до 7% на БДП како развој кој ќе гарантира едно приближување и со европските стандарди, но и подобар живот за самите граѓани.

Имајќи ги предвид поранешните анализи не сакам да бидам многу перфектен, бидејќи не сум стручњак по Буџетот, но имајќи го предвид тоа што експлицитно се вели од нашето искуство и искуството на оваа држава на Република Македонија,мислам дека може да се надеваме и да веруваме од страна на парламентарното мнозинство дека може да се успее, но тоа што можам да го видам во овој Буџет, треба да признам, не гледам по однос на одредени политики доволни инструменти кои ќе можат да го гарантираат овој развој.

Како по фискалната политика, земајќи го предвид претендирањето кое е во функција на создавање на еден сегмент за поголеми инвестиции од надвор. Едноставно, за рамен данок со одредено ниво кој полесно да се пресмета е понизок и како таков е еден од можните елементи на надворешните инвестиции, но ова е во судир со повисоките расходни цели, или со развојните цели. Бидејќи Буџетот е некаде 35% од ЏДП, сигурно дека со инвестирачкиот дел, со капиталните инвестиции може да се создаде еден развој од 2 и 3%, какви што сме имале во минатото, но другите аспекти треба да бидат како резултат на странскиот капитал и подобрата бизнис клима која може да се создаде, за да може да се обезбедии двојно поголем развој од тој што ги гарантира јавните расходи и самиот Буџет.

Земајќи ги предвид овие аргументи, не можам да видам јасност во реализирањето на оваа политика, освен што се вели дека ова ќе се реализира како што реков, намалувајќи ги даноците, станувајќи по практични за 12%, односно 10% и зголемувајќи го ефективниот степен на прибирањето на даноците. Значи, се смета дека тие ќе можат полесно да се прибираат со рамниот данок, но секако, и друг елемент кој сега ќе биде спор, во однос на царинските контроли што поздравувам и треба да се случи тоа и во прибирањето на другите даноци кои се извори од Буџетот.

Од овој аспект, мислам дека со една ваква политика е тешко да се постигне еден одржлив развој. Сите овие политики даваат можност, ние можеме и да веруваме, но, сме во областа на шпекулацииите. Министерот за финансии вели дека се направило анализа дека ова е можно. Но и покрај тоа, ова е нешто сеуште не верифицирано и тешко да се оствари и можеме да влеземе во областа на загрозување во една политика, затоа што овие инструменти не го гарантираат развојот кој го нагласивте и вие.

Затоа, мислам дека една ваква политика не гарантира одржливост, бидејќи нема и краткорочни мерки за создавање на подобри услови за една благосостојба и борбата против сиромаштијата. Вие знаете дека степенот на сиромаштијата е висок и во континуитет продолжува. И тие имаат едно лошо, бидејќи долго се планираат ако се успешни, ако планираат развој и подобра одржливост. Краткорочните мерки кои ќе бидат во функција на борбата против сиромаштијата и создавање навистина услови да ги пречекориме и народот веќе ги претрпи овие рестрикции и нови дисциплини. Мислам дека е потребно Владата да планира и социјални политики и краткорочни политики, не само долгорочни. Во функција на борбата против сиромаштијата фактички стои една ставка од 30% едно подолго време и ја задушува благосостојбата.

Затоа, отсуството на социјалните политики краткорочни, кои ќе можат да создадат еден бајпас и да има основа за успешност на овие политики долгорочно еден дефект и мислам дека ќе ја ослаби идејата за да се постигнат на долгорочни стази овие наши цели. Затоа мислам дека идејата, или целта која се прокламира со овој Буџет е сомнителна, затоа што во минатото, како што реков, имајќи предвид големиот дел на

сивата економија, која е една од причините на неточните податоци на развојот и во однос на невработеноста ќе бидат исто така и ќе останат едно од прашањата кои на долгорочно ниво ќе бидат товар на буџетските политики, бидејќи ова е еден процес кој нема да може да биде толериран, за да се направи пресврт без последиците од социјален аспект и во однос на судбината на самите граѓани.

Затоа мислам дека овој недостаток, гледајќи го и самиот буџет е евидентен.

Вториот аспект кој би сакал во целост да го нагласам и со што се мери еден буџет, дали е подобар или порегресивен, или по неразвоен, се и капиталните инвестиции. Во проценти имаме според ова што е презентирано. Значи овие капитални расходи се 14,2% според експозето на министерот, што не е некоја повисока ставка, иако се покачени трансферите и развојните политики во земјоделството и во здравството. Програмите кои не создаваат профит на некој начин за да биде мерливо со наредните години и со Буџетот да имаме една по одржлива развојна компонента, бидејќи капиталните инвестиции се во релација со овој друг дел, кои се сеуште ниски.

Во однос на развојниот концепт, мислам дека се расправаше кога имало повеќе.Некој вели дека вие направивте повеќе. Ние можеме да расправаме за тоа, бидејќи имаше недостатоци во секоја фаза на развој и тие недостатоци се одразени во неодржливиот развој на регионите во Македонија и овој неодржлив регионален развој, фактички кој е за едно долгорочно време или за осум години, или за 18 години, или за повеќе, беше заснован врз база на политички оценки и врз технички пресметки. Ние знаеме дека некои региони имаат предности природни, некои региони традиционални активности кои ги мотивира. Улогата на Владата е да создаде навистина услови за еден поодржлив развој, бидејќи со ова се спречува и социјално одржливиот развој. Економскиот одржлив развој кога ние анализирајќи го Охридскиот договор и надминувајќи ги другите проблеми кои произлегуваат сеуште, јас верувам дека еден ден ние ќе го најдеме патот за да ги надминеме овие проблеми. Секако дека ќе дојдеме во еден друг контекст на општествената средина каде ќе имаме проблеми со одржливиот економски развој.

Доколку економските политики не предвидат јасност во развојот на економските политики, за евентуални да ги попречат на согласноста во Република Македонија, ние ќе бидеме сведоци на напнатости, можеби и на етникумите, но не врз етничка, туку врз социјална основа.

Овде сакам да направам една дигресија со Коридорот 8. Не е вистина дека оваа Влада, или минатата Влада ниту го промени Коридорот 8 ниту на промени трасата. Тоа што го кажа господинот Матоши кој говори за Амбо, за еден нафтовод кој го промени инвеститорот и јас не знам повеќе,а ако сакате да знаете повеќе, прашајте го господинот Ташковиќ, кој е министер во вашата Влада. Тој беше преговарач и ја знае причината за менувањето на еден дел од трасата. Јас не велам дека тоа е кардинален пропуст, но тоа е нафтовод и тој инвеститор ќе ја земе нафтата од Бургас и ќе ја однесе до Валона или Драч. За деталјите на оваа работа прашајте го вашиот министер и тој ќе ви каже зошто се смени трасата. А коридорот 8 е друга работа. Тоа е патната линија. Не само патната таму инфраструктурата е и концепт. Таа е културна линија, научна линија, е поранешна Виа Игнациа, една културна линија, пред се, и развојна и економска. Опфаќајќи ја и инфраструктурата, патната инфраструктура и железницата, бидејќи без инфраструктура, без железници немаме развој. Мислам тука да имаме еден нов поттик и објаснувања од сите нас во Парламентот, затоа што застојот на овој пат не се на минатата Влада. Можам ова да го аргументирам со една поширока теза, но тоа не е вистина што го кажавте затоа што 20 ил 40 киломери железница што се сврзува со Бугарија, не ги попречи минатата Влада. Вие знаете дека кога се прекина железничката линија Македонија - Бугарија и за колку е останато нереализирано. А да не говорам за Кичево, и во делот на Албанија. Значи, доколку влеземе во овој дел имаме аргументи и констатацијата е дека има застој поради политички предрасуди, за што не сакам да верувам, но со поддршката на Италија, ние можеме да ја развиваме оваа компонента Коридорот 8 заедно со коридорот 10 се компоненти, развојни компоненти во Македонија на социјалните политики во иднина. Јас сум фактички да се испитаат овие политики. Сега е во нашите приоритети и за финансирање на ЕУ, која е во Коридорот 10 со кои во нашите приоритети треба да работиме сите и ја поканувам Владата да работи повеќе во однос на ова прашање, бидејќи вината или недостаток за нереалилзирање со предвидената динамика, фактички постојат во неколку сегменти и подолг период. Земете го на пример неврзувањето на железницата што остана над Куманово со делот во Бугарија.

Во однос на регионалниот развој, прочитав во материјалот за Буџетот дека се планира еден развој, инвестирајќи одредени инвестиции во слободните економски зони. Господине министре, почнавте една зона. Таа е одпочната од поодамна во Бунарџик. Добро е што сте предвиделе во Штип да имате една таква зона, меѓутоа, мислам дека и во функција на елиминирање на овојсомнеж и идеи без прејудикација за одржлив развој, зошто не предвидите една зона и во западниот дел. Не дека сум локалист. Јас сум од Струга или од Охрид, но обласа Дебарца е празна област со луѓе. Имаме аеродром, имаме патна инфраструктура, зошто да не биде една област каде ќе се изгради една зона и во тој дел. Не знам кои се вашите идеи, но доколку помогне ова што го велам јас, би ве поканил да размислите и за една ваква варијанта, бидејќи тој дел е толку убав и живописмен на Република

Македонија, може да се ревитализира и може да се спречат преселбите кон Охрид и Струга кои не се само од селата, туку доаѓаат и од другиот дел на Републиката и зошто да не се развива и тој дел и да се направи еднаслободна економска зона, која би била од полза на развојот на тој дел, но и на одржливиот развој уште помалку кога ја имаме целата инфраструктура и претходно.

Во однос на одредени аспекти кои исто така се и имам мои резерви во однос на овој Буџет. Не е отворен проблемот на децентрализацијата.

Ние господине министре, почитувани пратеници сме свесни дека пред две години еве веќе е седми месец од идната година, веќе почна и се реализира првата фаза на деценрализацијата. На 01.07. според законот за локална самоуправа, почнува втората фаза од децентрализацијата и оваа фаза пред се опфаќа неколку сегменти и аспекти кои се дефинирани со закон и неколку други аспекти, како што е прашањето на градежното земјиште за општините што се очекува во втората фаза на еден начин да изготвите потребен материјал и таа работа да се оствари во Буџетот. Ги имате сите блокдотации за сите сегменти планирани врз основа на поранешните трошоци. Значи, овде не можам да видам имплементација на втората фаза од децентрализацијата од 1 септември. Јас би побарал за ова прашање што мисли Владата и кога мисли да отпочне со втората фаза од децентрализацијата, бидејќи доколку беше ова дадено во Буџетот и во трансферите. Замислете во образованието се и платите. Досега беше одржувањето а сега ќе беа и платите кои се 85% од буџетските средства, култуата и други работи. Бидејќи ние знаеме, сите се набљудуваме и се следиме од ЕУ, за имплементација на Охридскиот договор, каде клучен сегмент и клучниот столб, покрај овие закони треба да расправаме и за децентрализацијата. Во Буџетот, немаме јасна политика што ќе се случи. Дали ќе имаме втора фаза и како ќе се имплементира истата. Не сакам да прејудицирам за судбината на овој процес кога треба да отпочне. За тоа вие треба да ни одговорите, бидејќи од овој одговор и од овој процес ќе зависат нашите ставови паралелно и други политики. Ние знаеме и вие знаете дека со децентрализација не може од ниту еден аспект да се стави во сомнеж и дека секоја владина политика и државна, треба да биде во функција на зајакнувањето на децентрализацијата како еден од процесите, или елементи на Охридскиот договор кои се стреми за еден одржлив развој и регионален развој и преку децентрализацијата но секако и етничките спласнувања и намалување на прашањата на локално ниво за да се решат. Мислам дека таа политика треба да се реализира како што е предвидено со Законот за локална самоуправа. Во Буџетот такво нешто не е предвидено. Дали предвидувате со ребалансот друга политика, но секако, едно прашање за кој верувамдека ќе имате доблест и дека ќе ни одговорите во однос на ова прашање.

Друго прашање е зза одредени политики за кои сигурно можам да говорам со поголема надлежност. Се зборува за образовните рформи во ребалансот на Буџетот. Јас ви реков и побарав дасе зајакнат видливо во согласност со реализирањето на развојот, севкупниот развој и инвестициите во образованието во целост. Овде, во образование речиси немаме разлика, доколку не го сметаме придонесот за кој мислите во однос на компјутерите. Фактички ги гледамсите капитални инвестиции и во основното и во средното образование. Дури има места каде што се помалку но воглаво се исти кои биле и во минатата година. Дури и претходната година сакам да ви кажам дека капиталните инвестиции во образованието биле поголеми од овие предвидени. Мислам дека освен ваквите средства колку што се предвидени во образованието, имавме и 200 милиони денари од продажбата на ГТЦ за четири училишта и имавме 40 милиони денари плус за две други училишта кои се реализирани преку ПУИК. Тоталот на една ваква инвестиција две години беше поголем од ова што е предвиден од вашиот Буџет. Процентот на разликата е само во комјутеризацијата. Кога говорам за компјутеризација бидејќи ова прашање ќе се отвори кога ќе дојде законот за измени и дополнувања на законот од неколку аспекти, дозволете ми да ви кажам и поради јавноста дека се додека се нуди или се наметнува или се бара поддршка за уставни промени, за неколку реформски аспекти во образованието, за жал не знам дали знаете од друга страна со закони со измена на закони се бараат да се стопираат сите други работи реализирани до сега. Доколку ова се случи и доколку вие мислите дека сега во оваа фаза е позначајно да се продолжат овие реформи кои отпочнаа имаме поништување на матурата Законот за развој на образованието, поништување и на реализирањето на образовните политики од областа на стручното образование што не е добар знак и сите беа услови оваа работа да продолжи. Додека од друга страна без никаква анализа и без образложение вие барате поддршка за да се укине приватното образование што јас немам сомнеж во тоа и да се додаде средното задолжително образование, што исто така нема ништо лошо во тоа. Но, не може да одиме во реформи на еден прокламативен начин во реформи со егзибиционистичка доза без да се концентрираме во суштината на потребите на образованието.

Од една страна ги стопираме сите проекти, реформи кои се подржани и меѓународен фактор и од друга страна, одите со предлог,но не пишува кога мислите да се отпочне, како мислите да го имплементирате, кои се предусловите, бидејќи средното образование како задолжително сме го предвиделе и со Стратегијата. Но, ние тоа го оставивме како дилема за која ќе се расправа, бидејќи образованието не може да доживее три реформи веднаш. Без да се заокружи фазата на децентрализација, илузорно е да реализирате нешто за кое можам и да ве подржам, бидејќи не е

лошо да имаме средно задолжително образование, а жртви ќе бидат учениците. Идната година треба да им ги дадете и платите на општините за средното образование, а од друга страна го отпочнувате процесот на изградбата и создавање услови за задолжително средно образование без да знаеме како може да се реализира една работа, знаејќи дека приоритет во образованието е квалитетот во образованието. Квалитетот е клучно прашање, не е аргумент за кој говорите - се извинувам господине потпретседателе и кога говорам, имам потреба од едно објаснување. Мотивот за да ги реализираме реформите знаете ли кој е? Опфат на учениците во средното образование. Знаете колкав е тој процент? Сме дошле до 85% во основното и средното образование и имаме повеќе паралелки отколку што имаме конкуренти заради наталитетот и свеста на населението кое сака да се образува, додека има пад на процентот, што се случува секаде. Велите поради порастот на процентот на опфатот на матурантите на факултет - дали знаете колкав е процентот на местата кои се отвараат на факултетите. Бројот на матуранти во Македонија е 20.500, конкурси има за 18.000, а 18.000 за високо образование е висок процент во однос на европскиот. Ова не е резултат на наша политика, туку како последица од големата невработеност кај младите кои завршуваат средно образование, потоа со либерализација на високото образование и со одењето во насоката во која одиме многу е полесно во услови на невработеност да се насочи детето на факултет. Меѓутоа, тоа не гарантира надлежност и квалитет. Значи, сите инструменти кои ги изнесовте сега се инструменти и механизми во насока на квалитетот на образованието, и Законот за бирото, и Законот за реформите и Законот за матура и други работи. Ова е приоритет на Република Македонија. Ние ќе имаме и средно задолжително образование. Не сте го анализирале моделот, ниту е анализирано кога ќе се отпочне и како. Мислам дека во тоа сте влегле без анализа, не сакам да кажам и со доза на егзебизиционизам. Со образовниот систем не може да имате ваков пристап и не верувам дека може да се дојде до оддржливост на системот. Секој систем има потреба од реформи, да имаме Универзитет и ова е многу добра работа. Во текот на имплементацијата образовниот систем бара стабилност, бара квалитетни реформи и во однос на децентрализацијата, што е од големо значење и е во спортивност со стремежот за уставни промени, бидејќи субјектите кои тоа ќе го реализираат треба да бидат општините. Јас верувам дека оваа работа ви е јасна, дека од оваа година тие треба да ги имаат и платите и други работи. Не сакам да говорам за финансиските проблеми, дека училиштата немаат клупи и друго. Да речеме, идната година ќе ги обезбедите тие пари, се што е во образованието се прави со пари, не е проблем да обезбедиме клупи. Имате политички став, треба да имате три илјади компјутери колку што има ученици. Што ќе се случи со тоа? Нема статистика во светот која гарантира квалитети во образованието само во согласност со бројот на компјутери. Ние имаме еден проект и тој проект е со Светска банка и УСАИД, па од аспект на информатичката природа треба да се продолжи. Тоа не е за прв пат, иако слушам како се вели дека прв пат се парви. Ние имаме во сите училишта интернет без врска, лаборатории, почнавме со едукација и половината од наставниците се едуцираат за ова прашање, но секако ќе има порблеми кои треба да се надминат. Со оваа логика треба да се продолжи, но не овие да ги запоставиме и да работиме во друга насока. Тоа е еден пристап кој ќе го имплементираме со успех, тоа да биде пристап во создавање или исполнување индикатори за информатичкото општество, бидејќи информатичкото општество се мери со бројот на компјутери и употреба на истите, што е добро и тоа не го оспорувам. Меѓутоа, влезот и овој пристап кон образованието, каде се не се мери со инфраструктурата, мислам дека ќе ги најдете сите анализи во однос на ова и Светската банка, која го следи овој процес особено во овој елемент, мислам дека ќе има свои забелешки, бидејќи тие знаат многу добор како го отпочнале проектот и како течат работите. Мислам дека има место за надградба, бидејќи има над 10 илјади компјутери, од кои 5,500 од Кина, 2000 од друго место. Вкупно имаме 10.000 и доборо е да се зголеми оваа бројка. Се согласувам секој ученик да има компјутер, но со ова нема да ги надминеме проблемите. Тоа го гарантирам, не е можно да се надминат проблемите, бидејќи има разни искуства во Чиле, Јужна Кореја, Америка е многу повоздржана во оваа насока. Има искуства кои експертите ќе ги елаборираат. Секако, мислам дека во образованието имаме не подршка според ветувањата што беа дадени, туку треба една посилан подршка. Да не го димензионирам само етничкото прашање, туку треба да се каже дека овде има многу работи кои немаат дискриминаторска политика. Јас сакам да нема дискриминаторска политика и зборот дискриминација да не се користи овде, но бројките се тие кои не демантираат.

Во однос на културата не е во ред да се даде на еден Универзитет за отпочнатите политики, или во областа на културата во Плаошник сакате да отворите Универзитет што ќе претставува еден културен настан и едно богатство, а во тоа нема ништо лошо. Но да планираш еден Универзитет за култура и да исполниш еден комплекс, кој може да биде од висок приоритет и да не му дадеш на ДУТ ниту еден денар, не е во ред. Не сум против ова што го правите, но не можете да ја заштитите тезата и господинот Матоши тешко може да ја брани оваа теза како што на нас ни беше тешко да браниме нешто што не може да се брани, бидејќи има работи кои не може да се бранат. Не може 3 милиони да дадеш за еден Универзитет - се е во ред до колку одлучите да го направите, но ве молам тогаш ќе доделите средства и за Универзитетот во Тетово. Се направи многу или малку, тоа е што е, но секоја Влада има обврска

да го анализира ова. За сето ова нема оправдување.

Пред да преминам на културата, би сакал да кажам нешто за стипендиите. За стипендиите и за трансферите на студенти - тоа е многу добра работа и не гледам причини да има разлики помеѓу приватните и државните стипендии на студентите. Имаше една интенција, јас им доделував две години и на студентите со државни стандарди и на приватните универзитети. На крајот на краиштата, Универзитетот на Југоисточна Европа се вели дека е приватен, но не е привате. Таму сум доделувал. Зошто? Затоа што во законот не стои приватни или државни стипендии. На крајот од студиите на секого се доделува диплома, која е од јавен интерес. Зошто ние да не го третираме тоа, да им се даде стипендија, бидејќи тоа е придонес за сите и ги поканувам органите кои одлучуваат за ова прашање тоа да го има во предвид и да дадат средства за стипендии за нормални стандарди, за да може да се направи распределбата врз основа на практиките и кадровските приоритети. Минатата година почнавме со стипендии за инжинери, електро инжинери и информатичари, кога се даваа повеќе средства и сега врз основа на тој принцип може нешто да се направи. Слушнав на вести дека ќе се доделат 500 стипендии по 5,000 денари. Тоа веќе го имаме почнато и таа практика може да се продолжи, да се даваат средства во повеќе правци, без оглед дали се приватни или државни универзитети. Меѓутоа, треба да се подржат тие области што се од долгорочно државен интерес, како технолози, инжинери и слично. Но зошто да не и друго, како на пример делот од јавната администрација на Штуловиот универзитет што ја нема на другите универзитети. Зошто да не се подржи тоа? Од тој аспект мислам дека треба да се создадат услови за едно такво финансирање и на ова прашање.

Ќе се осврнам сега на културата. Господинот претседател тука не е, но тука е потпретседателот и тоа е добро. Мислам дека неговите аргументи беа симпатични, мислам на претседателот и тој без да сака навлезе во една област на многу чувствителни анализи. Мислам дека нема потреба на тој начин да се отвораат некои разговори, особено за последниот дел од неговата дебата, меѓутоа, нешто што не беше симпатично и толку силен аргумент беше тоа што го кажа. Значи, дискриминаторската политика кон албанската култура, за жал, доколку ова е недостаток, јас нема да го користам зборот дискриминација, но ќе речам неадекватна политика. За жал, тоа е процес кој што е долгорочен и секоја владина гарнитура е пред предизвик да направи нешто повеќе во оваа насока. Меѓутоа, не може да се подржи, господине Славески, тоа што вие сте го претставиле тука кога можело капиталните инвестиции таму да бидат во еден збир и вие потоа во Владата да одлучите како да ги распределите, како што е примерот со други владини програми, од областа на земјоделството и друго. Да не расправате во Парламентот и да ни дадете аргумент на нас како на опозиција, да речеме не може така бидејќи Владата ќе подели толку и толку средства. Меѓутоа, вие сте поднеле листа на инвестиции и од таа листа и тие средства кои што се три пати повеќе за културата што е за поздравување, јас не се согласувам со господинот Трајковски кој рече дека треба помалку пари за културата. Културата можеби треба и повеќе да добие, затоа што на крајот од краиштата тоа е јавниот дел кој што принудно треба да биде подржан од државата, затоа што другите структури тоа не го подржваат лесно. Меѓутоа, да излезеш со листа на објекти, универзитети, со подводен музеј, со цркви што е многу добро и со многу други објекти, споменици, а ништо друго да не се каже со кое би се одразила мултикултурата која ни е уставна обврска и со Програмата за развој на културата го имаме тоа како обврска. Верувам министерот за култура кога го бранел Буџетот или потребата за поголема подршка на културата имал повеќе аргументи. Меѓутоа, во Програмата за култура нема елементи со бројка, туку треба и инвеситциите и се друго да биде во функција на правичното и соодветно застапување и на правилната распределба. Ова беше главниот аргумент. Значи, министерот тоа не можел. И јас сум тука во одбрана на минстерот за култура, ќе ве молам. Тој не може да ја одбрани културата, политиката која што е поднесена со 20 и повеќе капитални објекти со 2,4 милиони кои што се спомнуваат тука. Дајте ни барем толку, ако не, не го ни спомнувајте. Тешко е кога имаш 200 или 300 за себе, а 2,4 даваш за албанската култура и почнувате тука да ја создавате културата. Ајде да биде добро, да речам дека е добро, меѓутоа не ја спомнувајте таа работа, не е коректно. Значи, доколку одлучите да излезете со листа на објекти тогаш ќе беше чесно од ваша страна, почитувани членови на Владата таа листа да ја направите на тој начин да биде претставителна и да го исполни овој елемент, оваа листа. Значи, еве да речеме ќе се дадат повеќе пари од трансферите и тоа не е во ред. Јас барам од вас и имам и амандмани поднесено и знам дека за тие амандмани ќе немате аргумент за да не ги прифатите и очекувам да ги прифатите овие аргументи за да колку толку ја исправите таа грешка што сте ја направиле. Не може во стилот еве, јас ги поднесувам овие амандмани затоа што овие сум ги ветил, затоа што слушам други тоа го кажуваат. И другите ветиле нешто, еве тие се сега Влада и тие ветиле, не е во ред. И ова го велам малку емотивно, меѓутоа, не би сакал да ги кажам овие зборови со овие аргуменит да го нападнам овој дел од културата. Знаеме дека имате проблеми и ние кога бевме имавме проблеми и не направивме многу работи во делот на културата, што требаше да направиме,меѓутоа, за нешто имаме предност во однос на ова. Имено, три пати помалку имавме Буџет и во рамките на тој Буџет сепак направивме некои работи колку што можеше да се направат. Доколку сакате да не критикувате и не критикувавте за таа работа, почитувани пратеници тука присутни на ДПА

тогаш кога имавте време и сега имате право, меѓутоа, тоа не ве ослободува од практичното право или не ве спасува од ова прашање, затоа што е направена една неадекватна распределба. Институтот нека се основа, зошто не, нека биде и во Скопје и во Тетово, каде било, 15 вработувања, како што рече претседателот 15 дипломирани актери. Тоа е многу добра идеа, нека се направи. Ние не успеавме да го направиме тоа можеби поради наши пропусти. Еве, тоа ќе го признам, сме можеле да одиме со 15 вработувања таму или подобро во Тетово или било каде, меѓутоа, сите работи беа искомплицирани и не можевме да ги направиме, но добро е што вие тоа го правите. Велам дека сега добивате средства и од професорите во Тетовскиот универзитет и од други ставки. Ќе ја видиме таа работа, меѓутоа, мислам дека имам право да ја аргументирам таа работа затоа што сега ќе се осврнам на правичната и соодветна застапеност при вработувањето. Велите дека имате три пати повеќе средства за правична и соодветна застапеност за вработување, што е вистина. Во таа ставка во Програмата К-5 има повеќе средства отколку што имало порано. Меѓутоа, има една мала разлика. Земајќи ги предвид овие два амандмани кои вие сега од оваа програма ги имате, во високото образование и во културни активности, претпоставувам за Тетовскиот театар и добро е што го правите тоа, затоа што кога веќе сте рекле дека ќе го направите тоа, треба да се плати, но не е добро што одземате средства од тука, затоа што повеќе средства и повеќе пари во Програмата К-5 не значи принудно и повеќе вработување во идниот рок. Ќе ви кажам зошто. Во минатиот мандат имавме согласност од Владата освен средствата наменети за Програмата К-5 да ги користиме и пензионирањата и отпуштањето од работа во постојните институции и тие места ги пополнувавме со албанци, некаде повеќе, некаде помалку. Тука има место за расправа. Меѓутоа, не беше само ставката на Програмата или Програмата К-5 местото од каде земавме, туку и од другите ослободени места од другите министерства. Според оваа логика, сите вработувања на албанците гледам дека ќе одат од К-5 и секаде каде што ќе се распределат ќе се распределат од оваа Програма. Ќе го прашам министерот за финансии да изјави тука не колку пари, затоа што парите се релативни, меѓутоа, ако вие за стотина плати на професорите, професорот има индекс 1,3, ќе добие повеќе средства и ќе останат помалку средства за администрацијата. Поставувам прашање, ќе беше добро да објасните колкав ќе биде процентот на албанците поголем со овие средства и колку ќе биде бројот поголем на апсолутен и реалтивен начин. Со овие средства процентот на албанците ќе се зголеми за толку и бројот на албанците ќе се зголеми за толку на апсолутен начин. Ова е одговорот околу овие средства, а фактички реално ќе имаат ефект за намената за која се наменети. Така вети и премиерот, рече дека има краткорочни акции, среднорочни акции и долгорочни. Краткорочните се овие сега оваа година, три или четири години се среднорочни рокови. Со тој акционен план и со овие средства добро е на јавноста да и кажете за колку ќе се зголеми бројот на албанците во администрацијата во проценти и колкав ќе биде бројот на оние кои ќе се вработат, а во релација со другите ќе биде како подобрување на процентот, да речеме. Затоа, тој процент за да се разјасни овој број, ќе беше добро да се даде заради јавноста, затоа што тоа е прашање кое на некој начин тука провејува. Што се однесува до другата инфраструктура, ќе речам дека јас би сакал како пратеник, како што веќе реков, за создавање услови бидејќи имате многу средства во екологијата, исто така има и во земјоделството, таа распределба треба да биде поадекватна. Тоа е во интерес на државата да се распредели колку што е можно на пореален начин и гледам дека средствата се зголемени од регионалната единица во Битола, што е добро, меѓутоа, Битола покрива повеќе области, Охрид, Струга и Прилеп и мислам дека средствата и лицата вработени таму - треба да се предвиди тоа да се распредели на поадекватен начин во местото каде што се врши тоа овластување, а што се однесува на екологијата исто така мислам и би дал еден предлог Министерството за животна средина и просторно планирање да направи физибилити студија за да го заобиколи патот од Битола кон Коридорот 8 за да се сочува и заштити езерото и градот Охрид и Струга со една линија од едно село што се вика Косел, кое излегува во Дебарца зад планинскиот дел и многу би помогнало за зачувување на климата, екологијата и биодиверзитетот во Охрид, затоа што Охрид стана многу оптоварена средина со една транзитна линија од Косел што во тој аспект по соодветно би помогнала во транзицијата.

Мислам дека вреди да се направи една физибилити студија која би била во функција на екологијата. Значи, не сакајќи повеќе да ви одговорам, тука ќе завршам. Мислам дека амандманите предложени од моите колеги и моите амандмани, сигурно во некој сегменти ќе можат да ги подобрат некои политики во оваа област и да овозможат реализација на една политика што има своја гаранција и во Уставот.

Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор министерот за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Господинот Положани постави многу прашања на кои што е навистина невозможно да се даде одговор. Инаку, би го одземал времето на пратениците. Ова е нивни дом, ова се нивни дискусии, ние сме тука да одговараме на прашања. Можеби во текот на расправата за амандманите ќе дообјасниме нешто.

Но, овдека би се задржал на само неколку поенти од дискусијата на господинот Положани кој што се малку почуствителни. Повторно за

дообјаснување, без намера да се отвора полемика.

Навистина чувствувам за потребно да одговорам со контра прашања, туку да побарам разбирање, за нашето разбирање на работите. Од аспект еве да го земеме прашањето на средствата што се наменети за проектите во областа на културата.

Навистина се трудиме, односно и лично ми пречи доколку ги делиме проектите и им ставаме дури етнички обележја. Не се почуствува тоа во дискусијата на господинот Положани и јас ќе го замолам за разбирање на мојот став кон работите. Значителни средства, тука сме во право, се одвојуваат за капитални проекти кои што ќе се лоцираат во Скопје. Скопје е престолнина, кулурна на Република Македонија и право да ги користат тие институции како што веќе ги користат културните институции мислам, имаат сите граѓани на Република Македонија без разлика на етничката и верска припадност.

Почитуван господине Положани, делот за надградба на Народна и универзитетска библиотека во Скопје предвидуваме 202.000 илјади евра или 12.400.000 денари.

Се сеќавам на времето на моите студентски денови, пред повеќе од дваесетина години, а и подоцна нели, како истражувач и професор често сум навраќал и сум ги користел просториите на Народна универзитетска библиотека, и верувајте таму можете да видите навистина подеднаква застапеност на сите етнички заедници во Република Македонија. Студентите како студенти, особено во зимскиот период имаат потреба од топли простории. Некој од нив се сиромашни сакат да заштедат на енергија. И, сега отидете, ќе видите многу макеонци, многу албанци, роми и од Србија и од другите етнички заедници и турци кои што ги користат просториите на Народна Универзитетска  библиотека. Ние сакаме да ја прошириме Народната и универзитетска библиотека, да овозможиме повеќе простор за корисниците, повеќе простор за чување на она што претставува културно наследство, затоа што таму по закон одат изданијата, не само на еден од јазиците од Република Македонија, туку од јазиците на сите етнички заедници во Република Македонија.

Понатаму театрите, скопската тврдина Кале, Градската куќа, Концертната сала. Кој може да се осмели нив да им даде некое **3,48** обележје. И оние институции што сега ги имаме во Скопје од областа на културата се подеднакво отворени и ги користат сите етнички заедници. Реставрација на куќата на Мајка Тереза, Верската конференција што ја спомнав. Навистина со искрена намера да се инвестира во нешто што ќе не зближува а не ќе не раздвојува. Оттука, навистина јас би забележал доколку ги делиме овие проекти по некоја друга основа, одошто е она духот на предлогот на Владата на Република Македонија.

И, едно друго прашање во областа на социјалната политика, социјалната заштита, чувствувам потреба накратко нели да дадам одговор. Ставот на една Влада како што е Република Македонија, Владата на Република Македонија во моментот Влада со идеологија, каде што државата сака да и помогне на граѓаните, но да си помогнат себе си и во областа на социјалната политика е следен. Ние обезбедуваме средства за сите преземени обврски според законите на Република Македонија, за социјална заштита, за пензиско-инвалидско осигурување и тн. Само погледнете, јас објаснив и во експозето колку средства се предвидени за да се обезбеди непречена транзиција од пензискиот систем. За да може додека ја правиме реформата, да има доволно средства и во постојниот таканаречен државен пензиски систем, за редовно исплаќање на пензиите и нивно усогласување според она што го предвидува законот.

Мене навистина ми е драго што е споменато прашањето на сиромаштијата, што како истражувач и претходно работејќи на некои проекти, бев национален координатор за изработка на стратегија за намалување на сиромаштијата во годините 2001-2002 година. Од тоа произлезе еден документ, што сеуште може да се користи. Сакам да споменам дека оваа област, навистина, иако од тоа не се нагласува, е предмет на нашиот интерес.

Во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика се предвидени 69 милиони денари, кој што ќе бидат поткрепени со средства од донации, од УНДП, понатаму од Агенцијата за вработување во Република Македонија, кои што се насочени за следново. Директна поддршка за самовработување, за поддршка на семејни бизниси за околу 500 лица годишно, долгорочно невработени лица од неразвиени подрачја во Република Македонија. Од кои 100 се млади невработени лица. Овие активности ќе се реализираат со поддршка на УНДП во износ од 13 милиони денари и поддршка од Агенцијата за вработување во износ од 11 милиони денари.

Понатаму, се планирани 7 милиони денари за субвенционирање на вработување на 100 деца без родители, и вработување на 500 самохрани родители со средства од Агенцијата за вработување, како и вработување на 200 инвалидни лица со средства од посебниот фонд за вработување на инвалидни лица.

Понатаму, другите мерки предвидуваат оперативен план за ангажирање на невработени лица во единиците на локална самоуправа, преку нивно вклучување во јавните работи, поддржано со средства од локалната самоуправа и ангажирање на невработени лица од неразвиените региони, за извршување на градежни работи, чии  трошоци за храна и превоз ќе ги покрие Агенцијата за вработување. Сето спаѓа во групата на таканаречени активни мерки на политиката на работна сила да се помогне акутно она што со право го барате, краткорочни мерки за намалување и на сиромаштијата и на невработеноста. Но, определба е на Владата, со ова ќе завршам дека најсигурен пат во борбата против сиромаштијата е отварањето на нови

работни места, затоа што сите показатели и сите статистики нокажуваат дека еден од најголемите ризици, едно лице или семејство да биде во групата на сиромашни е немањето работа. Значи, она што го презентираме со овој буџет, мерките, особено во областа на даночната политика, микроекономските реформи, подобрувањето на бизнис климата, овозможувањето на подобри услови за домашни и странски инвестиции, подобрувањето на функционирањето на судскиот систем, заштитата на сопственоста, реализацијата и остварувањата на договорите, правната држава, сето тоа е насочено кон отварање на работни места и намалување на сиромаштијата во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

По редослетот на пријавените за реплика три минути има господин Димовски Илија на говорот на пратеникот Азис Положани.

Повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Јас со внимание ја следев дискусијата на колегата Азис Положани, навистина богата дискусија, меѓутоа искрено со жалење можам да констатирам намера за не до крај искажување по однос на одредени политики кои што Владата на Република Македонија ги планира во наредниот период. Очигледен беше моментот дека господинот Азис Положани суштински навлегол во проблематиката на Буџетот и ќе беше многу поприфатливо за слушање ако беа така и прецизно искажани елементите во Буџетот на Република Македонија, посебно во делот за образование. Мене ми остави впечаток, поради тоа што имав впечаток дека господинот Положани добро ја владее таа проблематика, очекував продлабочено и да направи анализата во тој дел и очекував да ги потенцира придобивките кои што ги носи Буџетот за 2007 година. Само за потсетување.

Во Буџетот за 2007 година се предвидени 17% повеќе средства за Министерството за образование, од она што во 2006 година, го имаше Министерството за образование. Во категоријата стоки и услуги имате зголемување за 42 милиони денари. Тука се предвидени средствата за електрична енергија, за затоплување, за транспорт, за поправки, за тековно одржување и така натаму. Значи тука имате 42 милиони.

Во категоријата тековни трансфери, до единиците на локална самоуправа, а поврзано со образованието имате зголемување од 233 милиони денари. Јас верувам дека нема начин како да образложиме дека ова е симболино зголемување на средствата, а тие се наменети за тековно одржување во основното и средното образование, како и за превоз на учениците во основното образование. Значи, овие средства ќе бидат насочени кон локалната самоуправа. Исто така, во категоријата субвенции трансфери имате зголемување од 33 милиони денари, тука се ученичкиот стандард, студентскиот стандард, исплата на стипенции за млади талентирани ученици, стипендии за студенти,исплата на партиципација за студентски домови и така натака и така натака.

И, конечно во категоријата капитални расходи, имате зголемување за 492 милиони денари. Значи, нема пратеник што неможи да биде задоволен од ваквата политика на Владата во однос на инвестициите кои што треба да се направат во образованието, во последната категорија каде што зголемувањето е скоро за 500 милиони денари, предвидени се градежни објекти, набавка на опрема, изградба и реконструкција на основни и средни училишта, конечно тоа што вие го дискутиравте пред неколку седници и изградба на училиштето Зеф Љуш Марку.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Едно појаснување.

Кога јас реков дека не е видно зголемен буџетот во образование, исклучиво придонесот со компјутери. Но, тоа е предмет на една друга анализа за која вие рековте дека не сум навлегол подлабоко во образованието. Јас сум подготвен и подетално да дискутираме, само не гледав потреба сега тука, при разгледувањето на буџетот, да навлегувам во аргументите за ваква или таква политика во образованието, а подготвен сум, веројатно ќе дојде на дневен ред некоја точка и тука ќе ги објасниме работите.

Во однос на трансферите, јас не го оспорив фактот што има повеќе средства, затоа што има и повисоки цени на струја и тн. Но, проблемот во децентрализација го видов во неможност на реализација на втората фаза на децентрализацијата, за што тука нема индиции. Тоа беше забелешката. А тоа за компјутерите, имам став, но во една друга прилика ќе го кажам.

Инаку сумата во инвестиции за образованието, не е преголема. Има тука за зголемување на плати 4% и нешто од трансферот кај студентите. Другото, на некои места е и помало од минатата година.

**Иван Анастасовски:** Благодарам,

Три минути реплика за господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам потпретседателе.

Јас сакам да објаснам неколку прашања, посебно во однос на позицијата К-5 или во однос на вработувањето во Универзитетот во Тетово, со основањето на Театарот и тн.

Вие знаете дека Европската унија, Вашингтон и НАТО се механизми кои често пати повторуваат дека во Македонија треба да се имплементира Охридскиот договор. Нашата, актуелната Влада дефинитивно одлучи да биде јак партнер во имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. Не само да бидеме транспарентни, туку секогаш ќе дава отчет до каде сме стигнале со овој развој. Од општ интерес за Македонија е да се интегрира во ЕУ и НАТО структурите. Токму

буџетскиот пораст во Програмата К-5 која се прави со 50 милиони долари, а вие сте имале 42 милиони денари, е со единствена цел да чекориме во оваа насока и да создадеме можности и слика дека навистина водиме една правилна политика во однос на имплементацијата на Охридскиот договор. Вистина е дека средствата кои се за Театарот во Тетово доаѓаат од Програмата К-5. Вистина е дека вработувањата што се вршат во Универзитетот во Тетово, за персоналот и за професорите ќе се формира како една целина, универзитетска. Во однос на функционалноста на оваа високообразовна институција, се зема од овој раздел од буџетот. Но, ќе се направи поврат на овие средства со ребалансот во 2007 година. Ова е транспарентна политика во однос на тие механизми кон кои треба да одиме и земјата да ја воведеме во Европската унија. Значи освен тоа што ќе имаме 600 или 700 вработувања во сите државни установи и институции и ќе се постигне соодветната застапеност, преку К-5, ќе основаме институции кои во иднина ќе функционираат со идните буџети на Република Македонија, како што е Театарот во Тетово и други, како што е Државниот тетовски универзитет кој непосредно добива буџетски средства. Значи, се работи за една правилна политика и треба да се поддржи од целата јавност, но треба да ја поддржите и вие како опозиција, бидејќи не сте имале правилна политка во однос на правичната застапеност. За тоа треба вие да положите одговор за вашето работење. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една контра реплика за господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Јас се радувам што господинот Матоши е убеден дека потполната реализација на Охридскиот договор ја води Македонија право во европските интеграции. Јас би рекол дека тоа е добро за Македонија, посебно за Албанците.

Второ, што се однесува до средствата, нема лошо во тоа што се распределуваат средства ваму и таму, меѓутоа тоа покажува дека Владата од средствата што ги има предвидено во К-5, ќе ги направи сите вработувања за Албанците затоа што високото образование, професорите не се администрација. Средствата да се пренаменат е решение кое Владата може да го направи, меѓутоа тогаш треба да се каже што со овие средства што останале. Поради тоа прашувам колку колку Албанци ќе се вработат, и во проценти и во апсолутен број, бидејќи со тоа ќе го измериме придонесот на Охридскиот договор, не само со средства, бидејќи средствата понекогаш одат таму каде што не им е местото. Тоа беше мојата забелешка.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за господинот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани пратеници.

Сакам да реплицирам во однос на многу работи што ги изнесе господинот Положани, но ќе се потрудам накратко да направам една селекција. Ќе почнам од тоа што го кажа за Аадам Смит што го парафразираше господинот Положани кога кажа, како прва точка, господин Смит пред многу години рекол дека во државата прво треба да има мир, а после да почне со развојот. Јас тука на господинот Положани би му поставил едно прашање, а тоа е дали тој мирот го гледа само кога вие сте на власт. Значи ако вие не сте на власт, во државата нема мир.

Понатаму, господине Положани, кога кажавте за економскиот мораториум, економски чиста програма. Со ова сакате да алудирате дека ние сме се согласиле само економската програма да ја примениме во четирите години од нашето владеење. Ве убедувам дека фактите кажуваат нешто друго. Вие бевте први кога направивте договор за да влезете во Влада и на прес конференција први рековте дека прашањето на јазикот и другите национални прашања ќе ги оставиме за подоцна. Ние тоа не сме го кажале и не сме го направиле. Со буџетот за првата година од нашето владеење предвидовме изградба на Театарот во Тетово, изградба на библиотеката во Тетово, изградбана Албанолошкиот институт во Скопје, тројни финансиски средства за соодветната застапеност на Албанците.

На вашето прашање колку Албанци ќе се вработат, јас би рекол, колку луѓе од немнозинските заедници ќе се вработат, бидејќи и другите сакаат да се вработат, не само Албанците. Во оваа насока, резултатот ќе го видите многу скоро, бидејќи ние дадовме тројно повеќе средства за овие работи.

Вие велите дека не ги гледате резултатите. Кој ви смета да ги видите, или сте ја изгубиле ориентацијата и во време и во простор.

Прашувате што е капитална инвестиција. Да му кажам на господинот Рафис, капитална инвестиција не може да биде еден канал од Тетово до Брвеница. Каналите не може да се споредуваат со библиотеки. Има големи разлики. Каналот е со блато, а библиотеката е библиотека.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Асиз Положани.

**Азис Положани:** Јас, господине Рамадани имам почит кон сите и сигурно дека тука имам приоритет да ги претставувам интересите на оние кои ме избрале.

Значи, уште еднаш ќе прашам, колку Албанци ќе се вработат оваа година и за колку проценти ќе се зголеми бројот на Албанците во јавната администрација? Тука има претставници и Роми, Бошњаци, Турци и тие можат да го постават тоа прашање. Меѓутоа, конкретно прашање е ова, вие не го дадовте одговорот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеник госпоѓа Селмани Елмазе.

Повелете, три минути реплика на говорот.

**Селмани Елмазе:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани пратеници,

Со внимание ја проследив дискусијата на господинот Положани и никако не можам да разберам како тој го гледа значењето на стручниот театар во Тетово со 15 вработувања. Мислам дека тој, како интелектуалец сигурно знае дека значењето на театарот, стручниот театар во Тетово е многу поголемо од вработување на 15 Албанци. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика господин Положани, повелете.

**Азис Положани:** Значењето на театарот, го знам значењето на театарот. Добро го знам госпоѓо.

**Иван Анастасовски:** Повелете, процедурално, вашите три минути.

**Рафис Алити:** Не е процедурално, го спомна моето име, не беше добро што ме повика по име. Сега јас ќе искористам една минута. Не ми требаат три минути.

Добро е што колегата Агим Рамадани ме повика, да му одговорам. Јас, навистина, во овој Предлог-Буџет не гледам никаква капитална инвестиција. Ова е прво.

Второ, што направи ДУИ во минатото, кажуваат 127 илјади гласови господине Агим. Додека ти треба да видиш колку гласови си добил и во име на тие гласови треба и да говориш. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, но јас не слушнав дека вашето име беше изговорено во преводот на слушалките и ова не е процедурална забелешка.

Продолжуваме со следниот пријавен за збор.

Повелете, процедурално збор бара господинот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Процедурално, според тоа што дискутираше господинот, тоа излегува од точката на дневниот ред. Тој се повикува на Капиталот. Ќе му поставам едноставно прашање, доколку како големо капитално инвестирање го гледа, тоа е грешка.

**Иван Анастасовски:** Збор има пратеникот господин Спасовски Оливер.

**Оливер Спасовски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван господине министре, почитувани пратеници,

Сакам да се вклучам во општата расправа по однос на Буџетот за 2007 година. Да изнесам неколку мои забелешки општо на Буџетот. Инаку, после ќе расправаме подетално, во текот на амандманската расправа.

Имајќи предвид дека буџетскиот процес има пет главни карактеристики, и тоа целната ориентираност што значи позиционирање на буџетирањето како интегрална компонента на економската политика, тука мора да бидат инкорпорирани целите и визиите изразени во националната економска стратегија. Мора тоа да произлезе од рамките на планирањето на развојот, со кој што се гарантира имплементација на целата економска политика, на краток и на среден рок.

Второто е планирање на Буџетот, што е многу важно, и улогите и одговорностите на извршната власт и другите носители на буџетирањето, тие треба да бидат јасно детерминирани и во однос на улогите и во однос на одговорностите помеѓу извршната власт и законодавната, или помеѓу бизнис секторот и релевантните министерства.

Исто така, сите овие аспекти на буџетирањето, еден од главните принципи треба да биде транспарентноста за донесувањето на одлуките и јавноста и сите учесници во овој процес на буџетирање, министерствата, комисиите од Парламентот, ревизорските куќи, невладиниот сектор, медиумите, воопшто општеството го остваруваат своето влијание во согласност со планирањата и потполното разбирање на сите аспекти на буџетирањето и принципите на едно демократско владеење.

Транспарентноста во овој процес, се разбира е двојна. Прво, како достапност на информациите за Буџетот и неговото извршување и второ, како отворен политички ориентиран процес на донесувањето на одлуките. Парламентот има улога да остварува и контрола врз Буџетот на државата, што е еден од најзначајните инструменти, да овозможи повеќепартиска дебата во неговата изработка и донесување и транспарентност, јавност во неговото трошење. Што впрочем укажува на тоа, на позитивното отворање на една ваква дебата во Парламентот, со тоа што најодговорните во целата оваа работа и за развојот на Република Македонија, покрај премиерот, секако дека е и министерот за финансии, заради тоа што раководи со ова, дури можеби и поголемо значење, раководи со ова сензибилно министерство.

Вклучувањето на Парламентот во планирањето на Буџетот нуди голем број на предности и претставува афирмација на принципите на либералната демократија преку промовирањето на идеите во јавноста, давањето на легитимност на владините програми, одобрување за одредени набавки и инвестиции и т.н.

Процесот за донесување на одлуки во Парламентот нуди можност за компарација и спротивставување на ставови на опозицијата и позицијата. Ја елиминира можноста за донесување одлуки во мали групи на претставниците на власта. Таквиот начин на донесување на одлуки влијае и на имплементација на долгорочното планирање на ресурсите на државата. На овој начин се остварува подобра врска помеѓу владината политика и стратегијата за развој.

Парламентарната контрола врз владините програми и фискалната одговорност се од клучно значење за една национална економија и различна е отчетноста во различни земји во светот, во однос на трошење на буџетските средства. Сепак, за земјите што претендираат да членуваат во Европската унија, тие настојуваат да

достигнат повисоко ниво на транспарентност и отчетност, поради нивна важност за правилно функционирање на јавниот сектор.

Ако го погледнеме предложениот Буџет за 2007 година, ако се направи негова анализа, може да се констатира дека Предлог-Буџетот на Владата конечно ги откри конкретните чекори, односно понуди корисни информации на најавената економска политика на Владата на Груевски.

Имено, буџетските приходи и расходи се релевантни како основа на економски анализи на економската политика на Владата по однос на нивното краткорочно и долгорочно влијание врз нивото на стопанскиот растеж на една национална економија. Нема сомнение дека улогата на државата во економскиот живот е значајна пред се заради обезбедување на ефикасна алокација на капиталот, на работната сила, средствата за работа, се разбира како поддршка на пазарниот механизам.

Пазарните стопанства денеска можат да се оценат како успешни, само како конзистентен спој на приватниот сектор, што ја следи логиката на претприемачкиот интерес за побрзо и повисоко оплодување на капиталот, а јавниот сектор се грижи за задоволување на јавниот интерес преку обезбедување на јавни добра и услуги, вложување во стратегиски сектори на стопанството или инвестиции во гранки, за што е потребна поголема централизација на капиталот.

Таквата улога на Владата во обликувањето на стопанскиот амбиент, организирањето и поддршката на економските активности е нашироко афирмирана и во најразвиените пазарни економии. Сепак, сметам дека не можеме да дадеме позитивна оценка дека понудениот Буџет значи доволна или ефикасна интервенција во националната економија.

Преку анализата на Буџетот може да се констатира дека како резултат на немање изградена политика и економска стратегија Владата предлага мерки на интервенција во зависност од дневно политичките проблеми и интереси. Дел од таквите интервенции, за мене тоа кажано во наводници, можеме да ги констатираме и во предложениот Буџет на Владата.

Така, се плашам дека Владата влегува во нови грешки. Односно, одлучува ад хок, во зависност од интензитетот на притисоците што ги трпи или маркетингот што сака да го постигне кај граѓаните на Република Македонија.

Критиките се насочени кон неинвентивноста на државниот апарат, чиј механизам на одлучување не може да ги следи и да реагира на секојдневните пазарни сигнали и промени. Се чини дека Владата нема доволно храброст да преземе порешителни чекори во областа на економијата. Владата треба да има изработено и усвоено стратегија за економски развој, особено во делот на јавните приходи и расходи, преку кои се операционализира делот од државната интервенција во економскиот развој, што јасно детерминира приоритети и инструменти за нивна реализација.

Понудениот Предлог-Буџет не нуди експлицитни показатели за јавно детерминираните приоритети. Економската политика на државата треба да се базира на објективните потреби и можности на земјата, а не да биде резултат на политичката рамнотежа и консталација на силите во државата.

Сепак, има работи што можат да се истакнат како позитивни, особено во делот на јавните приходи и даночната политика, каде се идентификува примена на најдобрите практики од земјите кои направиле сериозен исчекор кон развиениот свет. Ваквите активности би ги поздравил. Сепак, ограниченоста на ресурсите во Националната економија, особено на намалените буџети со кои се финансира јавниот сектор, ја наметнуваат потребата од изнаоѓање на соодветни системи на менаџмент за јавниот сектор, поефикасна и порационална употреба на средствата и државниот капитал, на економиката на трошоците во јавниот сектор и намалувањето на ризикот од кумулирање на загуби и намалување на јавното богатство.

Претпоставувам дека целта на Владата е да се засили економскиот развој за да се добие полна вработеност, да се избегне инфлацијата и да се зголеми производството. Имено, би потсетил дека основни економски функции што Владата треба да ги извршува од економијата се: уредување на законската рамка за функционирање на пазарната економија, влијание на алокација на ресурсите, како би се подобрила стопанската активност, воведување на програми како би се подобрила распределбата на доходот и стабилизирање на стопанството по пат на макроекономската политика.

Од друга страна,и во економската теорија експлицитно се истакнува дека најефикасни инвестиции се оние во образованието. Инвестициите во едукацијата се оние што ја создаваат основата за просперитет на една национална економија. Сепак, и покрај износот понуден во Буџетот за таа намена, што не се разликува многу од минатата година, или не е значително зголемен, се наметнува прашањето за приоритетите. Дали е тоа градежното санирање и уредување на училиштата , нивна компјутеризација или пак обука на наставниот кадар кој користи застарени техники на едукација? Сметам дека акцентот треба да се стави на обука на наставниот кадар и иновација на наставниот процес и тоа на сите нивоа, како и на обезбедување на нормални услови за работа во образованието, а во следната етапа да биде компјутеризацијата и обука на учениците за информатичка технологија.

Следната забелешка на Буџетот доаѓа од подетална анализа на Буџетот, што покажува дека дел од министерствата функционираат само за преживување, односно добиваат средства само за покривање на платите. Дури и процентуалната анализа на апсолутните износи

на платите и надоместоци од плати, во вкупниот износ на буџетите на одредени агенции и министерства покажува дека немаат доволно средства за редовна дејност, а речиси и не размислуваат за капитални инвестиции и буџетирање. Можеме да констатираме дека некои од нив апсолутно не можат да гарантираат исполнување на своите функции за граѓаните на државата. Тоа е пред се од областа на безбедноста, заради тоа што Министерството за внатрешни работи е, речиси, 70% од Буџетот за плати.

Интервенцијата на државата не треба да се ограничи само на амбиентот во кој што функционираат пазарните субјекти, туку мора да се насочи и во однос на финансирањето на капиталните инвестиции, регулирање или создавање на позитивни сигнали. Навистина, не можам да разберам дали динамизирање на стопанскиот развој може да се прави со изградба на стар театар или градска куќа. Нема сомнение дека градежништвото е пропулзивна стопанска гранка, но сепак постојат многу поефикасни градежни инвестиции што би генерирале многу подинамичен економски развој, како што се модерни патишта. На пример, патот Велес-Струмица со што би се интезивирал економскиот ангажман на целиот регион, искористување на недоволно вработените фактори на производството или финансирање на електроенергетските капацитети, како и финансирање и уредување на позитивните екстреналии што генерираат забрзан стопански развој.

Токму заради тоа сметам дека Владата стана заложник на своите предизборни ветувања за изградба на објекти, со што би се вратил сјајот, да речеме на Скопје, што е навистина апсурд доколку се анализира изгледот на градовите од источниот дел на земјата, во кои што е очигледно отсуството на таквите интервенции.

Што очекував од Буџетот за 2007 година?

Пред се, сериозен пакет на активности како што се:

1.Поддршка на конкурентната индустрија, не на монополите.

2.Поддршка на конкурентните мали претпријатија.

3.Поконкретна поддршка на отворањето на економијата, односно на индустријата што произведува за извоз.

4.Поддршка на секторот на услуги насочен кон извозот:транспорт, туризам, финансиски услуги и слично.

5.Креирање на механизми за штедење.

6.Кредити и еднаквост на инвестициите.

7.Поконкретно охрабрување на странските инвестиции но и нивно изедначување со домашните инвестиции.

8.Ефикасен доверлив транспорт и комуникација.

9.Инвестиции во образованието.

Никако не очекував да не вложиме повеќе средства токму за она што е нашата цел, а тоа се европските и НАТО апсирации на Република Македонија, посебно во делот на одбранбениот систем, за што говореа неколку мои колеги. Доколку овој Буџет не овозможи поддршка на таков пакет на активности, навистина мислам дека ќе се соочиме повторно со една изгубена година, а такви години имавме навистина многу, па не би посакал и оваа да биде уште една изгубена година за Република Македонија и за просперитетот на нејзините граѓаните.

Подетално ќе се задржам, реков, во текот на амандманската расправа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник, госпоѓа Секуловска Мирјана.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Редно е да слушнеме и да ги извлечеме позитивните карактеристики на буџетската проекција за 2007 година на Владата на Република Македонија.Имено,ако сакаме да кажеме за Буџетот на Владата на Република Македонија за 2007 година, мислам дека беше доволно експозето на почитуваниот министер за финансии, доктор Трајко Славески, од кое што експозе можевме да констатираме и ги извлечеме сите амбиции и заложби на Владата на Република Македонија за 2007 година и дека се во склоп со програмските цели и определби на Програмата на Владата на Република Македонија.

Во однос на говорот на претходниот соговорник Оливер Спасовски кој кажа дека Буџетот не претставува, не е темелен и не е издржан, не е студиозен, јас ќе му кажам напротив, обратно, Буџетот за 2007 година е многу темелен, студиозен, тоа е како резултат на тоа што главен креатор и потписник и предлагач на Буџетот е министерот кој, кога ги биравме министрите, ги добивавме нивните ЦВ-а, па не можам да сфатам ако еден господин министер кој има заокружена професионална кариера, углед и авторитет во својата професија дека истиот не може да биде стручен, професионален, издржан и студиозен.

Значи, станува збор за многу сериозна личност која многу темелно приоѓа на решавањето на сопствените задачи како министер.

Понатаму, од експозето можевме да констатираме и да ги согледаме приоритетите на оваа Влада, пред се, здравството, образованието, земјоделството и другите сфери, приоритетите се согледуваат во намерите односно во видното зголемување на средствата на буџетите на соодветните буџетски корисници.

Не би сакала да се повторувам со претходните колеги кои се задржаа на реформите во даночната политика што ја спроведе оваа Влада која е за поздравување, само би сакала уште еднаш да ги потенцирам позитивните ефекти на воведувањето на рамниот данок, а како што

кажавме, слушнавме до сега, рамниот данок овозможува иницирање на приватниот сектор, понатаму овозможува стимулирање на вработеноста односно намалување на невработеноста и што е многу значајно придонесува за привлекување на странските инвестиции.

Од експозето слушнавме дека станува збор за изменете расходна структура на Буџетот за 2007 година, што може да се види и од предложените буџети на поодделни буџетски корисници кои се воедно носители на реформските активности.

Не би се задржувала многу на Буџетот на Министерството за одбрана каде се издвоени значителни средства за набавка на опрема, согласно стандардите на НАТО и други активности кои се во склоп и намера на Владата за интегрирање во Европската унија и НАТО на нашата земја.

Интересно е да спомнеме дека имаме видно зголемување на буџетски средства во Министерството за економија кои се насочени за промовирање на македонските брендови, што е доста значајно да се спомне.

Јас сум од сферата на образованието, од исклучително значење е да се каже дека Буџетот на Министерството за образование и наука е доста зголемен во однос на претходната година, имено од вкупниот Буџет на Република Македонија 12,9% се однесува на Буџетот на Министерството за образование и наука, додека годинашниот Буџет проектиран за 2007 година во образование и наука е зголемен во однос на Буџетот за минатата година за 17,33%. Од претходните говорници не гледам причина зошто велат дека не е некое значително зголемување, напротив, во однос на претходната година сметам дека ова зголемување е значително и дека оваа Владата има чувство за тоа што значи образование, моќта на развојот на една земја лежи во перманентно обезбедување на солидни средства за квалитетна едукација на нашите млади луѓе.

Реплицираше пратеникот Илија Димовски и спомна некои расходни категории во Буџетот на Министерството за образование и наука, па не би сакала да се повторувам, само би кажала дека она што кажа господинот Положани се нема желба за трансфер до единиците на локалната самоуправа, барем така го разбрав, јас би му кажала дека во однос на претходната година имаме зголемување за 20% тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа односно дека тој зголемен износ во однос на претходната година изнесува 233 милиони денари кои средства се однесуваат Програмата А односно децентрализација и истите се наменети за тековно одржување во основното и средното образование како и за превоз во основното образование.

Многу интересен момент е расходната категорија капитални расходи во образованието и не е во ред ако не спомнеме дека капиталните расходи се зголемени за 120% во однос на претходната година. Тие средства се наменети за градежни објекти, за набавка на опрема, за изградба и реконструкција на училиштата како и за воведување на информациони технологии, телекомуникации во образовниот систем и никој не вели дека во Буџетот не стои дека за прв пат започнуваме со процесот на компјутеризација. Напротив, за поздравување е вредноста од 500 милиони денари која се издвојува на име компјутеризација во основното образование и со тоа се покажува дека едноставно продолжува процесот на компјутеризација кој треба да биде континуиран и проследен со измените што ги нуди оваа технологија.

За мене исто така е многу интересно што се случува во Министерството за здравство. Имено, таму се чувствува зголемување на средствата во однос на Буџетот од претходната година. Имено, Буџетот на Министерството за здравство вклучувајќи ги приходите од сопствените сметки планиран е во износ од 1.223 милиони денари во рамките на кои буџетските расходи се планирани во износ од 756 милиони денари, што претставува зголемување од 70 до 80% во однос на минатата година.

Предложеното зголемување воглавно се должи на обезбедување дополнителни средства во износ од 270 милиони денари за потребите на здравствените програми и трансферот во Фондот за здравство по основ на партиципација на осигурените лица. Овие зголемувања се однесуваат на зголемените потреби за реализација на активностите предвидени во здравствените програми во примарната и куративната здравствена заштита, Програма 5 и 6 кои се однесуваат на зголемени потреби за систематски прегледи на ученици и студенти, превентивна здравствена заштита, заштита на мајки и деца, унапредување на крводарителството и особено за лекување на болни кои не се осигурени по ниеден основ.

Овде би сакала да ја потенцирам разликата во однос на претходниот Буџет. Со овој Буџет практично за реализирање на овие здравствени проекти се влечат средства, веќе се предвидени средства во Буџетот на Министерството за здравство, што не беше случај во минатата година односно во претходните години за реализирање на вакви здравствени проекти се влечат средства од Фондот за здравствено осигурување. Тука е фундаменталната разлика во Буџетот за оваа година. Значи, обезбедени се за реализирање на овие програми средства во самиот Буџет во Министерството за здравство, а не се намалува Буџетот на Фондот за здравствено осигурување.

Ако продолжиме со анализа по другите ресори односно сфери ќе забележиме дека се издвојуваат значителни средства за развој на земјоделството, што е во склоп со земјоделската политика на оваа Влада.

Исто така во Министерството за култура има значителни средства, се води грижа за културното наследство на земјата и секако одвоени се средства во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика, посебно во делот на она што значи невработеност и регулирање на статусот односно инвестирање во проекти кои ќе водат сметка за невработените со различен статус.

На крај би кажала дека овој Буџет за 2007 година е навистина амбициозен, каква што е и Владата, меѓутоа, не станува збор само за чиста амбиција, туку сметам и сигурна сум дека овој Буџет е заснован на реални претпостапки за негова реализација.

Оттука јас лично и пратеничката група на НСДП ќе гласа за Буџетот 2007 година на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникоте господинот Неждет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван министре, колеги пратеници.

Како и секогаш се обидувам на некои такви теми да го најдам местото на ромската заедница, па ќе се обидам да го привлечам вашето внимание почитуван министре и во очекување на еден одговор што сметам дека ќе имате обврска на мојот интерес заради тоа што мојата целна група - ромската заедница е заинтересирана за ова што ќе го говорам сега, па очекувам ваш одговор.

Веќе петта година како дискутирам кога доаѓа точката за Буџет, говорам доколку нема економски можности за рамноправност, финансиски можности за рамноправност на заедниците тешко доаѓа до политичка рамноправност и до економска рамноправност. На таа релација повторно сметам особено оваа Влада како и досегашните влади навистина треба да го наострат својот слух за незавидната состојба на ромската заедница и да се гледа од аспект на грижа. Моите зборови треба да се претворат во една грижа во Владата за помош на ромската заедница во Република Македонија оти токму тука во овој Буџет доколку навистина не им даваме шанса на Ромите, не ги охрабруваме дека овој Буџет е надежен за ромската заедница и нуди економска рамноправност, а со тоа ќе се постигне и политичка рамноправност, сметам во тој случај дека ромската заедница ќе биде охрабрена.

Да почнам со областа на културата. Петта година повторно спомнувам дека со ранлива ситуација ја следам состојбата на издавачката дејност на ромската заедница. Можеме да се срамиме од тоа во Македонија, можеме да се срамиме од она што имаме како издавачка дејност на ромската заедница. Премногу е срамно да се споредат можностите во образованието или воопшто во литературата, мислам на ромската дека се дава некоја отворена можност за афирмирање на издавачката дејност и кај ромската заедница.

Сакам навистина да ве убедам дека постојат ромски интелектуалци, многумина пишуваат, но нивните трудови остануваат во нивните библиотеки со надеж дека ќе најдат некој донатор. Фала на Господ што постојат донатори и што имаме некола литература во однос на издавачката дејност токму со помош на донаторите. Не велам дека се е црно, дека има одредена инфузија во однос на помошта на издавачката дејност на ромската литература, но како и во другите области исто и во областа на Буџетот на Република Македонија со невнимание се следи ромскиот развој, а сето тоа не доведува до оваа ситуација, до оваа состојба, до овој успорен развој на ромската заедница, а пред се сите се среќаваме со нивната сиромаштија.

Особено ранлив момент, петта година споменувам, е драмската дејност. Со гордост ги следевме театарските претстави на Театарот “Пралипе” и на Фолклорното друштво “Пралипе”. Со години во минатото тие два ансамбли има први награди на било кој меѓународен фестивал, тоа беше гордост на Република Македонија. Сметам дека денеска е срамна положбата што ниту фолклорот, ниту театарот, театарот е надвор од границите на Република Македонија, додека фолклорот остана во мизерна незавидна положба не само да жали ромскиот народ како израз на неговиот фолклорен идентитет, како израз на неговиот богат фолклор, сепак сметам дека е тоа гордост на Република Македонија со богатата култура на заедниците. Сметам дека Буџетот на Република Македонија со огромно невнимание, со огромна негрижа го следи развојот на ромската култура во својата област.

Што се однесува до областа на труд и социјална политика, почитуван министре, јас навистина не знам како ќе ги следиме меѓународните сигнали кога во било кој документ меѓународната заедница дава сериозна грижа за положбата на Ромите во Република Македонија. Јас очекувам да ме охрабрите мене и гледачите што го следат овој пренос како доаѓа до тој степен да кажеме дека Република Македонија оваа година за 2007 година одредува 4.203 илјади денари со тоа што од донации ни пристигнуваат 5.226 илјада денари. За разлика од 2006 година министре каде имавме 21 милион, тоа е некаде околу 60% помалку од годината која е во вашиот Буџет. Тоа вкупно е 9.429 илјади денари определени за поддршка на развојот на Ромите. За разлика од 2006 година каде имавме 22.600 илјади денари. Ова за мене претставува голема грижа за надежта на Ромите токму со нашата официјална кампања дека на ромската заедница и даваме сериозна рака, ги охрабруваме, им даваме шанса за успешно образование. Сметам дека овој дефицит во однос на 2007 година ќе ја направи уште поранлива целната група на ромската заедница и во тој случај ќе имаме и те како актуелната ситуација во невладиниот сектор, во целниот сектор на ромската заедница кои се загрижени со таа Декада односно поддршка за развој на Ромите.

На Комисијата за труд и социјална политика во ваше присуство еден охрабрувачки момент даде изјавата на министерот дека ќе се потруди до овој момент да биде идентичен на 2006 година приходот од 22.600 илјади денари. Јас очекувам тоа да го потврдите, а и министерот даде таква надежна изјава.

Во областа на образованието, материја која е загрижувачка. Ги гледам почитуваните колеги пратеници како инвестираат желба во подобрување на срединините каде се образуваат децата. Мислам дека би било одвишно да говорам токму за тие средини каде се образуваат децата какви се условите за образование.

Еден конкретен пример е општината Шуто Оризари. Таму имаме две основни училишта каде капацитетот е повеќе од 1200 деца и тоа дефакто не ги задоволува потребите на тоа население, бидејќи едното школо веќе 90% за десетина години постана училиште на албанската заедница, на албанските деца и се вакумира училиштето "Браќа Рамиз" со повеќе од 1200 деца каде не задоволуваат ниту три смени.

Охрабрувачка беше вчерашната изјава на премиерот Груевски дека во неговата програма е изградбата на средното училиште во Шуто Оризари.

Јас навистина би сакал да се уверам во идејата на премиерот Груевски, но секако и вашата грижа дека од Буџетот кој е определен ќе се даде за реконструкција на училиштата. Уверен сум дека нема да ги заборавите ромските деца во основното училиште "Браќа Рамиз и Хамид" и "26 Јули", со тоа што ќе создадете посоодветни услови за образованието.

Во тој контекс почитуван министре, сакам да го одвлечам вашето внимание и сакам да го слушнам вашиот глас во однос на неколкуте мои забелешки.

Ви благодарам на вашето внимание.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам, според редоследот си давам збор на самиот себе.

Се извинувам, за реплика се јави господинот Шабан Салиу, повелете три минути.

**Шабан Салиу:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас во оваа реплика би сакал да дадам одредени аргументи на претходниот дискутант дека не е точно со декадата на ромите од Министерството за труд и социјална политика, биле издвоени околу 200.000 денари. Тоа било само на хартија. Напротив, практично биле потрошени само неколку илјади евра, две до три илјади евра , што значи претходниот партиципант од ромската партија во Владата, не водел сметка дека иако им биле одобрени 200.000 евра, дали се искористени тие средства, односно воопшто не биле искористени. Затоа доаѓа до ова. Како резултат на неискористувањето на средствата кои биле доделени од Министерството за труд и социјална политика, се добива оваа бројка од четири милиони и двеста денари, меѓутоа, тоа е само она што партиципира Министерството за финансии. Имаме исто така, партиципација од Министерството за образование и други министерства за средства во декадата, кои претставуваат еден почетен импулс за добивање на поддршка од странските инвестиции.

Потоа, јас би кажал дека во поглед на вработувањето, што е најбитно за оваа Влада, во која и мојата партија Сојуз на Ромите партиципира, издвојува околу 135.000.000 денари, за разлика од претходната Влада која имаше издвоено некаде околу 35.000.000 денари, за вработувањето.

Значи, согласно Рамковниот договор и декадата на Ромите, одреден дел од овие средства ќе бидат дадени за вработување на граѓаните од ромската заедница, од која очекувам мојата Влада, во која и јас партиципирам, односно Сојузот на Ромите, поголем број од лицата кои ќе бидат вработени преку овие средства да бидат граѓаните од Ромската заедница. Потоа, и јас сум среќен да кажам за средното училиште, за што синоќа и премиерот нагласи дека ќе се гради и во разговорите со министерот господинот Трајко Славески и министерот за образование господинот Сулејман Рушити, без никаква дискусија, односно многу едноставно се согласија да се гради едно такво училиште. Повторно е заслуга на оваа нова Влада со овие средства кои се одвоени во Буџетот за изградба на други училишта и секако, заслуга за мене. Претходниот дискутант, претходните пет години, како што кажа, не можеше ништо да направи и не гласаа Ромите како на претходните избори и затоа требаше од таа Влада да се отргне и да работи за оваа Влада. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика господинот Неждет Мустафа.

**Неждет Мустафа:** Веќе стана навика на почитуваниот пратеник Шабан Салиу по мојот говор да стане и на било кој начин да најде некој аргумент за да реплицира. Ме утешува неговата реакција. Јас се надевам дека следниот пат ќе излезе со аргументи, а не да парафразира во својот говор, туку да изнерсува аргументи во однос на дадените информации.

Во однос на тоа дали гласале или не гласале, тој знае дека во Шутка изгуби и дека тоа место што го доби го доби по заслуга на неговата коалиција. И сега да не мешаме жаби и баби, би било многу попаметно да ги изнесува аргументите од говорницата а не да парафразира.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам. Господине Шабан Салиу повелете имате три минути.

**Шабан Салиу:** Мислам дека од таа говорница, потпретседателот не смее да дозволи изнесување на невистини, бидејќи има званични резултати од Комисијата за попис, дека во мојата изборна единица имав апсолутна победа. И тоа огромна победа. Затоа претходниот дискутант побегна од изборната единица 2, побегна во изборната единица 3, од страв за загубата. Ве

молам, наредниот пат да не се изнесуваат лаги, клевети и невистини.

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам, меѓутоа, ова не е процедурална забелешка. Јас го немам извештајот од парламентарните избори пред мене, за да знам дали господинот Неждет . . .

По редоследот имам збор јас.

Почитувани колеги, господине министре,

Ќе се обидам во ова време кое е преостанато до крајот на работниот ден да ги искажам моите видувања по однос на Буџетот, како што некои милуваат да кажат економскиот устав.

Мене ми е мило што денеска и утре ќе имаме плодна расправа, каде што пратениците ќе можат да ги дадат своите видувања, сугестии во однос на Буџетот за 2007 година и да ја покажат својата мобилност и мотивираност да имаат придонес токму во донесувањето на овој важен документ.

Мене овој ми е петти Буџет што имам шанса да го разгледувам во Собранието на Република Македонија. Секогаш сум бил за. Тоа и сега продолжува кај мене, бидејќи сум гласал буџети каде што генерално во областа на образованието средствата биле намалувани, меѓутоа, сум давал позитивна оценка за таквите буџети.

Во тој случај, гледајќи го ова што е пред нас денеска, посебно во делот на образованието можам сосема оправдано да речам дека тука Владата на Република Македонија прави голем чекор напред. Да бидам искрен, кога гледам еден ваков голем документ, прво што сакам да видам е каков е односот на Владата према институцијата каде што работам и каде што сме сите ние. Потоа, го гледам вториот дел, сегментот од каде што доаѓам, а тоа е образованието. Врз основа на тоа го градам и своето мислење по однос на Буџетот.

Мило ми е што и во институцијата каде што работам видливо се зголемени средствата, меѓутоа, сепак, од поголема група пратеници имаме доставено амандман со кој сакаме да укажеме на одредени сегменти во Собранието дека треба сериозно да се подобри работата, а јас верувам дека Владата во однос на тоа ќе има сенс и ќе има разбирање за овие наши барања како пратеници. Затоа, не би сакал за тој дел да говорам. Знаете, секој сегмент бара повеќе. Пари никогаш доста. И ако тргнеме од Министерство до Министерство, од институција до институција, нормално, можеме да говориме три-четири дена и за секое од министерствата да кажеме пооделни работи дека некаде нешто им фали, дека некаде нешто им е потребно.

Јас сакам да се концентрирам токму на областа за која што ви реков, а тоа е образованието каде што Владата прави огромен чекор напред.

Познавајќи дека беа донесени серија на закони, поврзани со децентрализацијата на образованието и нивното комплетно трансферирање до локалните заедници, со тоа, нормално дека Владата е обврзана и каде што се обврзува Буџетот да повлече повеќе средства со кои ќе се заврши успешно процесот на децентрализација. Нормално, тоа повлекува одредени финансиски средства.

Мене ми е мило што секој сегмент пооделно во образованието, почнувајќи од основното, средното, високото, ученичкиот и студентскиот стандард, науката, видни се одредени промени за разлика од Буџетот за 2006 година.

Затоа, мислам дека по принцип образованието е едно од најголемите потрошувачи. Тој е најголем сектор и најголем сегмент, кој повлекува огромни финансиски импликации, посебно во делот на платите на наставниците, професорите, универзитетските професори и сето друго што е потребно во целата таа екипираност на образованието во Република Македонија. Знам дека и она што значи изнесување на амандмани од страна на голем дел колеги пратеници дека во секое населено место, во секое село е потребно да се доизгради, или да се дореконструира одредена училишна зграда. Што верувам дека е некој сериозен товар на Буџетот на Република Македонија. Не може секаде да се направи одредена интервенција квлаитетна, со што реално таму во некое населено место би се подобриле условите. Јас затоа имам амандман во делот на високото образование за кој ќе говорам кога ќе дојде времето за амандманите и терминот за тој амандман. Само сакам да кажам дека апсолутно ви давам поддршка за она што го правите во делот на образованието. Сите дискутанти претходно јасно кажаа дека навистина, една држава треба да инвестира во едукацијата во образованието, со што тоа се забележува и во овој Буџет.

Мило ми е што и средствата во Бирото за развој на образованието се зголемени, со што ќе можеме искрено, за што јас постојано сугерирав од оваа говорница да направиме наставни планови и програми кои ќе бидат навистина модерни и европски и ќе им даваат одредени квалитетни знаења на нашите основци, на фундаментот на основното образование.

Затоа, почитуван министер, колеги пратеници, претходниот говорник од мојата политичка партија јасно укажа дека ние како политичка партија даваме поддршка на овој Буџет и поддршка на оваа Влада. Генерално, чесно и искрено, мислам дека со ова темпо, посебно во делот на образованието правите вистинска работа. Знам дека секогаш ќе бараме повеќе. Меѓутоа, одлуката на Владата да направи промени во Уставот, во делот на задолжително средно и во делот на приватно основно образование, за што мислам дека е сосема исправно, ќе овозможиме во основното образование да дојде нов капитал од приватни лица кои навистина ќе имаат интерес да направат приватни основни училишта.

Можеби некој ќе постави дилема дека ќе се јави одредена социјална разлика меѓу учениците. Меѓутоа, тоа е неминовно и за нас и за нашиот систем и за комплетна сериозна реформа во делот на образованието.

Јас сум убеден дека таквиот чекор ќе придонесе да имаме инвестиции надвор од она што значи обврска од Буџетот во образованието. Со самото тоа ќе се подобрат и услугите, образовните услуги во делот на основното образование. Верувам дека во таа идеа ќе се издржи до крај и ќе ја истуркаме сите заедно.

Затоа, сакам да апелирам до Владата секогаш да бара одредени алтернативни извори и донации со кои ќе може да интервенира во она што значи потреби кои ги доставуваат секојдневно, посебно колегите пратеници од своите места од каде што доаѓаат, каде што имаат притисок од луѓето да се подобрат услугите, односно функцијата на образованието, зградите и ред други работи. Зато ќе апелирам до вас, сериозно да се работи на тој проблем преку одредени донации од нашите партнери да успееме и тој дел некако да го заокружиме.

Значи, јас сакам уште еднаш да повторам дека пратеничката група на Новата СДСМ дава поддршка на овој Буџет, ќе гласаме за и верувам дека токму во овој сегмент за кој земав збор да ги кажам своите видувања. Искрено Владата ќе продолжи да го направи нашиот образовен систем функционален и модерен. Благодарам.

Следен за збор е пратеникот Сафет Незири.

Пред да ви дадам збор, сакам да ве прашам: Дали во времето кое е преостанато за работа, вие можете да се вклопите. Претпоставувам дека не можете.

**Сафет Незири:** Не може.

**Иван Анастасовски:** Тогаш почитувани пратеници продолжуваме утре. Утре имаме нова седница во 11,00 часот, таа ќе биде 24-та седница. По завршувањето на 24-тата седница продолжуваме со расправа за Буџетот за 2007 година. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)